XXX: Тогаш мислим дека толку касно се вклучиле, мислим дека се сеќавам на првите состаноци во општина во Гевгелија дека... ние таму направивме и еден... во нивната ен-џи-о рум направивме состаноци со локални ен-џи-о-а и тогаш ни кажаа дека они за кризата гледаат од вести. Значи они врска немаа што се случува во Винојуг, после тоа шо има... Како?

К.Г.: А им е дома.

XXX: А им е дома. И тоа беше најбитен показател дека не ни е вклучена ни локална самоуправа и дека и невладини организации и организации кои работат доле сѐ доаѓаат од Скопје.

К.Г.: Кога се почна соработката со локална самоуправа имаше некаков протокол? Дали тоа одеше преку ЗЕЛС или директно институцијата кон општината?

XXX: XXX немаше. XXX немаше никаков директен... јас не се сеќавам на никаков директен договор со општината Гевгелија или Куманово. Како и што беше вклучени... знаеш дека не се сеќавам. ЗЕЛС... мислим дека ЗЕЛС не беше дел од ова... ЗЕЛС е дел од ова тело на влада шо е за криза?

К.Г.: Мислам дека не.

XXX: Дека не е.

К.Г.: Не, јас мислам дека не е.

XXX: Па не, мислим дека не.

К.Г.: Ќе го испитам јас секако.

XXX: Да. Испитај пошто мислим дека ЗЕЛС исто не беше. Мислим дека можда на општинско ниво, општински XXX на ниво на општина беше вклучен и некако можда преку тој механизам беше вклучена општинската перспектива ај да кажем.

К.Г.: Како течеше соработката со меѓународните хуманитарни организации за време на кризата?

XXX: Катастрофално. Затоа што...

К.Г.: Тоа е следното прашање, дали постоеја потешкотии при комуникација и обавување на протоколите со меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Апсолутно. Значи XXX се поставил како да е во... како да е... како да ги наречем, нон стејтс, значи како да е во земји каде нема држава и каде XXX ги активира тие свои имрџнси протоколи и се понаша као држава. И токму тоа се случува со бегалската криза и поради тоа што институциите многу бавно, многу бавно, многу бавно се вклучуваа во... Но кога беа вклучени XXX веќе беше држава и беше онда многу тешко тоа да се... Мислим многу, многу тешко ни одеа тие преговорите, состаноци, координација, беше многу, многу тешко. Но после, нели се вратија сите таму на своите позиции каде треба да се, но беше многу, многу, многу тешко.

К.Г.: Дали имаше меѓународна хуманитарна организација со која што идеше наједноставно соработката или соработка која што би ја издвоиле? Со кого државата како XXX најлесно комуницираше од организациите?

XXX: Мислим дека со сите беше одлична комуникација. Еднаш кога поминавме овој момент, кога... што го спомнав сега, значи кога успоставувме некакав механизам на координација, сите организации, вклучително нормално и XXX беа вклучени во тоа што е нивниот домен на работење. Природно нормално XXX имаше најголема улога во доменот на некои теми. Помали организации едно време беа вклучени, после нели се...

К.Г.: Немаше.

XXX: После тоа и не беше повеќе криза во таа смисла. Ама останува да се прогласува криза из некои други... од некои други причини.

К.Г.: Јасно. Од кои фондови се финансираа активностите за време на кризата кои што ги работеше XXX? Значи своите активности.

XXX: Од XXX. Првично од XXX, а после од XXX. И... извини, извини, и од оваа многу голема соработка и многу голема соработка беше со ова... со фонд за бегалците од XXX.

К.Г.: Банка за развој.

XXX: Не, не XXX, него оваа XXX.

К.Г.: Сентрал...

XXX: Не, не, не, не... XXX.

К.Г.: Да, ова и XXX го спомна.

XXX: Да.

К.Г.: Дали овие фондови се реализираа по претходно доставени барања и апели или па директно се влеваа во XXX, преку XXX ли, како одеше? Овие странскиве ме интересираат.

XXX: Да, да, да.

К.Г.: Или они се јавија – имаме да ви дадеме толку, ви даваме толку. Или требаше некој да го сработи тоа.

XXX: XXX... XXX веќе од деведесет деветта секоја година склучува договор со XXX. Значи то е природна една... тек на природно работење, секоја година се склучува нов договор за нови активности. Тако беше и со кризата. Кога почна криза се отвори ново поглавје ама во исто... во постојни механизам на соработка. XXX попосле се приклучи, инаку и XXX исто тако имаше соработка и порано. Ама они после со европски средства се вклучија. А со банка мислим дека они сами се ангажираа преку XXX... Они имаат големо портфолио на инвестиции во Македонија и њихов фокал поинт је XXX. И кога они отворија свои специјални фондови за бегалската криза, од XXX ги префрлиле во XXX за да разговараат на овие теми и тако се вклучија. Не се сеќавам, мислим дека во некој момент мислим дека и XXX беше назначен као некакав координатор на меѓународни донации, ама тоа стварно не се сеќавам детални...

К.Г.: Ќе испитам тоа.

XXX: Мислим дека XXX собираше информации што, кој, какви проекти има и беше некаков координатор на меѓународни донации.

К.Г.: Дали се користеа и буџетски државни средства за справување со кризата?

XXX: Во XXX не.

К.Г.: Што значи дека следното прашање што вели: дали беа доволни финансиските средства од буџетот... Со колку средства се вклучи XXX на терен? Колку средства беа акумулирани и искористени за справување со кризата? Ако ја знаеш бројката. Ако не ќе барам по извештаи.

XXX: Од донаторски проекти?

К.Г.: Да. Ќе видам, ако има, ако постојат податоци.

XXX: Не, не, не. Може XXX да...

К.Г.: XXX да. Ќе видам во извештаи или нешто. А можеби и XXX нешто кажа веќе. Ќе проверам.

XXX: Да. Пошто... да.

К.Г.: Во однос на кадарот ми се следната група на прашања. Кадарот кој што беше вклучен во активностите со кризата од XXX, во делот на број, структура, експертиза и за професионалност, ја имаше, ја немаше?

XXX: Во мене сигурно имаше експертиза за... во све шо спомнав.

К.Г.: А другите?

XXX: После XXX мене ме веднаш повлече иначе јас тогаш бев на сириска граница овај... за токму тој ангажман, така што внатре во институција имавме капацитет за ово што збориме на ниво на полисис, на координација. А за теренско работење немаме кадар во XXX кои можат дополнително да обавуваат теренска работа во транзитни центри. И за тоа мораше да се ангажираат социјални работници во рамките на проектот кои беа на еден начин поврзани со XXX Гевгелија, односно Куманово. Пошто имаа добиено од нив полномоштво за старателства и така натака за постапување со деца и некои специјални други услуги од социјална заштита. Така што тако некако функционираше...

К.Г.: А колку луѓе беа на терен вклучени? Колку луѓе работеа на проблематиката?

XXX: Па мислим дека на почеток беа четворица кои работеа некако во смени. Можда беа шест, седам, осам луѓе укупно ангажирани кои се ротираа некако во сменско работење и во рамките на XXX тука јас би кажала и за одделението на XXX цело беше активирано. Да. Да речам нас плус шест во рамките на XXX.

К.Г.: Ако се соберат сите овие луѓе и ако требало нови да се бараат, еве рековте дека имаше и преку XXX, преку XXX, со донации или слично кои што луѓето требаше да стапат на терен. Колку во време на криза беше тешко тоа што можевте да забележите да се ангажира кадар?

XXX: Колку беше тешко.

К.Г.: Да.

XXX: Сега да не биде (се смешка)... да не бидеме смешка ама најтешко беше да се ангажираат чистачите, тоа ми остана (се смее)...

К.Г.: Па добро, да, и тоа е битно.

XXX: Ми остана како најголемо прашање од кадровската политика. Пошто некако овие што се теренци побрзо се... побрзо се организираа него не знам, дваесет чистачи да работат во смени. Тоа беше многу комплицирано. Ама од друга страна за стручните служби кажувам дека тие што беа ангажирани некако побрзо беа и истренирани за некои работи, нашите нели колеги од XXX идеше редовно на терен за да ги обучува социјални работници на терен шо треба да прават, како да прават. Така што некако се... не ми останало во паметење дека беше нешто страшно компликовано.

К.Г.: Сега зошто го имаш целото претходно искуство можам дополнително да те прашам. Според тебе во вакви големи кризи, јас можеби во дел ќе ги наречам и комплексни хуманитарни итности, колку е воопшто тешко да се регрутира кадар?

XXX: Регрутира кадар?

К.Г.: Да.

XXX: За сега збориме?

К.Г.: Не. Во сè што имаш до сега од искуство општо. Тешко ли е да се најдат луѓе да се вклучуваат во кризи мислам... со шо си се соочила досега од искуствово како проблем, како спорно? Се плашат? Или немаат експертиза? Или не знам, немаме доверба во луѓето за да ги ангажираме?

XXX: Во две и петнаеста не се сеќавам дека тоа беше... сега...

К.Г.: Ако го тргнеме, сè друго што го имаш како искуство, знаеш, за луѓе кога треба да се ангажираат за време на... да работат на кризни ситуации.

XXX: Јас многу ретко сретнав некој да тоа го работи од некакви хуманитарно-етички желби, мислим сите беа... тоа го правеле ради плата. Така што немам... можам само да кажам во таа смисла.

К.Г.: Да, да, добро.

XXX: Професионално беа ангажирани луѓе, не знам дали би сега било исто тоа возможно со моментално... Мислим сега е веќе поголем проблем да се ангажираат луѓе на разно-разни други проекти, но тогаш мислим дека...

К.Г.: Така.

XXX: Мислим имаше пари за плати од проекти и луѓе беа ангажирани за плати. Не мислим дека беа мотивирани посебно од...

К.Г.: Од други побуди. Да. Дали постоеше национална координација во Македонија две и петнаеста – две и дваеста за справување со кризата? И ако да, кој ја правеше таа улога?

XXX: Координација за справување со криза беше формирана во како се вика...

К.Г.: Штаб.

XXX: Да. Во кризни штаб или како се вика, така? Штаб со кој мислим координираше XXX. А на терен, тој кризен... на терен XXX беше назначен како координатор на транзитните центри. И посебно исто така имаше состаноци на ниво на XXX тука во Скопје кои координираа ајде... оперативно, значи овој штаб беше као политичка координација, а XXX беше како оперативна координација.

К.Г.: Мхм, така. До кого известуваше XXX? Дали кон донаторите, дали кон...

XXX: Кон донаторите секако, но мислим дека во рамките на... во тоа време секој транзитен центар за себе известуваше кон XXX и XXX правеше сублимат на извештаи и тако информира и ЦУК... учесниците во системот на ЦУК преку тој један извештај кој беше сублимат на сите извештаи.

К.Г.: Правеше ли некој мониторинг и следење на севкупната операција што се случуваше на терен?

XXX: Не памтам дека некој посебно правел. Како едно државно тело немаше.

К.Г.: Тоа е. Тоа е. Дали имаше некаков можеби национален механизам да се следи бар хуманитарната помош? И дали тука одма ќе се надоврзам, дали според тебе постојат преклопувања во цифрите кои што се известуваат и бројите за доделена и дистрибуирана хуманитарна помош и асистенција?

XXX: Види, не знам што кој известувал, не можем да кажем што се преклопувало пошто XXX не беше институција кон која се поднесуваа извештаи. Но можем да кажем дека имаше обиди за подобрување на таа координација веднаш после криза. Првата беше иницијатива

на XXX каде беше посебно ангажиран експерт за менаџирање со миграции па и оттука претставници од разни институции отидоа на една или две стади визитс во Италија за да виде како се менаџираат транзитните центри преку XXX со намера да се изготви тај овај... документ, стратегија за...

К.Г.: Се изготви?

XXX: Се изготви ама не беше формализирана. Значи процесот не беше комплетиран.

К.Г.: Кого можам за ова да дораспрашам уше малце, до каде е и шо е. Некој во XXX или? Зашто тој експерт ваљда е заминат...

XXX: Да завршам па ќе видим. Не знам кој да го... Пошто тоа беше значи ние сите учествувавме во тој процес. Таа девојка, жена, полица... жена, XXX беше од XXX назначена за таа активност. Ние многу добро соработувавме со нејзе, особено во доменот на... не само на пишување и изготвување на документот, но и објаснување на нејзе да не трчи многу брзо без да влада ѝ каже дека документот ќе биде усвоен, дека ќе биде... и така натака. На крај тоа не се случи за жал. И они утепаа многу време и многу пари во тој процес кој пропадна. Документот остана незавршен, неформализиран. После тоа преку не знам кој друг проект, XXX тоа го зеде, зеде да го прави, па XXX има изготвено таков еден документ за кој искрено јас документ го имам читано и гледано, а дали беше усвоен како формален, е тоа не знам. Тоа мораш да прашаш... прашај XXX. Јас стварно не знам дал то беше после... ама знам дека они посветено работеа и ние и на тој документ правевме импути, се правеше, доправеше, па имаше опет некои работилници. Ама дали беше усвоен, стварно не знам. Процес... значи имаше неколку озбилни процеси да се подобри оваа координација. И сега со оваа најава на можно... на можен прифат на украински избеглици е назначен XXX тоа да го координира. Значи имаш читав један сега чекор кој го прави ова све претходно ирелевантно, а и не дека имаше нешто претходно ама...

К.Г.: Нешто имало.

XXX: Сакам само да ти даднем пример дека таа координација, нели ваму имаше...

К.Г.: Јасно е. Да. Јасно ми е. Дали беа доволни државните институции сами да се справат со мигрантската криза? Ако ги исклучиме сите други организации.

XXX: Ммм, не можам... мислам зависи што. Ако гледаш од финансиска положба...

К.Г.: Па и од финансиска и од логистичка, во делот на човечки капацитети исто, на ресурси.

XXX: Апсолутно... мислим види сега, во тој момент на терен немаше ништо доволно. Значи во тој момент ние не можевме во цела држава да најдеме еден агрегат во државна сопственост кој можеме да го ставиме на Гевгелија за да (неразб.). Еден агрегат. Па дури молевме приватни фирми XXX... Значи не можам да говорим дека во логистички ресурси во две и петнаеста има. Барем нема за таа намена. Дали негде некој ги имал, не знам. За намена... како одговор на таа ситуација нема. Немаше логистичка... значи без надворешна поддршка не знам како тоа би се...

К.Г.: Се успеа ли да се даде одговор со кој што ќе се спречи човечко страдање?

XXX: Тоа да. Тоа да. Тоа да, затоа што тоа стално го велам, без оглед на сите овие комплексни прашања со кои ние се бавевме во позадината, мислим дека нема ниеден човек кој поминал низ Македонија да не беше на најдобар можен начин истретиран.

К.Г.: Помогнат.

XXX: Стварно. Е тоа дефинитивно. Без оглед што е позади... се случувало.

К.Г.: Се задоволија човековите права на мигрантите?

XXX: Тоа ти е многу тешко питање дали се... што тоа значи?

К.Г.: Па оние основните дали...

XXX: Можеме да збориме дека во доменот на одговорот на основните моменти, храна, вода, здравствена интервенција, некаков импровизиран шелтер...

К.Г.: Да не бидат дискриминирани.

XXX: Да. Тоа мислим дека беше со овие механизми за заштита на непридружувани деца, колку – толку социјални работници делуваа во тој момент кога имавме по десет хиљади луѓе што поминуваа преку граница во ден, во дваес четири саата, тоа беше мислим адекватно направено. Сега...

К.Г.: Колку луѓе поминаа? Колку луѓе беа асистирани всушност? Имаме ли некоја таква приближна бројка?

XXX: Па сите што поминаа сигурно беа преку милион, колку на крај беше, преку милион луѓе, мислим дека поминаа. Сите сигурно добиле повеќе од една услуга. Дури имавме стварно во почеток кога немаше доволно координација па имавме и премногу храна која беше фрлена, облека која беше фрлена. Имавме читави ливади со фрлена храна и облека што...

К.Г.: Така, така, така.

XXX: Што луѓе не можат да...

К.Г.: Да ја носат со себе.

XXX: Да ја носат со себе, а невладини организации им ја даваа.

К.Г.: Дали за домашното население XXX правеше некакви активности во делот на справување со ксенофобија или пак разбирање на мигрантите?

XXX: Не.

К.Г.: Ако утре се случи нов бран на мигранти, колку чекори сме понапред како држава да дадеме одговор?

XXX: Многу.

К.Г.: Дали ќе успееме брзо да се екипираме за да стартуваме на терен ако имаме потреба да прифатиме нов број на бегалци или па мигранти кои што транзитираат?

XXX: За имрџнси сетинг мислим дека во овој момент единствено XXX може да одговори веднаш на тие потреби што се однесува на логистика, ресурси и знаења. За првичен... првичен одговор. После тоа не знам што би се случувало пошто... мислим да можеш и овој процес да го провериш пошто колешка мислим XXX е вклучена во таа тема. Мислим дека преку проект на XXX исто прави некаква стратегија за справување со кризи. Можеш и тоа XXX да ја прашаш и таму е сигурно вклучена и она во таа работна група. И они прават некоја стратегија пошто мислим дека и ту, не знам дал су јасни ингеренции помеѓу XXX и XXX. И утре да имаме некаква криза, јас пак не знам кој би бил за што надлежен. Така што

може тоа да го провериш што документ они правеа, пошто они правеа исто тако некакав документ за одговор на криза.

К.Г.: Дали има во нашата држава...

XXX: Сакам да ја исфрлам само XXX.

К.Г.: Ако, ако. XXX...

XXX: Не, не, имам.

К.Г.: Уште две прашања имам и тука негдека завршуваме. Прашањето ми е дали има Македонија потреба по измени и дополнувања на легислатива за да се даде подобар... значи побрз и подобар одговор на вакви комплексни хуманитарни итности или кризи и кои се твоите предлози во таа насока?

XXX: Дал ти беше лично вклучена во ова?

К.Г.: Не бев. Мислам на терен не. На терен не.

XXX: Мислам дека е прво убаво да ти испратам јас овие сопови кои ти спомнав пошо ние направивме како...

К.Г.: Да, си запишав – XXX сопс да ми прати. Мислам ако можеш, ќе те прашав на крај.

XXX: Не, имавме, напраивме ние брошура со (неразб.).

К.Г.: Е супер.

XXX: И на англиски и на македонски.

К.Г.: Е супер шом е на англиски.

XXX: Ќе ја најдем, ќе ти ја испратам. Пошо ние мислим тамо имавме еден огромен... тоа ќе го пронајдем. Ние направивме со XXX еден... XXX и XXX... XXX ги покани XXX да финансира една работилница lessons learned. Можда би тоа исто сакала да го издвојам како добар момент.

К.Г.: Ги имаш?

XXX: Јер XXX е единствена институција XXX која сама направи за себе евалуација и lessons learned со сите стејкхолдерс и мислам дека е тоа позитивен фидбек во справување со кризата где XXX сакаше од сите да слушне што беше добро, што не беше добро, што треба да се поправи. Излеговме со некои препораки кои сакам да ти ги...

К.Г.: Супер.

XXX: Да ги споделам. Ќе пронајдем негде тој извештај пошто ние бевме многу... сите невладини организации што беа... мислим сите беа дел од таа работилница и секој работеше на одделна тема и од сите теми излезе препорака. Што треба како да се направи. Пошто тоа ќе ти биде мислим тачно од луѓе што тоа го правеле на терен, фидбек што беше...

К.Г.: Јасно, јасно.

XXX: Што недостасуваше. А од аспект на оно првично пак ќе кажем, тоа што беше... значи оно од страна на ресурсите, од аспект на брзата интервенција токму тоа недостасуваше. Значи не можевме да приклучиме струја на кампот без да платиме на XXX не знам колку веќе пари, додека собравме да платиме струја, да платиме вода, да се плати собирање на...

К.Г.: Смет.

XXX: На ѓубре, значи тоа не е нормално за да имаш прогласена кризна состојба, државни инситуции да не... со учество, со давање ресурси кои беа побарани од нив. Така што дефинитвно законските измени би требало да одат во таа насока за да има законските решенија кои веднаш ќе ги обврзат давателите на услуги за да што точно треба да прават и да даднат на терен, особено тие кои се во државна сопственост, од една страна. И од втора страна исто тако да се забрзат механизми на... ово што се постапките за јавни набавки. Значи не може за... ако имаш имрџнси, сакаш храна да купиш или вода, да тоа трае шес месеци јавна набавка. Значи мора да има некое законско решение кое на некој ќе му дадне ингеренција тоа да направи...

К.Г.: Да.

XXX: Па да. Тако некои работи, тоа се сеќавам дека беше. Ама ќе се обидам да најдем овај извештај пошто тамо ги има многу...

К.Г.: Јас ќе те потсетам, баш и тоа си запишав.

XXX: Да.

К.Г.: Затоа што јас не бев на терен вклучена, повеќе дополнителни активности што требаше им давав поддршка тука од канцеларија. Последното прашање: што ти лично ќе понесеш од целата криза и како искуство и како впечаток?

XXX: Ќе понесем фрустрација дека не беше решено ово што сега зборев, дека све што сме научиле не сме имплементирале во пракса за да се донесат измени. Значи нити е усвоен некаков документ, нити друге институције су се искоординирале за да биде усвоен тој документ... пак се не знае кој што би правел.

К.Г.: Јас...

**Transcription no.2**

Место: Скопје

Датум: 5.4.2022

К.Г.: Ова ми е првото само за да си знам кој за кого е. Име и презиме?

XXX: XXX

К.Г.: Која е сегашната позиција на работното место?

XXX: XXX.

К.Г.: Дали истата позиција беше и за време на мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: Од девеес деветта е истата позиција.

К.Г.: Од девеес деветта значи колку...

XXX: Од девеес деветта сум во Одделението, од две илјади и шеста сум XXX.

К.Г.: Добро. Значи од девеес деветта во XXX, така?

XXX: Така.

К.Г.: Добро. Која беше личната улога и функција во периодот на мигрантската криза?

XXX: Во периодот на мигра... ја бев тој што ги координираше сите активности во делот на психо-социјална помош и сместување, згрижување и задоволување на потребите на мигрантите, имајќи предвид бидејќи со законот е дефинирано дека XXX се грижи за лица со статус кои побарале меѓународна заштита. Меѓутоа две илјади и петнаеста-шеснаеста бевме некоја специфична улога каде што не знаевме што се и не знаевме што да правиме со нив. И имавме проблеми сè додека не се договоривме дека во овие случаи ќе работиме нешто помеѓу каде што и ден-денес останува тоа помеѓу, а имаме два транзитни центри кои што се без правен статус во државата, имаме лица кои што транзитираат и кои што не се ни лица со нерегуларен... нерегулиран престој, ниту пак лица со регулиран престој во државата. И затоа ова се токови кои што не се само проблематични во Македонија туку на... почнувајќи од првата држава од кај што тргнуваат овие лица, до последната држава каде

што реално, дефинитивно сакаат да стигнат и каде што го поднесуваат тоа барање за меѓународна заштита или барање за регулирање на било каков статус во таа крајна дестинација.

К.Г.: Искуството на XXX за време на кризи генерално ако го земеме со сите претходни вклучувања го дефинираме како позитивно, негативно... личното видување ме интересира.

XXX: Значи искуството на XXX во делот на згрижување на овие лица, интервентно згрижување и задоволување на нивните потреби во периодот до надминување на кризата. Значи бевме вклучени, да тргнеме од кога јас знам за... од кога сум во XXX, значи девеес деветта од косовската криза, две илјади и прва внатрешниот конфликт во државата, имавме две илјади и петнаеста мигрантската криза, претходно две илјади и шеснаеста поплавите кои што се случија во непосредна близина на Скопје. Така да во сите тие кризни состојби XXX е задолжено за задоволување на потребите на овие лица кои што се нашле во таква состојба не по своја вина.

К.Г.: Колку искуството во тие кризи влијаеше да се даде соодветниот одговор за време на мигрантската криза во периодот две и петнаеста-две и дваеста?

XXX: Значи мигрантската криза е специфична самата по себе. Значи до две илјади и петнаеста година ако мислевме сè видовме, сè знаевме, видовме дека ништо не знаеме и дека ништо не е како што е. Значи ако девеес деветта и две илјади и прва година имавме лица кај што викаат – да, дајте ни сега овдека сакаме да останеме, сега каде треба да учиме, каде треба да се сметиме и така натаму; во две илјади и петнаеста беше – дајте ни превоз да заминеме. Значи имавме специфика каде што ние трчавме по лицата кои што транзитираа, а не лицата да доаѓаат до институциите каде што би побарале одреден тип на услуга или сервис. Значи ние трчавме да видиме да не евентуално некој е жртва на трговија, да не е некој евентуално жртва на некаков тип на насилство... Значи имавме тимови каде што требаше во тие петнаес минути, пола час, час кој што лицава од едниот до другиот транзитен центар чекаа да бидат префрлени, требаше да детектира што се случува во група од не знам, од сто луѓе, од пеесет луѓе и така натаму. Дали е некој тргуван – нетргуван, претепан – непретепан, уценуван – неуценуван и во таков... во такви вонредни состојби беа откриени одреден број на лица кои што беа жртва на насилство.

К.Г.: Добро. Каков беше всушност мандатот на XXX не во однос на активности туку правниот момент. Сега веќе споменавте дека нели е малку... било недефинирано во моментот ама се излезе и така натака. Како е тоа решено правно?

XXX: Значи... значи правно е решено ако е нешто законска материја. Сè она што ни беше недоречено, ние во тој период измислувавме... не измислувавме, создававме стандардни оперативни процедури каде што на некој начин ги регулиравме правилата на игра бидејќи не бевме сами играчи во настанот. Значи имавше еден куп невладини организации, имаше други меѓународни организации, имаше други институции каде што ако не е нешто законски дефинирано имате недоречености. Имате нејаснотии. И во такви случаеви значи користевме стандардни оперативни процедури, задолженија од влада, одлуки на влада, заклучоци на влада, интерни инструкции од страна на XXX, од XXX потпишани. Значи креиравме пишани документи за да ги дефинираме оние работи кои што не беа допрецизирани или не биле предвидени со закон бидејќи никој не ни помислувал дека такво нешто може да се случи.

К.Г.: Само неколку активности да наброите како тип со кои што бевте ангажирани како XXX за...

XXX: Како мислиш тип на...

К.Г.: Па кои активности ги превземаше XXX, на дневна основа кои беа активностите?

XXX: Значи првично една од главните работи беше, бидејќи во тој период се јавија еден куп меѓународни и домашни невладини организации, наша беше координацијата. Бидејќи имаше пренатрупување односно оверлапинг. Преклопување на активности кои што сите сакаа да ги прават бидејќи донаторите беа заинтересирани за поддршка на таков тип на активности. Па една од улогите на XXX беше токму таа координација и воспоставување на... ние ги уредивме меморандуми за соработка каде што секој имаше во рамки на меморандумот ние имавме што сакаме да направиме, па невладините организации од тоа што ние сакаме да направиме, зимаа, одбираа каков тип на активности они ќе покриваат и во таков меморандум беа пропишувани нивните активности со цел да нема преклопување на активности и да нема проблеми на терен.

К.Г.: Тоа и со меѓународните организации кои што сакаат да...

XXX: Со сите, со сите.

К.Г.: Као на пример еве сега карикирам „XXX“.

XXX: Со сите. Значи „XXX“, XXX, XXX и така натаму.

К.Г.: Што се чинеше најкомплексно за вас во целата интервенција?

XXX: Координацијата. Значи ние сите викаме дека сѐ знаеме и сѐ... и така натаму, меѓутоа во такви кризни состојби секој сака да биде главен и никој не сака да слуша никого и секој сака да му наредува на некого и тоа е најпроблематичното имајќи предвид дека во такви... праиме муабет за кризни состојби каде што ќе имаме големи можности за да добиете средства од донаторот, организациите кои што ќе добијат поголеми средства мислат дека они се тие кои што треба да ги креираат правилата на игра во такви кризни состојби што мислам дека не е коректно.

К.Г.: А што е со другите институции државни со кои што... како течеше комуникацијата и соработката?

XXX: Значи во случај на криза значи имаме Закон за кризи каде што е уредено и пропишано кој што и како прави. Не беше предвидено мигрантска криза во тој закон меѓутоа беше прогласена кризна состојба имајќи предвид со прогласената кризна состојба одредени институции беа вклучени во тој кризен штаб каде што ги координирвме активностите. Имаше повторно кажувам, нејаснотии значи и самиот закон уредува дека он ги координира меѓутоа надлежностите дадени со закон на едно министерство не можат да му ги довериш во таква состојба на кризниот штаб. Значи исто е како да му ја одземеш ингеренцијата на XXX. И тука имавме одредени нејаснотии кои што ги надминувавме со заклучоци, одлуки на влада и така натаму каде што беше сѐ повторно допрецизирано, допојаснето.

К.Г.: А каква беше и дали имаше комуникација со локалната самоуправа и XXX?

XXX: Задолжително. Задолжително. Значи имајќи предвид дека тие транзитни центри ги правевме во локалната самоуправа, значи вклучувањето на локалната самоуправа беше од клучно значение и без нивна помош мислам дека немаше да се одработи тоа како шо треба да се одработи. Бидејќи повторно праиме муабет дека таму шо требаше да се обезбеди пристапни патишта, требаше инфраструктура и така натаму, понатамошно нормално

функционирање на тие транзитни центри, вклучително и на сè, како и во секоја криза значи секако локалната самоуправа треба да биде вклучена во било што.

К.Г.: Ајде еден генерален опис и личен впечаток, како беше комуникацијата и соработката со меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Па затоа реков, на почетокот кога државата... XXX, не си ја презема улогата која што ѝ е дадена, меѓународните организации го заземаа просторот кој што беше отстапен од страна на државата додека државата не се вклучи со својот капацитет за менаџирање на таквата состојба. Штом државата се вклучи, значи имавме одреден краток период каде што кажавме дека сега државата е вклучена и бевме благодарни за периодот каде што ние бевме... како да кажам, малку позаспани, што ги преземаа нашите обврски и ги завршија коректно. Кога се поставија правилата на игра, кога се сфати кој што треба да прави функционирањето беше мислам дека одлично. Затоа беше Македонија една од земјите на рутата каде што имаше најмал број проблеми, каде што мигрантите кажуваа дека беше малтене горе-доле добро организирано све.

К.Г.: Би издвоиле ли некоја хуманитарна организација со која што течеше најлесно соработката и комуникацијата?

XXX: Па мислам дека сите организации кога више го воспоставивме системот беа коректни. Значи на самите координации беше договорено кој, што, како прави, се договаравме тука, сите однапред знаеја што државата има потреба и така си ги креираа своите идни апликации према донаторите и имплементирање на одредени програми.

К.Г.: Кога сме веќе кај донаторите, како се финансираа активностите на XXX кои што ги превземаше две и петнаеста-две и дваеста?

XXX: Па XXX грото од активностите ги финансираше од сопствениот буџет. Значи не треба да изоставиме дека имавме и поддршка од XXX каде што одредени средства мора да кажам бидејќи во тој период проблематично беше обезбедувањето на храна за лица кои што на дневна основа транзитираа низ државата, беше спремна да ни помогне во тој дел и таа обврска понатаму ја преземаа меѓународните и домашните невладини организации. Меѓутоа во тој првичен период додека се консолидираа нештата добивме и поддршка од XXX.

К.Г.: Значи имаше директни буџетски средства кои што се користеа.

XXX: Имаше директни буџетски средства.

К.Г.: Дали тие во даден момент ќе беа само доволни или сепак беа неопходни овие кои што се дополнително обезбедени?

XXX: Значи државата со потпишување на сите оние меѓународни ратификувани договори, протоколи и така натаму си зела за обврска дека ќе се грижи за лица кои што се на нејзина територија кои што доаѓаат од кризно подрачје. Така да секоја донација е добредојдена во насока на необременување на домашниот буџет. Меѓутоа доколку не се обезбедија тие средства секако државата ќе мораше да ги обезбеди од сопствените буџетски линии.

К.Г.: Дали тие дополнителни буџетски... еве на пример како што ја спомнавме XXX се реализираа со претходни барања, повици, директно финансирање...

XXX: Значи две илјади и петнаеста година беше специфична самата по себе, значи може да кажеме и две илјади и прва година европската заедница гледа која држава има потреба од нешто, доаѓаат одговорни лица таму, на одредени конференции и состаноци. Затоа реков во тој период XXX и XXX организираа месечни донаторски конференции каде што беа поканети амбасадите и ние како XXX ги искажувавме потребите и трошоците на XXX. Значи јас тоа го зборам во делот на аспект на XXX. Меѓутоа таму беше вклучен и XXX и XXX, како и XXX и други институции кои што ги искажуваа своите трошоци надвор од буџетски планираните трошоци за домицилното насление.

К.Г.: Дали сега во моментот ќе ви текне можеби со каква буџетска бројка значи дека се вклучи XXX за одговор на кризата?

XXX: Не би можел да ви кажам.

К.Г.: Или отприлика.

XXX: Па не би можел да кажам. Не би... затоа реков, како се јавувало потреба, така се вклучувале, се побарувале средства.

К.Г.: Во однос на кадарот кој што беше вклучен од страна на XXX некој генерален опис, по број, структура, експертиза, професионалност...

XXX: Значи морам да кажам дека ние немаме вишок кадар каде што во таков случај овој вишок кадар би го префрлиле таму. И дека тогаш беа ангажирани лица кои што ги најдовме, кои што беа спремни да бидат вклучени во таквите процеси. Беа исто така грото тие лица беа... финансиското плаќање на тие лица беше потпомогнато од разно-разни програми и голем број од тие лица и ден-денес функционираат во тие кампови согласно своите надлежности кои што ги добиваат од надлежните XXX.

К.Г.: А една бројка за вкупен човечки кадар преку XXX ангажиран за оваа проблематика?

XXX: Во минатово не знам. Значи во еден период имавме преку сто и кусур лица кои што беа ангажирани во рамки на кризата две илјади и петнаеста-две илјади шеснаеста за кој што одговаравме ние. Меѓутоа како таа се намалуваше, така да во овој момент негдека се околу осумнаесет лица за кои што имаме потпишани одредени договори каде што вршат одредени услуги за потребите на XXX.

К.Г.: Колку беше тешко да се регрутираат и да прифатат луѓето да работат нешто такво и генерално за кризи...

XXX: Значи мора да кажам дека имавме поддршка од локалната самоуправа, значи се потпиравме за XXX и на локалната самоуправа каде што ние грото од лицата, значи најголемиот дел беше ангажиран од локалната самоуправа, односно локален стаф каде што местото каде што ја апсолвиравме кризата ги ангажиравме. Значи дали било во Куманово, дали било во Гевгелија.

К.Г.: Кај кого репортираше XXX за својата работа?

XXX: Согласно закон кај XXX.

К.Г.: Кај XXX. Дали постоеше национална координација и кој ја играше таа улога? Една институција дали постоеше?

XXX: Значи на почетокот две илјади и петнаеста пред прогласување на кризната состојба таа улога на национален координатор му беше доделена на XXX и сите министри имаа координативни состаноци каде што беа договарани сите чекори во рамки на XXX. Со прогласувањето на кризната состојба, согласно законските надлежности, таа улога ја

презеде XXX и координацијата на техничко ниво ја правеше XXX, а на министерско ниво каде што е уредено дека XXX е претседател на управ... на... како го викаат сега не ми...

К.Г.: Комитетот?

XXX: Да. На... на...

К.Г.: Кризниот штаб?

XXX: Кризниот штаб, да, на кризниот штаб... кажи го... ги координираше и на министерско ниво активностите и соодветно на тоа се донесуваа и одлуки на влада.

К.Г.: Дали вие правевте мониторинг како XXX на невладините организации и следење...

XXX: Значи меморандумот наш кој што го потпишавме и го донесовме како одреден документ кој што секоја невладина организација која што сакаше да дејствува во рамки на транзитните центри мораше да го потпише со XXX автоматски значеше дека тие мораше да ни доставуваат соодветен број на извештаи за што е сработено, како е сработено и така натаму. Секако на дневна основа лицата кои што беа ангажирани од страна на XXX во тие транзитни центри доставуваа дневни извештаи за која - што организација има направено, како има направено.

К.Г.: Дали тоа значи дека XXX беше националниот механизам за следење на севкупна хуманитарна помош?

XXX: Севкупна хумнитарна помош во рамки на транзитните центри, да, меѓутоа одредени невладини организации како и хумани луѓе даваа помош на овие лица и надвор од транзитните центри кое што ние не можеме да го следиме.

К.Г.: Дали мислите дека постоеше преклопување во известувањата во цифрите од различна организација...

XXX: Па вака... различни организации може за своја потреба си генерираа бројки, цифри и така натаму меѓутоа официјалните цифри и ние како XXX се договоривме дека ќе ги добиваме од XXX бидејќи тој требаше да ги координира активностите. Односно XXX му рапортираше и ние за нашите бројки према XXX, а тој излагаше во јавноста со една бројка која што беше званична за државата.

К.Г.: Државните институции вклучувајќи го и XXX дали можеа сами да се справат со мигрантската криза?

XXX: Не.

К.Г: Колку успеа на крај да се даде одговор на мигрантската криза да се спречи човечкото страдање?

XXX: Мислам дека затоа и претходно напоменав...

К.Г.: И човековите права да се задоволат.

XXX: Македонија беше една од земјите на рутата која што во голем дел ги апсолвираше овие прашања односно имајќи предвид дека имавме еден куп организации кои што им дадовме разно-разни мандати и дека овие организации... затоа реков дека сами како држава не ќе можевме да се справиме, ги задоволуваа потребите на луѓево. Од аспект на храна, интеграција, значи имавме во одреден период образовен процес вклучено во транзитните центри каде што организиравме школи и беше предвидено да тие деца добијат соодветни дипломи за ко ќе заминат понатака да се докажат дека биле вклучени во образовен процес. Така да начинот... каков-таков начин на приближно нормално функционирање во тие транзитни центри беше воспоставен.

К.Г.: Колку лица вкупно беа асистирани како бројка во тој период?

XXX: Она што државата... бидејќи има разно-разни бројки она што државата кажува дека низ Македонија во тој период транзитираа околу милион лица. Околу.

К.Г.: Дали XXX имплементираше активности за домашното население? Не знам, справување со ксенофобија и слично.

XXX: Значи таа ксенофобија се јави две илјади и петнаеста година и мислам дека и ден-денес ја имаме, меѓутоа мислам дека не е одлика на македонското население туку повеќе е одлика на некои наметнати размислувања и сфаќања за овие лица. Значи ние имавме девеес деветта година па немавме ксенофобија, две илјади и прва година тоа нешто што се лучи па немавме ксенофобија. Две илјади и петнаеста година беше наметната ксенофобија што не е карактеристична за овие простори. Ама дека се работи за домашното население, да, значи голем број на проекти и активности беа вклучени во насока на подобрување на условите

послем таа две илјади и петнаеста-шеснаеста кога заврши таа официјално, се затвори балканската рута на осми март. Значи за подобрување на условите на локалното население и за оние штети кои што ги претрпеа при тој транзит од скоро милион луѓе преку тие имоти.

К.Г.: Ако утре се случи нов бран на мигранти, колку сме чекори понапред?

XXX: Пак сме неспремни.

К.Г.: (се смее) Добро.

XXX: Пак сме неспремни. Значи еве го, имате сега украинската криза каде што сè уште во овој момент државата каска со донесување на конкретни мерки, конкретни активности. Значи ние чекаме да ни дојдат луѓето па послем да ги преземаме активностите. Ваљда така сме научени да функционираме годиниве наназад. Значи сè додека не ни се јават првите луѓе со конкретни барања, тоа е негдека далеку таму ама утре кога ќе ни се јават значи знаеме... Ваљда сме учени да работиме под притисок, не знам.

К.Г.: (се смее) Многу ми се сега битни овие прашања со вашето лично мислење. Долго време сте во XXX, работите со легислатива и слично, дали според вас се потребни Македонија да има законски измени и дополнувања за да се даде подобар одговор и личните не знам совети, насоки, во која... како треба да се движиме. Што фали во легислативата?

XXX: Моето размислување е секогаш дека мора да имаме законски решенија за било што. Значи дали ќе имаме еден, стои и еден, илјаду и еден, милион и еден значи законското решение мора да остане како пишан траг. Зашто јас сум долги години во XXX. Утре ќе си заминам, значи тој што ќе дојде послем мене не треба да очекува дека ќе седне со мене и дека јас ќе му раскажувам за тоа како девеес деветта ние сме измислувале не знам си што, туку треба едноставно да отвори одредено законско решение, да го прочита и да каже – аха. Значи државата одлучила вака. Дали тој бил XXX, XXX, XXX не е битно. Значи државата требала да одлучи, одлучила и од денеска па натака вака ќе се работи ова прашање. Не зборувам дали е тоа исправно, неисправно. Значи имплементацијата ќе каже дали тоа законско решение треба да се менува. Ниеден закон не е свет. Значи ние закониве ги менуваме на дневна основа. Како ќе видиме дека нешто не штима, па донеси измена на закон, измена на закон, измена на закон. Едноставно затоа реков, грото од законските решенија ги препишуваме, да бидеме искрени, ова вака се решило у Србија, она онака се

решило у Хрватска, малку ќе земеме германско искуство и сето тоа ќе го комбинираме без да видиме како ќе се имплементира реално на терен. Ко ќе видиме како имаме проблеми на терен па послем нешто измени на закон. Меѓутоа законски решенија мора да има. Она што и преекса го разговаравме, дај да воспоставиме значи стандарди за сè живо и диво, па ќе ги менуваме. Значи не реков дека сите се добри. Ама да имаме пишан документ од каде што ќе идеме нанапред или наназад во насока на... кога ќе дојде некој после мене или после било кого да каже – аха, значи ова вака се решава додека не се смени законот.

К.Г.: Преески спомнавте дека ние немавме Закон за кризи, мислам имаме Закон за кризи ама немаме Закон за мигрантска криза или... Дали тука треба нешто дополнително да се смени?

XXX: Не. Законот за кризи е генерален. Значи прогласувањето на криза дали била мигрантска или не знам си каква, значи ние имаме криза од природни катастрофи, криза од војна, криза од вакво... меѓутоа никој не очекуваше дека ќе имаме мигрантска криза. Значи за бегалска криза сме слушнале, значи во непосредна близина имате војна па луѓето бегаат, бараат заштита. Девеес деветта го имавме на лице место. И се справивме горе-доле. Ама ваква мигрантска транзитна криза каде што грото од луѓето не сакаат да побараат било каква заштита од државата туку сакаа едноставно непречено да транзитираат и во тој период значи изнаоѓањето... измените на законот за азил и привремена заштита тогашен овозможи таков транзит од три дена, седумдес два часа, за да бидат тие на некој начин легални во поминувањето на тие три дена низ државата. Значи...

К.Г.: Тоа значи државата беше многу брза во тој период.

XXX: Значи затоа кажав, секое решение она што сега ме прашувате... секое нешто мора да биде уредено со закон. Нема дали сум сакал или не сум сакал. Законска материја е, ја почитуваме сите.

К.Г.: Што ќе понесете како лично искуство од целата криза?

XXX: А?

К.Г.: Што ќе понесете како лично искуство? (се смеат)

XXX: Па не знам, лично искуство.

К.Г.: Убаво беше, тешко беше, напорно, да не се повтори, ни донесе памет...

XXX: Вака, памет треба да имаш за да ти донесе (се смеат).

К.Г.: Точно.

XXX: Дека беше период каде што остави одредени впечатоци, беше. Дека се стекнавме со одредени искуства, се стекнавме. Дека научивме одредени лекции, ќе видиме. Значи секоја наредна криза ќе каже колку нешто сме направиле добро или лошо, но да оставиме место за тоа.

К.Г.: Само да стиснам стоп.

**<u>Transcription no.3</u>**

Место: Скопје

Датум: 26.8.2022

XXX: Работев ја на магистериуми на ваши колеги баш сега.

К.Г.: Стварно?

XXX: Да.

К.Г.: Еве ја и одлуката.

XXX: Датум на спроведување на интервјуто. Денеска сме дваес шести, осми. Ова е името и презимето мое. Го имате горе веќе?

К.Г.: Не... да... Мое име...

XXX: Вашето требаше да го напишам?

К.Г.: Јас си го измислив форматот (се смее).

XXX: А ти го измисли?

К.Г.: Ја го измислив, немаа тука. Ете ја одлуката. Сега сакам да ве прашам значи...

XXX: А магистерски труд.

К.Г.: Магистерски е, магистерски, да. Како беше презимето само? XXX?

XXX: XXX.

К.Г.: XXX. Која е вашата сегашна позиција на работното место?

XXX: XXX.

К.Г.: XXX?

XXX: XXX.

К.Г.: Колку долго време сте во XXX?

XXX: Од самото формирање, од две и петта. Да. А претходно шеснаесе години во XXX. Севкупно триесет и четири години стаж, професионален.

К.Г.: Вашата лична улога и функција во периодот на мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: XXX, XXX. Избегавам да го викам прифатен. Тоа за прифатен центар, ама називот му е тој.

К.Г.: Аха. Каква е...

XXX: Пошо види сеа, кога се формираа, самото прогласување на бегалскава криза две и петнаеста година, август месец се формира еден транзитен центар. Тоа беше Винојуг, Гевгелија. Ова не беше транзитен центар Табановце. Беше дефиниран како центар за пружање на помош при транзит на бегалци.

К.Г.: Пружање помош...

XXX: Да, поддршка и пружање помош.

К.Г.: При транзит.

XXX: При транзит на бегалци. Отпосле се формализира и отпосле се трансферира во транзитен центар. Отпосле мислам... тоа веќе од следните два месеци, три месеци. Ама не беше така замислено.

К.Г.: Да, да. Каква беше улогата на XXX во целата криза?

XXX: Види сега, ќе почнеш од зародиш, од почетокот. Значи кога вие имате прогласено кризна состојба тогаш имате потреба од функционирање на еден систем. Значи не можете индивидуално, сами како институција да носите одлуки него ќе мора да имате да кажеме... кога веќе органите и тела на Република Македонија прогласуваат кризна состојба мора да имате соодветно согледување како тоа ќе имплицира на... генерално на севкупната безбедносна состојба на територијата и просторот на Република Македонија. И тогаш носите соодветна одлука или предлог за прогласување на соодветна состојба. Тоа може да биде кризна состојба, кризна ситуација, вонредна состојба, воена состојба и така натака и

така натака. Органи и тела на влада се Главен штаб, Група за проценки и Управувачки комитет. Групата за проценка проценила дека со самото влегување во периодот две и четрнаеста... бегалскава почна некаде од две и четрнаеста. Со нивното одење по патишта, велосипеди, се сеќаваш...

К.Г.: Да, да, да.

XXX: Така во групи или поединачно и така натаму...

К.Г.: Да, да, јас сум тринаес години у XXX. Сите овие работи ги пратев.

XXX: Сето тоа глобално гледано претставува загрозување на безбедност на државата, животот, здравјето на граѓаните, севкупната состојба и така натака, материјалните добра. Од тој аспект... од тој аспект... (звук од телефон)... мојот е, тоа ќе... у континуитет. Од тој аспект согледува државата односно владата согледува дека ќе има проблеми. Тие проблеми не може индивидуално да ги надмине, него ќе треба организација на институции за да може да одговори на потребите, на предизвиците у однос на движењето на бегалците по рутата, баланската рута, нели. И тогаш балканска рута, две и петнаеста почнаа масовно, организирано, со превоз и така натака, да се движат кон европските земји. Тоа траеше до... мислам дека април две илјади и шеснаеста година беше. Значи со самото прогласување кризна состојба тогаш имате... ние ги викаме стандардно – оперативни процедури и постапки.

К.Г.: СОП-от,

XXX: Да, СОП-от кој што укажува на тоа која институција како ќе се однесува, што ќе превзема и каква обврска ќе има, нели. Но сето тоа требаше некој да го координира. По закон сето тоа го координира XXX со кризи преку XXX, има обврска да ја информира владата за сите превземени мерки и активности за надминување на моменталната состојба. Сега полека ќе објаснувам за да може да ти влезе у глава...

К.Г.: Ако, да, да. Не, не, не, нема никаков проблем. Јас сите прашања кои ги имав... Сите прашања што ги имате одговорени, јас ќе ги прерипам.

XXX: Да. И од тој аспект одлуката на XXX до XXX како предлог одеше да се формираат овие транзитно-прифатни центри во кои што буквално ќе бидат сместени сите оние што ја

пробија границата на југ, горе, привремено, затоа што се работи за отворена балканска рута, затоа што се работи за транзит низ просторот и територијата на Република Македонија. Организиран транзит. За да направи безбедност не само на граѓаните туку и на самите бегалци, нели и нивниот живот е загрозен, и ние имаме криминогени групи во Македонија кои само чекаат...

К.Г.: Ситуација.

XXX: Ситуација. Да ги остаиш луѓето слободно да... па нели ги тепаа, малтретираа, им крадеа и така натака. Ако зборуваме и од тој аспект...

К.Г.: Да, да, да.

XXX: И нивната безбедност на самите бегалци е приоритет по однос на транзитот што го прават низ Македонија, додека се тука. И затоа...

К.Г.: Практично мандатот на XXX за да стапи на терен или за да започне со својата работа во мигрантската криза беше во прогласувањето на состојба во државата.

XXX: Ќе ти дадам ја еден добар материјал сега што го работев...

К.Г.: Ако.

XXX: За украинските бегалци...

К.Г.: Супер, супер.

XXX: Ама нема да го експонираш надвор...

К.Г.: Не, не, да си читкам.

XXX: Да го користиш за твоја потреба, целиот систем ти е претставен како изгледа.

К.Г.: Супер. Баш ќе ми биде...

XXX: Сè конкретно. Имаш стикче или немаш стикче?

К.Г.: Аааа немам во мене ама може на меил или?

XXX: Ааа тежок е. Шеес два е.

К.Г.: Добро. Обично носам ама ете баш денеска не носам (се смее).

XXX: Тоа е материјал што јас го припремав за XXX за Украинците.

К.Г.: Ау баш убаво.

XXX: Он е наменет сега трансфериран за Украинците. Тоа е контингенси план.

К.Г.: Да. И може да се... уствари е тоа тоа.

XXX: Ти објаснува како која институција дејствува, која ѝ е задача, што ѝ е работа, кој координира, кои се тие органи и тела на влада, сѐ ти стои.

К.Г.: А искуството на XXX во претходни кризи и кризни состојби колку влијаеше во справување со оваа? Долго време сте во XX, долго време сте во државава со обезбедување и со грижа за безбедноста на државата.

XXX: Види сега, ова е прва мигрантска криза, XXX е формиран две и петта година, ако зборуваме од аспект на институциите од кои ние доаѓаме, нели од XXX зборам, секој од нас претходно работел, не му е ново вработување во XXX него...

К.Г.: Веќе со некое искуство...

XXX: XXX и XXX се формираа од XXX, значи девеесет проценти од вработените...

К.Г.: Се повлечени таму.

XXX: Практично се повлечени таму што значи имаат горе-доле соодветни искуства во справување со ваков тип на состојби бегалски, со оглед на бегалските кризи кои настапија, актуелни, нели. Зборувам прво босанската, па...

К.Г.: Косовска.

XXX: Косовската, па... и така натака, и така натака, да не ги бројам. Значи долг период работиме со овие проблеми...

К.Г.: Што сѐ активности превзема ако може... (ѕвони телефон). Океј јас пауза ќе стиснам. Значи прашањето ми оди следно во насока на кои активности сѐ ги превземаше XXX за време на кризата?

XXX: Вака сега, значи во тој момент на справување со таква состојба, со наплив на бегалци кои дневно, транспортот, транзитот доведуваше до бројка од осум, десет, дванаес, па

некогаш сме имале и четрнаес илјади луѓе во тек на дваесет и четири часа бара комплетна внатрешна организација. Што тоа значи? Тоа значи сите аспекти треба да бидат запазени. Безбедноста, здравјето, зборувам и на луѓето кои помагаат и на луѓето кои транзитираат, психо-социјалната поддршка, сето она што претставува опскрба или помош, хуманитарна помош во храна, облека и... мислам тоа е... тоа е поширок аспект на хуманитарна помош. Сето тоа некој требаше да го организира. Требаше да има некој кој ќе го координира, кој ќе ги насочува институциите, кој ќе им дава соодветни задачи. Тие и самите согласно закон, позитивните законски прописи нивни, реагираа адекватно онака како што треба. Секој, секоја институција за она што е наменета. XXX, XXX од аспект на социјализација, од аспект на грижа за бегалци, од аспект на овај... грижа и медицинска помош и поддршка, да кажеме јавно-здравствените установи, грижа за бегалците од аспект на здравјето. Невладините организации секако грижа од аспект за хуманитарната поддршка и храна, вода...

К.Г.: Сето тоа го координираше XXX.

XXX: Да, сето тоа го координираше XXX. Знаете не е едноставно вие сега да имате осум илјади луѓе. Вие треба да имате минимум осум илјади оброка обезбедени за тие луѓе. Минимум, ако не повеќе, пеесет посто, ќебиња... Тие се движат, тие пешки се движат низ граничните премини.

К.Г.: Да, за деца, за жени...

XXX: Треба да има... да. Треба да им обезбедите, доаѓаат измачени, со плускавци на нозе, шо ја знам, на раце, повреди вакви, онакви, кашлици, здравја и така натаму...

К.Г.: Имаше некоја интервенција што XXX ја правеше или некоја конкретна активност што вие би ја издвоиле како најкомплексна во периодот?

XXX: Нема поголема од да ги координираш сите активности. Нема помомплексна. Тука е способноста. Вие капацитети во такви состојби ќе најдете, ресурси ќе најдете. Но како тоа ќе...

К.Г.: Ќе се искоординира.

XXX: На терен како тоа ќе го воспоставите како редовен процес и постапка. Ако немате добра координација, значи мора да имате разбирање за мигрантската криза.

К.Г.: Каква беше соработката со државните институции во тој период? И една паралела ако може, пред кризата и за време на кризата. И XXX и XXX, значи генерално дали постоеше непрекината, лесна комуникација?

XXX: Видете сега, во првите моменти на прогласување на кризна состојба, од институциите дел работеа само својата проблематика, повлечено ја работеа. Што значи на терен беа многу мал дел од институциите, зборувам за првите триесет дена, во стартот на самата прогласена кризна состојба. Мал дел од институциите, XXX, XXX си ја вршеше својата работа додека не беше формиран транзитниот центар, нели конкретно зборувам за Табановце. Гевгелија исто така беше и у Гевгелија. Немој да мислите поразлично било? Не било. Тоа се први моменти, кога вие во моментот градите, кога правите инфраструктура, кога правите зафати, кога внесувате објекти, кога размислувате дали ќе ви требаат пет, десет или четириесет и пет објекта да кажеме, за сместување и така натака. Кога ќе ви требаат објекти за храна делење, за кујни и што ја знам...

К.Г.: Тоалети.

XXX: Тоалети и така натака. Знаете, тоа не е едноставно. Тука имате забуна, збунка. Целиот си... Зборувам за институциите. И сите си се тргаат на страна, тоа е работа на XXX. XXX тоа треба да го организира. Како? Државата не ви определила буџет. Вие немате финансиски средства односно вие за оваа бегалска криза немате финансиски импликации на буџетот единствено за потребите на самите институции, служби кои биле на терен. Покривањето на трошоците од аспект на горива, храна... што ја знам дневници, без разлика...

К.Г.: Основните работи.

XXX: Основните работи. Така да понатака се средија ситуациите. Кога веќе дојдоа институциите на седница на XXX, XXX изготви акционен план. Тоа е во основа потребен елемент кој што дава насоки како понатака која институција ќе се однесува. Тие имаат стандардно-оперативни процедури и секој си знае својата работа согласно стандардно-оперативните процедури да си ја работи. Тука се клучни... има клучни елементи. Многу е битна размената на информациите. Вие ако немате размена на информации помеѓу

институциите на главните, меѓународните, што сте направиле? Како ќе успеете да раководите или да водите? Не можете тоа да го направите.

К.Г.: Сите доаѓаа во XXX?

XXX: Апсолутно. Се формираа... XXX излезе со сопствени канцеларии, сопствен простор во кој што координираше дваесет и четири часа. Значи тука се одвиваа внатрешните координации...

К.Г.: Сè уште постои тоа?

XXX: Да, сè уште постои. Сали за состаноци во кои што се одвиваат... не е ни координација, тоа се утрешни и вечерни координации каде што секоја институција добива задача и секоја инсистуција во текот на вечерта искажува или дава извештај за извршените задачи, за она што сработила, со што се сретнала и така натака. Што е...

К.Г.: Сега ете зборевме и како се поставени државните институции и така натака. Каква беше па од друга страна соработката со меѓународните хуманитарни организации? Зборуваме од аспект на тоа дека со некои нели се тука, постојано присутни како што е XXX, редовна комуникација. Ама имаше многу кои што тогаш дојдоа.

XXX: Вака да ви кажам, значи јас сум изненаден од почитта и организираноста на меѓународните организации. На моите координации во Табановце на секоја координација присуствуваа по еден до двајца претставници од секоја меѓународна организација. Значи ние имавме извонредна соработка. Ако јас кажев дека ова мене ми треба, ова е од интерес за бегалците, некој некаков објект или некаква задача да се заврши...

К.Г.: Потреба.

XXX: Потреба. Јас ја барав тоа вчера да биде завршено, уште утре се завршува од страна на меѓународните. Како наоѓаа средства, како тоа го вршеа и изведуваа не знам.

К.Г.: Они знаат.

XXX: Они си знаат, но беа екстра експедитивни и во комуникацијата и во координацијата и во однесувањето и одговорот кој го даваа тие.

К.Г.: А со локалните самоуправи имавте комуникација?

XXX: Значи јас не можам да кажам, јас имав дваесет и осум невладини организации присутни. Значи шес или седум меѓународни организации у Табановце. Знаете XXX, XXX, XXX, XXX...

К.Ф.: XXX...

XXX: XXX да, да. Сега уште ми стојат во глава.

К.Г.: Да, да, да. Ме интересира со локалната самоуправа зашто сепак и тие беа некако...

XXX: Локалната самоуправа ја вклучивме веднаш. Што тоа значи? Тоа значи дека сето она што е таму како државно земјиште, како земјиште на РМ да се користи за таа намена, треба да се опслужува. Тоа можат да го прават исклучиво јавните комунални претпријатија кои се формирани во самите локални самоуправи. Од аспект на тоа XXX изрази поддршка и побара и самиот да учествува на своите јавни комунални претпријатија за помош и поддршка на кампот, односно на бегалците.

К.Г.: Значи беа респонзивни.

XXX: Да. Беа респонзивни. Сепак имаше некои услуги кои се плаќаа, секако тоа се јавно-комунални претпријатија и тие работат во трговски услови на некој начин, мора да обезбедат личен доход за луѓето. Второ таму дневно се изнесуваа по шеесе, седумдесе кубни метри отпаден материјал, отпад. Дневно се изнесуваше по пет до шес цистерни фекален отпад. Тоа нормално дека кошта, тоа треба да се плати. Секако дека еден дел им се плаќаше, еден дел тие го работеа као...

К.Г.: Про боно.

XXX: Про боно, хуманитарно од нивен аспект. Тогаш беше... мислам дека беше XXX, XXX, да. Имавме многу добра соработка, многу блиска соработка. И од аспект на таа блиска соработка меѓународните утврдија дека динамика постои. И едноставно сакаа да им излезат во пресрет на јавно-комуналните претпријатија, преку XXX кредитираа соодветна механизација за поддршка баш на камповите. Така да мислам дека донираа два камиона за ѓубре, за износ на ѓубре, една цистерна за вода за XXX. Донираа возила други, донираа мислам дека градежна машина за растргнување на ѓубрето или тргање на ѓубрето на...

К.Г.: Па тоа се значи трајни вредности што останаа за...

XXX: Тоа се вредности. Едно комбе за потребите на локална самоуправа. Тоа сѐ го договоривме. Понатака одеа во смисла на подобрување на квалитетот на живеење на месното население во делот на транзитниот центар. Тоа се правеше од аспект да не се сфати погрешно дека ние помагаме исклучиво на бегалците. Нормално дека и на средината која е околу кампот требаше да се... на некој начин имаше потреба од уредување. И за самите бегалци беше потребно тоа, па оградивме простори за безбедност од железничка пруга. Тука имавме жртви знаете, па расветла поставивме на бандерите, нели светла.

К.Г.: Едноставно инфраструктура значи.

XXX: Па доставивме во делот на инфраструктура направивме контејнери, на секои сто метра контејнери во селото Табановце кое е од расфрлан тип селото нели. Па асфалтиравме два километра улици, па бекатонизиравме одредени други улици, па правевме водовод, па прочистителна станица донесовме и така натака. Направивме многу за местото за подигање на квалитетот на живеење на месното население. Се водеше грижа за секој аспект барем додека јас бев таму се водеше грижа.

К.Г.: Ако треба да одвоите и ако може да одвоите една организација со која што... значи не државна, правиме муабет од хуманитарните организации со кои што имавте наједноставна комуникација, најлесна, најглатка или најголема соработка, дали би можеле да издвоите и која би било тоа? Не прејудицирам.

XXX: Би рекле дека би бил простpoсен ако кажам дека тоа е нашиот партнер од XXX. Би бил пристрасен, но навистина е така. Далеку од тоа дека сум пристрасен. Јас имав најдобра соработка со XXX. Тоа беше под XXX.

К.Г.: Да, XXX е за миграции и бегалци е одговорен за цела држава.

XXX: XXX е XXX, имавме многу големо разбирање со XXX и секогаш ни се наоѓаше во моментот кога ни беше суштествено битно да некој биде покрај за да можеме да успееме да функционираме... безбедно да функционираме.

К.Г.: Значи е непосредна комуникацијата...

XXX: Меѓутоа имаше и добри невладини организации, овој „XXX“, „XXX“, тие се одлични. Би го спомнал тука и „XXX“, и „XXX“ беше добар, „XXX“ исто така. Не можам да одвојам некој посебно...

К.Г.: Сите си дале инпут.

XXX: ...оти чувствувам проблем, ќе ги навредам другите затоа што сите си дадоа свој инпут што велите вие, максимално се заложија оваа приказна да биде успешна во секој случај. Успешна за Република Македонија. Не е...

К.Г.: Апсолутно, така е. Точно. Не е за XXX или за XXX.

XXX: Не поединечно за институција и за... Да.

К.Г.: Од кои фондови црпеше XXX за да може да ја работи својата работа?

XXX: За жал од никакви фондови не црпеше. Од сопствен буџет на институцијата.

К.Г.: Кои што се регуларни. Немаше дополнителни фондови.

XXX: Апсолутно регуларни. Сите институции црпеа од сопствените буџети за да се справат со состојбата. И ден-денеска црпат од сопствените буџети. Кога имате прогласена кризна состојба и се справувате со одредена состојба, дал тоа било бегалска криза, дал било пожари, поплави, земјотреси или било какви техничко-технолошки катастрофи, електро-енергетски и така натака, да не ги набројувам.

К.Г.: А колку ве кошташе... колку XXX го кошташе отприлика во буџет дали би знаеле?

XXX: Никогаш не сум водел грижа за тоа и не ми е спецификата на работата да водам грижа за буџетот. Тоа мислам дека колегите од финансии...

К.Г.: А беа ли доволно средства за да се справи XXX со...

XXX: Знаете, кога нема средства тогаш барате дополнително од XXX, од буџетот. Нели имате можност во таква состојба да побарате дополнително средства. XXX, односно XXX има можност да одвои дел од таквите средства, не мора во целина она што вие го барате, но по нејзина пресметка, онолку колку што смета дека е... дал тоа ќе биде во горива, деривати, што јас знам, тоа ќе биде финансиски средства, апсолутно небитно. Но сепак тоа се средства

од буџет. Вие и гориво да добиете, тоа кошта пари, треба некој да го плати и се плаќа од буџетот на XXX.

К.Г.: Имаше такви барања кон XXX во тој период за дополнителен...

XXX: Да, да, имаше за доплнително зголемување на буџетот на институцијата затоа што оваа институција е кревка. Од самото постоење оваа институција има ист буџет. Нема промени во буџетот. Тоа не може да го сфатат ни XXX дека оваа институција е една од водечките институции во дадени состојби кои не би сакал никој да ги преживее...

К.Г.: Да, да. И се повторувачки секоја година...

XXX: Таа е таа инситуција која го крева системот. Е сега колку системот ни е функционален не зависи само од оваа институција, затоа што тоа се збир на разно-разни институции. Тоа се тие национални капацитети и ресурси...

К.Г.: И на крај ако треба да кажеме повторно дали беа доволни или можеби и ќе беа добродојдени и други средства за се справиме...

XXX: Секако дека ќе беа добродојдени и други средства, секако дека... да ви кажам нешто, ја немав некоја оскуда. Од она што мене ми беше приоритет и потреба у транзитните центри да биде воспоставено како процес, за да одговорам на потребите на тие транзитно-прифатни центри. Значи јас го добивав тоа од меѓународните и од невладините. Секогаш кога ќе побарав, не пари, но да се направи нешто. Нели да се направи во смисол кујна.

К.Г.: Да, детско катче.

XXX: Детстко катче да се направи, јас тоа го добивам од самите невладини. Тие располагаа со средства. Впрочем и парите од меѓународните беа насочени преку невладините. XXX не доби од невладините...

К.Г.: XXX со колку луѓе се вклучи во справување со кризата? Отприлика дали знаете?

XXX: Па видете сега, XXX, сега јас што го водам овој сектор е тој сектор кој што ги води сите операции и координира со сите институции. Така да XXX беше вклучен комплетно во кризата, бегалската криза. И практично целиот процес на координацијата поаѓаше од XXX. XXX беше тој кој што во континуитет заседава, донесува одлуки и заклучоци. Ние таму во

Табановце... поздрав XXX!... или во Винојуг Гевгелија спроведувате одлуки и заклучоци на XXX. XXX го сочинуваат не само од XXX. Го сочинуваат претставници од други институции. Од XXX. Од XXX, од XXX, од XXX, XXX...

К.Г.: А на терен свои луѓе XXX?

XXX: Секој од нив има.

К.Г.: Секој од нив значи. Така, така. Беа ли доволно човечки капацитети?

XXX: Лично мислење да. Да. И институционално и лично, како сакате сфатете го, сосема доволно...

К.Г.: Имаше потреба од нови луѓе да се вклучуваат, да се регрутираат?

XXX: Понекогаш се чувствува замор. Не замор заради физичкиот интензитет.

К.Г.: Долгото траење...

XXX: Знаете вие се соочувате со судбини на луѓе таму. Онаа глетка, оној разговор кој го обавувате со нив, секако дека ќе дојде до комуникација со самите бегалци. И самите приказни се малку лошо психолошки дејствуваат и оптеретуваат во секој случај. Тоа е поентата, ајде...

К.Г.: Да се замени тој...

XXX: Да. Кога ќе се почувствува таков замор... (ѕвони телефон)... XXX

К.Г.: И зборевме дека некојпат можеби требаше да се замени персонал.

XXX: Е да, да. Се почувствува тој психички замор понекогаш. Јаа го немав, да кажам искрено јас издржав од две и петнаеста до две и дваес прва комплет. Но моите колеги го имаа секако и затоа имав уште двајца заменици кои во континуитет се менуваа. И истото тоа го правеа и XXX и...

К.Г.: Нови вработувања се случуваа за време на кризата?

XXX: Не.

К.Г.: Не.

XXX: Кај нас во институцијата, во XXX не. Верувам дека и во другите. Времено имаше нешто XXX, тоа се времени.

К.Г.: Времени, да.

XXX: И сите дури невладини организации акумулираа нови договорни времени вработувања.

К.Г.: Дали вие го гледате, според ова сѐ што кажавте XXX како XXX за справување со кризата?

XXX: Види сега, XXX има државава и тој е платен од државава ама тој е за воспоставување концепт и стратегија соодветна за одговор на државата. XXX тој е по функција XXX. Значи затоа е створен, за да биде XXX не само за таа бегалска криза него за сите категории на...

К.Г.: А до кого известува тогаш XXX? До кого репортира?

XXX: XXX. XXX.

К.Г.: До XXX. Директно до XXX.

XXX: Значи секојдневно се изготвуваат извештаи за тековните активности. Во извештајот кој можеби е десетина страни ви стои колку луѓе влегле, кој што направил, колку сте поделиле храна, вода, облека.

К.Г.: Што сѐ било направено.

XXX: Мора да се води грижа за сето тоа, нели. Државата мора да знае, односно XXX мора да знае што влегло, што дошло, што прошло од тоа нели.

К.Г.: Мене ова ми се најбитните работи и отсекогаш ме тангирале и како вработена во XXX ама и сега за проектот значи. Дали XXX правеше своевиден мониторинг врз...

XXX: Апсолутно.

К.Г.: Врз организациите, за дистрибуција...

XXX: Апсолутно.

К.Г.: За до кого има контакт, со кои луѓе...

XXX: Апсолутно. XXX-оима комплетниот попис на материјално-техничките средства што влегле...

К.Г.: Го добивате извештајот...

XXX: XXX го има комплетниот попис на влезот на сето она што значи хуманитарна помош, храна, облека и така натака, нели. Значи ние сме... таа институција тоа го работи, ние го работиме овој дел да кажеме. Затоа имаме такво нешто.

К.Г.: Репортираа до вас организациите, значи баравте такво нешто...

XXX: XXX и тоа има, која меѓународна организација што им дава, колку им дава од тоа и така натака. Да, тоа се рапортира во дневните извештаи...

К.Г.: А дали на XXX некој му правеше мониторинг?

XXX: Оди во XXX и до XXX секогаш е така.

К.Г.: А така, така. Дали кон вас некој правел мониторинг за време на кризата две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: Па поголем мониторинг од XXX нема.

К.Г.: Така. Добро.

XXX: Значи вие одговарате пред XXX за сето она што го правите. XXX носи одлуки на ниво на државата. XXX  не ги носи.

К.Г.: Така. Дали мислите дека постојат преклопувања на цифри помеѓу различните државни институции и организациите во делот на дистрибуирана хуманитарна помош или донирани средства и така натака и така натака. Кога ги гледате на пример кај вас тоа што стига секако. Не можете да зборите за другото. Секој си репортира за своето.

XXX: Знаете сомненија секогаш постојат. Невладините организации се невладини организации. Вие не можете и немате право да им навлезете во делот што тие донеле и што тие даваат. Тие кон вас доставуваат соодветен извештај. Вие воспоставувате процес на надзор. Вие гледате дека тоа што го прикажале се дава, нели...

К.Г.: Така. Тоа е битно, да.

XXX: Но никогаш не можете... не можете вие пред да дава во магацинот да му влезете и да му ги преброите парчињата колку имаат, нели.

К.Г.: Да, да, точно.

XXX: Нон сенс е тоа. Тоа нити сме компетентни да го праиме, нити смееме да го правиме законски така да сето она што се случуваше во центрите одеше со голема почит и голема верба, големо доверие. Но тие беа под надзор на меѓународните да знаете, секогаш! Оти меѓународните им даваа пари на невладиниот сектор.

К.Г.: И регулираат.

XXX: И нормално тие ја координираа распределбата на добрата што ги даваа...

К.Г.: Можеа ли државните институции да се справат сами со кризата? Без поддршка од меѓународните хуманитарни организации. Сама државата со своите министерства, со своите ресурси?

XXX: Види сега, нашава држава како и сите други има потпишано меѓународни договори и протоколи. Начинот на постапката се знае каков е. Вие во Македонија имате Закон за азил и Закон за странци. Се знае како постапувате согласно Законот за азил, како постапувате согласно Законот за странци. Едниот едно ви кажува и ви ја опишува начинот на постапката и обврските и задолженијата на тие што влегле, а другиот ви кажува како постапувате према странците. Значи мислам дека самата Европа, самата меѓународна заедница најде една златна солуција како да ги згрижи овие луѓе во делови од земјите од Европска унија и тие само да пројдат овдека без многу да влијаат на севкупната состојба на просторите низ кои транзитираат, односно проаѓаат. Од тој аспект воведоа некои новини во начинот на постапување да кажеме во транзит. Вие во законот немате како постапувате со транзит на бегалци. Кај пишува тоа како постапувате? Знаете шо е бегалец? Знаете шо е мигрант, така? Бегалец се знае, бега од воени дејствија и така натака кои што го ставаат во животозагрозувачка состојба и мора да побегне. Но мигрантот е... економски би рекол бегалец...

К.Г.: Мигрира поради различни причини, да.

XXX: Има низа причини да кажеме, е сега во еден момент меѓународната ви одлучува дека имате две категории. Едната категорија ви се бегалци, па ви дефинира земји, па вика: Авганистан... не! Вика Сирија, па ќе го прошириме со Авганистан, па сега и Ирак ќе го додадеме, нели. Ако земете здраворазумски да размислувате која е логиката да има... значи вие детерминирате начин на игра како меѓународна организација. Тоа значи вие сносите трошоци на постапки на државата која ја иритира овој проблем во моментот, така? Така да меѓународната заедница тоа прекутно си го дисперзира, си ги заврши работиве како што ги заврши и тоа ќе праиме.

К.Г.: Во случајов ги ис... да не речам ги искористи ама ги употреби организациите меѓународни за да ги исканализира средствата кои што беа...

XXX: Да, ги исканализира средствата, тоа ми беше зборот.

К.Г.: Јасно, јасно, да.

XXX: А меѓународната не веруваше на... сега ова нека не влегува во тоа...

К.Г.: Не, не, не. Ова си се мои лични заклучоци, да.

XXX: Меѓународната не веруваше во капацитетот. Ако средствата, тешките милиони ги даде на државата дека тие ќе бидат употребени за таа намена и затоа одлучи да оди преку невладиниот сектор и директно да им помага на институциите.

К.Г.: Да. Ама повторно се повикува на тие државни, меѓународни конвенции и така натака, и така натака врз основа на кои што... Ваше лично мислење ме интересира, се успеа да се спречи човечкото страдање?

XXX: Па да ви кажам... човечкото страдање никогаш не може да го спречи. Вие можете да влијаете на тоа.

К.Г.: Да се ублажи.

XXX: Да го ублажите (неразб.) психичкиот нели, духовниот у секој случај. Или да влијаете да му го зголемите. Ние успеавме во Македонија на некој начин и благодарни беа самите бегалци кои се движеа низ Македонија, самите го кажуваа во интервјуата во Германија, во Аустрија и така натака, горе во европските земји дека поминале низ една мала земја која

многу се грижела за нив. И благодарност изразуваа за тоа. Значи настојувавме да им ги ублажиме маките и страдањата.

К.Г.: Се почитуваа ли човекови права во камповите или во периодот на транзиција?

XXX: Можам со сигурност да ви тврдам дека да. Максимално. Дури и определив еден објект за обреди. Нели имаа обред, сака да се клања. Океј. Обезбеден. Повелете!

К.Г.: Како бројка знаете ли колку луѓе беа асистирани од страна на XXX, мислам добија поддршка од XXX?

XXX: Над милион и пол.

К.Г.: Над милион и пол.

XXX: Одговорно тврдам иако бројките и на меѓународните и нашите државни бројки... некаде над милион. Со тоа што ги немаме бројките пред прогласување на кризната состојба. Ние ги имаме бројките во екот, во периодот кога кризната состојба се прогласи, првите дваесетина дена, триесетина дена.

К.Г.: Затоа што сѐ уште во тој дел важи кризната состојба, дали со тоа мислите дека ќе се смени во идно, во скоро време?

XXX: Како мислите, во кој дел да се смени? Во кој однос?

К.Г.: Моите сознанија се дека сѐ уште нели...

XXX: Да, да, да. Кризната состојба е продолжена.

К.Г.: Да, дали мислите дека тој дел ќе се интервенира нешто или до кој период ќе трае? Вашето мислење.

XXX: Видете, не мислам дека ќе се смени.

К.Г.: Да?

XXX: Мислам дека ќе има уште поголеми проблеми. Јас тоа и на времето го кажував, ова е само некаков си вовед. Бидејќи имате еден куп луѓе бегалци или мигранти од разни други причини. Значи пред и сѐ зборувам климатските промени си носат свое. Ќе ги почувствуваме...

К.Г.: Да, тоа е сега нешто кое што многу се...

XXX: Ние ги чувствуваме и оваа година и претходната, ќе ги почувствувавме уште посилно наредните години. Милиони тони експлозив се употреби во војната помеѓу Русија и Украина. Тоа се проблеми кои допрва ќе нè закачат нели во смисол на промена на температури, суши и така натака и така натака. Еден куп работи кои што ќе ни се случуваат. Мислам дека ова нема да биде... (ѕвони телефон) имам обврска... Ова ќе се случува и понатака.

К.Г.: Да, баш сега на оваа школава...

XXX: Ќе имаме уште. Далеку од тоа дека ќе се среди ситуацијата со промените. Вие ги имате на Блискиот исток, афричкиот континент, ги имате. Така да јас би сакал да бидам оптимиста ама не сум.

К.Г.: Не го поставувам ова прашање: што се направи за домашното население и како се превенираше ксенофобија зашто кажавте веќе колку многу било направено за локалната самоуправа односно за општината каде што... општините кои што беа најмногу афектирани од цела ситуација, така што се работело и се правело. Јас знам од аспект на XXX што се правеше. Ме интересира ако утре се случи нов бран дали и колку чекори сме понапред да се справиме со ситуацијата од пред две и петнаеста?

XXX: Видете ние се справуваме... ова ни е четврта или петта бегалска криза. Секоја нова криза сама по себе значи научени лекции, нели. Мене ми импонира да кажеме што многу млади беа вклучени за овој период за оваа кризна состојба, бегалска криза многу млади луѓе беа вклучени. Ентузијасти кои сакаат да помогнат, сакаат да направат нешто. Некои и од економски аспекти...

К.Г.: И нека е само за тоа, би рекла јас така.

XXX: Така. Но научија една приказна која доколку утре ни се случи, може да рачунаме на нив да воспоставиме еден процес за одговор кој што ќе даде резултат. Искуството ќе даде резултат. Ние веќе остаруваме, нели, оние што сме во институциите. Ние сме веќе во период кога заминуваме во пензија. Ни треба млади, ни треба нова сила која шо ќе учи лека – полека и ќе се соочува со проблеми. Мада верувам дека... јас сум...

К.Г.: Тоа е целта на овој програмот шо сега го праиме муабет.

Г.С: ...во тој дел оптимист, верувам во младите, верувам во луѓето. XXX...

К.Г.: Значи имате непосредно... непосредна информација за влијанието врз нејзе што го оставило.

XXX: Да. И знам како тоа влијае на нејзе, знам со каков елан го работеше тоа, со каква заинтересираност за да помогнеш. Не е...

К.Г.: Преку XXX да не се вклучи?

XXX: Не економскиот аспект, немаше некој економски аспект ама беше битно да се помогне. Тоа е сатисфакција кај одредена категорија на луѓе. Тоа треба да се цени, да се почитува. Институциите пак ќе си го направат своето, нели? Меѓутоа...

К.Г.: А ако се случи друга хуманитарна итност што не е мигрантска криза, дали искуството од оваа би влијаело на некој друг тип на хуманитарна итност која што не мора да биде предизвикана од миграција?

XXX: Секако дека би влијаело. Секако дека би влијаело. Може и нам да ни се случи сè и сешто во Република Македонија. Можете вие денеска да имате не знам каква природна катастрофа и да евакуирате стотици илјади луѓе.

К.Г.: И сите луѓе да интервенираат, сите тимови...

XXX: Треба да се грижите за тие луѓе кај ќе ги сместите. Треба да им обезбедите што ќе им обезбедите, нели и така натака.

К.Г.: Дали нашата држава...

XXX: Можат тие постулати.

К.Г.: Ова ми се сега... ова ми е последно прашање и многу ми е важно. Значи дали во нашата држава се потребни некакви законски измени или регулативи кои што ќе направат државата полесно да се справува или организациите со хуманитарни итности? И што е ваша лична сугестија, кога вие би можеле нешто да промените или па мислите дека океј е, мислам сè?

XXX: Не сум баш јас од тие што мисли дека сè е океј. Јас сум специфичен. Прво сум... не сум специфичен, многу сум специфичен затоа шо сум гласен и затоа шо кажувам сето она што сметам дека...

К.Г.: Супер е тоа.

XXX: ...е исправно по мене да го кажам. Самата држава, самите институции треба прво да го променат односот. Институциите се поради луѓето, поради граѓаните. Институциите сами за себе и немаат потреба да постојат, нели. Тие треба да бидат сервиси. Никогаш не треба да се стават во ситуација да бидат индиспонирани во смисла на тоа – јас сум претставник на оваа институција и тоа е тоа, нели. Јас сум битен. Никогаш не сте битни вие во приказната. Битни се сите заедно. Битни се и невладините, битни се и меѓународните, битен е и XXX како партнер на државата. Секако дека институциите имаат капацитети, имаат ресурси, имаат финансиски средства, имаат моќ на еден начин да покренат, механизмот да го покренат. Но е многу битно... (ѕвони телефон)... јас се извинувам!

К.Г.: Нема проблем.

XXX: Повели! XXX... шо ќе пиеш? Еспресо или макијато?

К.Г.: Не, не, ништо. Фала, фала.

XXX: Водичка барем?

К.Г.: Ништо, ништо, ништо.

XXX: А?

К.Г.: Ништо, ништо, ништо.

XXX: Добро, добро, ништо. Ништо колешке. Да, земи го тоа, да. Фала! Ајде.

К.Г.: Ќе пиеме кафе во Струга ако дојдете. Дојдете во Струга ако...

XXX: (неразб.) значи не ги фалам... не мислам дека институциите се екстра експерти во начинот на делувањето, напротив сметам дека само забуна ќе створат и дополнителни проблеми. Сметам дека многу институции треба допрва да учат, многу работи да учат за да би рекле – да, ние сме спремни, можеме сами да тераме без поддршка од меѓународната... без поддршка од невладиниот сектор и така натака.

К.Г.: А оној период кога дозволија седумдесет и два часа да има...

XXX: Ќе ти објаснам и за тоа.

К.Г.: Дали го поддржувате тоа? Дали е океј, дали добро ни дојде?

XXX: Видете сега, тоа е една солуција која ја најде државата во вакуум период согласно... јас ви одговорив преска, имате Закон за азил и Закон за странци. Ако постапувате вие во моментот на влезот или ќе го носите на суд прекршочно, да го очерупате и да го вратите назад на граница, тоа ви е Законот за странци или тој мора да влезе и да поднесе барање за азил. Немате транзит. Немате вие движење низ земја.

К.Г.: Визбегово и...

XXX: Толку ви е. Заедно со меѓународната најдовме златна солуција заради организиран транспорт, седумдесет... регистрација, биометрија и така натака, седумдесет и два часа се сосема доволен број на часови кои овозможуваат регистрација, биометрија, храна, одмор, организиран транспорт и проаѓање низ Македонија. Така да тоа... мислам тоа е веќе оправдано за мене нели? Значи не подлежат на тој дел од законот...

К.Г.: Затоа што дел од институциите со кои што на пример еве досега разговарав тоа го доживуваат како најголемиот успех.

XXX: Да?

К.Г.: Да.

XXX: За седумдес два часа? Јак успех, ајде, нема врска. Мислам тоа беа проценетите потреби. Сега јак успех, ако отидеш XXX. Беше у XXX?

К.Г.: Сегдека бев. И XXX и...

XXX: Ќе ти XXX – ееееј ние и тоа бегалците ова... Ако отидеш у XXX, тука па друго ќе ти кажуваат – да не бевме ние и така натака. А кога ќе дојдеш кај мене, ќе ти кажам дека сите тие ние ги координиравме (се смее). Прво тоа.

К.Г.: Да, да. Точно, точно.

XXX: Се шалам.

К.Г.: Не, ама на крај стигнав кај главниот. Тоа е најинтересно, значи на крајот, последното онака денеска. Многу напраив, околу дваесет и нешто...

XXX: Тоа да ти кажам, не верувам дека институциите можат сами. Колку и да се удараат у гради и да глумат јакост не може ова сама една институција, две или повеќе не можат сами да го истераат.

К.Г.: XXX, што понесе ти лично од кризата да прашам? Какво чувство, не знам...

XXX: Да ти кажам јас се ставив во ситуација, во улога и тоа толку сериозно го сфатив, кој ме знае, така ме цени. Се ставив во улога да превземам многу обврски и одговорности на сопствен грб. Да бидам татко дневно на пет – шес илјади луѓе кои транзитираат, преди сè да бидам татко на оние луѓе кои што се доле како персонал. Да се грижам за нив, да се грижам за тие што проаѓаат, да се грижам за севкупната состојба, да не дозволам да има ескалација на проблеми, состојби и така натака. Притоа да држам под контрола и XXX и XXX кои ите како можат да користат репресивни методи и средства и да држам под контрола едно XXX кои секогаш се XXX дека XXX. И ако не се оние меѓународни и невладини организации, тие се нула на терен. Ти го кажувам ова јавно, ме снимала, не ме снимала, како сакаш, небитно.

К.Г.: Не, не, не, нема врска.

XXX: Ама ти кажувам ако си учествувала во центрите многу убаво знаеш.

К.Г.: Све знам, да. Не уствари све знам ама... вака убаво ми е да се запознаам со сите.

XXX: Значи јас бев човек кој што бев широкогруд. Сакав да гледам и за месното население, селото преди сè...

К.Г.: Тоа е многу битно значи. Тоа е многу, многу битно...

XXX: И тоа да ужива во одредени благодети, затоа се залагав прво...

К.Г.: Па и организациите тоа го збориме дека мора месното население...

XXX: Прво да се прашаат месното население дали им треба работно место, работна позиција...

К.Г.: Така е, тачно!

XXX: На тој начин да го договори...

К.Г.: Нема јас сега да идам од Скопје да ги влечам.

XXX: Второ, тој човек нема канализација, нема вода...

К.С.: А ти тука...

Г.С:: Нема асфалт, гази у земја. Ако тоа не му го обезбедам као приоритет, а сум му ставил транзитен центар, зошто сум таму.

К.Г.: Да, ќе земе ќе ти протестира, мислам...

XXX: Ќе ти напраи проблем. Ќе проба...

К.Г.: Ама тоа е слухот...

XXX: Ама ги смирив, им реков – не може ова кај мене, не проаѓа... тоа е тоа.

**Transcription no.4**

Место: Скопје

Датум: 23.3.2022

К.Г.: ...нека тече. Сега кај тебе ми е кец у десетка зашо и сега работиш на тоа поле и плус... плус тогаш. Ти благодарам пуно! Значи само ако можеш да се претставиш со име и со презиме за да го имам јас...

XXX: Добро. XXX XXX, а претходно за време на бегалската криза XXX.

К.Г.: Добро. Колку време си сега во ова и колку време беше во XXX?

XXX: Во XXX сум од ноември две илјади дваесет и прва вработена точно за поддршка на авганистанските евакуирани граѓани кои што работеле за XXX Авганистан и со одлука нели на нашата влада да ги прими, да прими негде околу илјада евакуирани граѓани, дел од тие евакуирани се поранешни вработени на XXX и на XXX. Од ноември две илјади и дваесет и прва сум тука. А претходно работев како XXX за време на бегалската криза во XXX, од две илјади и петнаеста беше до две илјади и деветнаеста, кога се затвори канцеларијата тука затоа што беше отворена како имрџнси риспонс.

К.Г.: Добро. Тоа сакав да прашам. Значи твојата улога кажа дека била тим лидер, а на XXX која беше?

XXX: Значи XXX беше отворена како имрџнси риспонс на... ја викавме сириска бегалска криза затоа шо најмногу имаше бегалци од Сирија, меѓутоа имаше и од Пакистан, имаше и од Авганистан тогаш. Меѓутоа беше сириска бегалска криза затоа што нели директно беше афектирана Сирија и бидејќи бевме на рутата на движење за да може да одат до западните земји, Македонија беше дел на рутата на движење. XXX го поддржа финансиски отворањето на канцеларијата во Македонија. Бек стоп беше канцеларијата од Косово.

К.Г.: Бек стоп? Тоа е...

XXX: Бек стоп. Да. Тоа значи да можеш да го поддржиш почетокот на основањето на... да го воспоставиш имрџнси риспонс затоа што е имрџнси риспонс и тоа све треба хитно да се направи.

К.Г.: А уште постои во Косово?

XXX: Во Косово да, сè уште постои затоа што таму има и други програмски активности кои што не се занимаваат само со имрџнси риспонс ама е дел од нивното портфолио, за после... Значи прво XXX кој што беше како срч, така го викаа они, на ниво на XXX кој што беше тука донесен за да може да ја воспостави мисијата ама бараа локалец. Јас на почеток бев примена како XXX. Со мене работеше и мониторинг евалуешн лрнинг анд акаунтабилити офисер, фајнанс офисер, потоа имавме ејџ-ар, прокјурмнт и драјвер.

К.Г.: Колку беше тоа, значи колку луѓе во тимот?

XXX: Прво значи беше тим лидер XXX, јас бев XXX, XXX мониторинг офисер, XXX фајнанс, XXX ејџ-ар, XXX прокјурмент и XXX шофер.

К.Г.: Три, четири, пет, шес, седум. Добро. Какво е уствари искуството на XXX во кризи од тоа што ти си можела да го видиш и што го кажувале твоите колеги што можеби подолго работеле во XXX? Позитивно, негативно, во шо сè се вклучувале...

XXX: Дефинитивно позитивно затоа што они имаат специјални програми дури со процедури интерни бидејќи XXX е исто меѓународна невладина организација. Имаат воспоставено систем како сето тоа се воспоставува и како еден имрџнси риспонс се отвора и како се делува и се работи во земјата. Значи имаат специјални процедури за да одговорат и имаат специјални флај тимови кои што им се посебно обучени за да можат да работат имрџнси.

К.Г.: Како ги кажа? Флајт?

XXX: Флај тимови.

К.Г.: Флај или флајт?

XXX: Флај, флај. Да.

К.Г.: Флај тимови као летечки тимови.

XXX: Летечки тимови.

К.Г.: Флај тим.

XXX: Да. Тие работат на пример, тоа беше многу интересно што да речеме регионалниот мој директор тогаш во XXX, XXX он исклучиво работеше како директор на флај тимови и он претходно работеше на Сирија, во Сирија и после беше поставен за Балкан како регионален директор ама исклучиво за имрџнси риспонс. Ниту една друга програма не работеше. А имрџнси риспонс програмите што опфаќаа? Значи прво и основно беше чајлд протекшн затоа шо...

К.Г.: И на терен исто работеа?

XXX: Да, и на терен работеа со тоа што акциите највеќе ги имплементираа преку партнери. Значи париве се обезбедуваа преку меѓународни фондации, преку меѓународни донори. Најчесто се поврзуваа... се поврзуваат да речеме со XXX, да речеме со XXX, нели оној на XXX што е посебниот фонд за катастрофи, не ми текнува како се викаше сега... Леле на врв на јазик ми е...

К.Г.: XXX нешто?

XXX: Не XXX, има посебен за катастрофи. Ќе ми текне, ќе ти го кажам. Значи одма се поврзуваат и парите генерално од таму доаѓаат.

К.Г.: Преку XXX?

XXX: И преку XXX, и преку XXX и преку разни други фондови, меѓутоа XXX си има и свој борд на директори кои што прават фанд рејзинг од разно-различни работи. Како и да е, за имрџнси риспонсис имаат посебни фондови кои што им се достапни и кои што можат да бидат... значи ако воспоставуваат канцеларија во Македонија, парите ги одобруваат за еден саат.

К.Г.: Така. А дали на пример сега тимот што беше на XXX излегуваше и на терен, а некојпат и своите активности ги спроведуваше преку партнерски организации на терен? Мешовит начин беше или само еден принцип на функционирање?

XXX: Вака сега, значи активностите во делот на чајлд протекшн, на сервиси, значи како услуги ги спроведуваше преку „XXX“ и преку „XXX“ во двата бегалски кампа. Сега како... они беа транзитни центри, прифатни тогаш... ама за мене...

К.Г.: Ама и кампови ги викаме.

XXX: Така да преку „XXX“ и преку „XXX“ парите и активностите беа во однос на заштита на децата и нивните семејства со посебен фокус на деца кои што не се придружувани.

К.Г.: Добро. Сега морам да се вратам малце неколку прашања зошо отидовме у другите веќе ги одговараме. Врз основа на... мислам... Прво ајде генерално што значеше искуството на XXX во други кризи за искуството да се реплицира во Македонија? Мислам дали беше употребливо искуството, колку влијаеше?

XXX: Скроз. Значи јас по професија сум социјален работник, од босанската криза навака сум била учесник во делот и на услуги, давање на услуги од типот на психо-социјална помош и поддршка и психо-социјална интервенција, не само помош и поддршка. До типот на спроведување на сервиси од регистрација на деца, основни човекови права и така натаму, значи XXX како на ниво на искуство во однос на имрџнси риспонс можам да ја издвојам како организација која што е многу спремна, особено во делот на заштита на деца и во делот на адвокаси за правата на децата кога се... Значи тоа беше специфична криза, беше он д мув. Да речеме оваа сега е многу различна. Сетапот е скроз поразличен.

К.Г.: Овие за флај тимови, за брзите стандардни оперативни процедури кои што ги има XXX, дали можам нешто да најдам на интернет објавено или ако имаш нешто да ми споделиш било шо?

XXX: Може, ќе проверам. Ќе проверам шо има.

К.Г.: Мислам било кај има. И на интернет дали пишува нешто за брзото стартување кое што го имаат, зашо ми е битно уствари. Затоа што ќе дојдеме до еден момент во кој што пак државните институции им недостасуваат тие брз начин на интервенција во оваа ситуација, ама ќе дојдеме до тоа. Мене ме интересираше државата кои документи или што сè бараше, какви активности да превземе XXX за да XXX дојде во Македонија и според каков мандат

стапи XXX? Кои документи ги побараа, каква беше процедурата да дојде тука да се отвори канцеларија?

XXX: Значи претходно исто била регистрирана канцеларија. Се регистрираше како XXX Македонија. Значи таа беше во мирување фирма, за време на босанската криза мислам дека ја имаше. И после тоа кога се реотвори целата програма бидејќи имаше нови правила, процедури и така натаму најголем предизвик за регистрација беше банкарските сметки.

К.Г.: Аха. Што беше специфично?

XXX: Специфично беше затоа што не можеа... немаше банки кои што... со кои што можевме да соработуваме за определен временски период како... да нѐ третираат како нерезеденти.

К.Г.: И да бидете ослободени од данок.

XXX: Да. Затоа шо имаше голем прилив на пари. Да речеме, не знам, за време на кризата која што беше шо се случија и поплавите.

К.Г.: Две илјади и шеснаеста.

XXX: Да. Пеесет илјади евра беа дадени на „XXX" на XXX.

К.Г.: За поплавите?

XXX: За поплавите, да. Така да... мислам како организација она си постоеше, само се возобновија контактите. Е сега требаше да се регистрираме во XXX.

К.Г.: Во XXX значи.

XXX: Да. Нели пријавување на надворешни лица во XXX, во XXX влеговме во регистарот на тие хуманитарно и се претставивме пред XXX, пред XXX, пред сите тие...

К.Г.: Значи постои некаков регистар.

XXX: Да, регистар, тоа можеш од кај XXX да го дознаеш.

К.Г.: Да, да, сигурно. Ќе се видам и со него, да. Регистар на...

XXX: На организации кои беа присутни. И XXX исто беше од...

К.Г.: XXX од XXX, значи она исто така има... мислам беше таму, присутна беше и они ги правеа сите координативни состаноци на сите присутни домашни, меѓународни и државни институции кои беа вклучени во одговорот на бегалската криза.

К.Г.: Кои сè активности ги превзема XXX? Што сè правеше за време на...

XXX: Значи прво даваше поддршка на децата во смисла на обезбедување на оние базични...

К.Г.: Основни потреби.

XXX: ...потреби, да. Чајлд френдли спејсис и во Табановце и во Винојуг беше комплетно опремено од XXX. Беа платени луѓето на „XX X“ и на „XXX“ кои што директно работеа со децата и со семејствата. Правеше набавки по однос на облека, храна и други потребштини, дури имаше и плаќање за медицински потреби за деца и нивни родители, членови на нивно семејство. Посредуваше при сместување, посредуваше доколку има потреба од адвокаси за правата на некое дете кои што беа нарушени. Најмногу делуваше во онаа безбедната куќа. Тука даваме и пари меѓутоа многу имавме и...

К.Г.: Безбедната куќа беше од страна на XXX...

XXX: Да меѓутоа XXX таму ја работеше XXX. Тука ние многу... сите, сите присутни меѓународни фактори многу, многу, многу влијаевме да тоа стане како да кажам, тотално неповрзано со религиозен момент.

К.Г.: Апсолутно.

XXX: Услови имаше во религиозната, имаше многу пари и они имаа како XXX пари шо ги добиваа, меѓутоа тука исто XXX помагаше многу и во однос на персонал и во однос на обука на персоналот. Инаку сите вработени кои што беа, значи кои што XXX ги даваше парите за вработување на тимови на „XXX“, на „XXX“, задолжително ги поминуваа обуките за заштита на правата на децата и политиките за заштита на правата на децата. Сејв гард полисис кои што мораа да ги потпишат како организации, и „XXX“ и „XXX“ мораше да ги потпишат. И потоа поминуваа обуки за пружање на прва психолошка помош за работење со деца, за сите волонтери кои што беа вклучени. Редовно се правеа мониторинг посети од страна на XXX, она беше акаунтабилити и лрнинг така да собираше податоци, даваше предлози, така и дизајниравме останати проекти. Значи се работеше и со... да речам

постарите малолетници, за нив имаше специјални програми. Заедно со XXX преведовме многу голема литература додека децава седат во детските катчиња, додека да им се обезбеди пошто беше он д мув, преведовме многу голема литература, направивме клипови, цртани филмови се преведоа...

К.Г.: На нивни јазик.

XXX: Да. Имаше на нивни јазик и плус авганистански, дари, пашту и не знам таму кој...

К.Г.: Ако треба некоја активност да ја издвоиш и да ја раскажеш како приказна која шо XXX ја реализирал што ти остава вака во меморија.

XXX: Бидејќи го поддржувавме и ристоринг фемили линкс на „XXX“, значи плаќавме таму сето тоа и во Винојуг и во Табановце, би издвоила спојување на неколку семејства, успешни спојувања со посредство на „XXX“ и на XXX и тоа како XXX ги организираше работите, меѓутоа морам да кажам стварно и „XXX“ и XXX беа вклучени. Тоа така би го издвоила како еден од посебните моменти. Друг момент би издвоила несебичноста на организацијата во однос на заштита на децата, имаше тука една тешка операција на едно детенце. Тоа го изорганизиравме со „XXX“, ние, тогаш ние, значи XXX плати комплетно. Би издвоила моменти што многу се внимаваше на стандардите особено во делот на џендер икуалити и културолошките моменти. Значи сепак се почитуваа тие како да кажам...

К.Г.: Тоа е многу тешко да се спроведе.

XXX: Да. Значи многу, многу. Дури и кога правевме набавки за купување на играчки, имавме посебни стандарди како играчките треба да изгледаат. И во однос на културолошките разлики и во однос на родовите, родовата еднаквост. Да не ги учиме децата, да не ја поддржуваме стереотипноста на децата во однос на што е машко, што е женско.

К.Г.: Од типот на девојчињата џогер да им се купува и правосмукалка.

XXX: Да, да, да.

К.Г.: Некоја најкомплексна за вас задача што ја имаше XXX или активност за време на целата криза?

XXX: Комплексно беше шо на ден имаше мислам ненормално многу луѓе кои што доаѓаа и понекогаш беше комплексно со толку многу партнери да ги изорганизираш на терен присутни зашо донаторите сите се ориентираа кон нели поддршка на овие луѓе. И со право беше тоа. Меѓутоа некако беше многу тензично кога ќе се измешаат лончињата. Значи од сите. Ако сега XXX... немаше некако координација соодветна. XXX финансира чајлд френдли спејсис, влегува и XXX. Па после сфативме дека треба партнершип да направиме, па го направивме тој партнершип, па се договоривме кој, што и како да финансира и зашто да финансира и така. Имаше... некогаш сакајќи многу да помогнеш настануваше хаос.

К.Г.: Следните прашања ми се баш во делот на соработката.

XXX: Е најголем предизвик беше, немаше проблем во имплементација, немаше проблем со еве со XXX, со сите тие работи, со партнери... Најголем проблем беше координацијата на сите присутни во бегалските кампови, институционална.

К.Г.: Едно од прашањата ми е дали постоеше лидер во целата ситуација кој што ги координираше сите останати? Дали беше тоа државата, дали беше тоа друга организација...

XXX: Државата беше лидер, беше труд и социјала ама они беа до тука. Па после XXX беа до тука. Па XXX беа до таму. Па XXX до онаму. Значи нигде немаше некој вака да седне... на крај XXX го фати моментот као да ги праи тие координативни состаноци со цел да разменуваме податоци...

К.Г.: Комуникација, да.

XXX: Да имаме комуникација и од тогаш малце од малце се... така поднапраија работите како да кажам.

К.Г.: А генерален впечаток личен за соработката со државните институции и надлежните министерства и органи за време на кризата? Државните институции. Соработката каква беше?

XXX: Лично немав. Сега дали ми олеснуваше тоа шо имав многу лични познанства и лични контакти затоа шо доаѓав од XXX па лесно ми одеше сето тоа, луѓето ги знаев.

К.Г.: Добро ама тоа е значи многу битно затоа што XXX ангажира локален човек. Значи не донеле некој од Британија или од друга... зашо тука ги познава луѓето. Тоа е стратешки добро.

XXX: Да. Значи првиот момент има странец ама по моето доаѓање, по три месеци она си замина. И мене ме назначија за тим лидер. Така да мене тоа не ми беше голем проблем. Значи како да кажам, познавајќи го локалниов контекст ми беше лесно да ги решам работите.

К.Г.: Дали имавте соработка со локална самоуправа и како течеше протокол за комуникација со локална самоуправа? Одеше директно со локална самоуправа или преку надлежно министерство или преку друга организација?

XXX: Нели XXX беше као надлежен за камповите и менаџирање на камповите така да имаше таму поставени као одговорни и за Гевгелија и за Табановце, така да... Мислам се трудеа луѓето иако беа партиски поставени...

К.Г.: Од општините?

XXX: Да, да. Од институцииве мислам дека беше.

К.Г.: Дали имаше некакви други потешкотии во однос на... мислам спомнавме потешкотии ама дали постоеја потешкотии при комуникација и протоколи за работа, доколку постоева протоколи за работа во делот на државните институции?

XXX: Немаше протоколи, немаше ништо тогаш. Тогаш се правеше. Тогаш XXX ја ангажираше XXX...

К.Г.: А стандардни оперативни процедури дали имаше државата, сопови?

XXX: Ма ништо немаше. Немаше ништо. Ние почнавме, направивме сопови заедно со XXX за непридружувани малолетници како се постапува.

К.Г.: Добро. Дали може ја да добијам нешто од тие...

XXX: Мислам дека ги имам, да. Напраивме...

К.Г.: Тие се интерни ама чисто да знам дека ги има, може ќе се повикам на некој дел.

XXX: Не, не, не. Мислам дека направивме прирачник...

К.Г.: И тоа ми треба.

XXX: Прирачник за работа на професионалци со бегалци. Тоа го имам.

К.Г.: Да ми го пратиш.

XXX: Да.

К.Г.: Ќе те потсетам.

XXX: Да. Пиши ми што треба да ти пратам оти ќе забораам ја.

К.Г.: Ќе ти пишам. Ќе ти пишам. За државните институции спомнавме, што е со хуманитарните организации? Каква беше соработката со другите хуманитарни организации и кои сè ги имаше?

XXX: Ох кои сè, значи имаше една табла (се смее) ако ја најдам ќе ти ја испратам...

К.Г.: Ќе си запишам јас сега што све треба да побарам.

XXX: Значи имаше табла ко ќе одиш во Гевгелија или на Табановце, напред на таблата ги имаше сите. XXX…

К.Г.: Беа и XXX?

XXX: XXX на XXX брат ѝ, он беше одговорен.

К.Г.: Од XXX?

XXX: Да.

К.Г.: Ааа не знаев. XXX од XXX?

XXX: XXX од XXX.

К.Г.: Што беше. Мислам и сега ваљда е.

XXX: Она е сега шефица на кабинет на XXX XXX.

К.Г.: Добро. Можам и нејзе да ѝ се јавам. Да го добијам тој братот. А тој у државава е?

XXX: Да бе, тука е, работи за XXX. Е, си го исклучив. Чекај бе вака... Не овде не би требало да го барам. Ќе го најдам...

К.Г.: Ќе ја најдеш, мислам ќе ти остане време, јас ќе ти запишам, и таблата ја запишав за да ми ја пратиш. А генерално комуникацијата и соработката со меѓународните, со сите тие шо беа на таблата?

XXX: Океј беше. Океј.

К.Г.: Да?

XXX: Да.

К.Г.: Сите беа френдли? (се смее)

XXX: Сите беа френдли зошо беше стварно многу комплексна ситуација и затоа шо имаше многу луѓе и ако не си дававме поддршка не знам како ќе издржевме.

К.Г.: Дали тука имаше некакви протоколи за работа и кои беа тие?

XXX: Не. Ништо.

К.Г.: А со која имавте меѓународна хумнитарна организација најдобра соработка? Ако можеш да издвоиш и ако има потреба да издвоиш мислам...

XXX: Со XXX добро соработувавме, со XXX добро соработувавме...

К.Г.: Добро.

XXX: Табановце XXX беа тука присутни.

К.Г.: Шерни ги одма, селект и шер.

XXX: Детско село беа присутни.

К.Г.: XXX?

XXX: Да. Еве ти како изгледа, ние ова све расчистивме, ова беше последниот шатор у Табановце кој што беше...

К.Г.: Ќе ми шернеш нешто? Шерни ми на...

XXX: Ќе ти шернам.

К.Г.: Само уште еднаш едно сумирање да направиме зашо веќе зборевме за финансирањето, овој цел дел го кажавме, од кои фондови се финансираа активности за мигрантската криза, XXX...

XXX: Еве ги.

К.Г.: Супер. Шерни ми молим те. Значи од кои фондови се финансираше?

XXX: XXX си имаше свои фондови.

К.Г.: Свои фондови и тие на XXX шо ги користеше.

XXX: Да. Ќе ти ги кажам и тие на XXX само ќе ми даеш време, сеа знаеш сум ги...

К.Г.: Ќе запишам и тоа.

XXX: Чекај сега како да ти го шернам?

К.Г.: Селект и шер одма ќе ти излезе доле.

XXX: Чекај сега вака...

К.Г.: Фондовите беа по пртеходно барање...?

XXX: Да, да.

К.Г.: Е тоа, процедурата ме интересира.

XXX: Претходно бараш, правиш проект и праќаш.

К.Г.: И за колку време тоа биднува?

XXX: Значи многу брзо.

К.Г.: А каде праќаа?

XXX: XXX се викаа фондовите.

К.Г.: А XXX.

XXX: Ние ги праќавме во XXX, праќавме во XXX, праќавме во XXX, па XXX на повисоко ниво бараше...

К.Г.: Мхм. Дали тоа значи дека и XXX користеше средства и од XXX?

XXX: Да.

К.Г.: Значи и од XXX агенции исто.

XXX: Да. И XXX. XXX беше.

К.Г.: Значи XXX, XXX и сопствени фондови.

XXX: Мхм.

К.Г.: И брза реализација.

XXX: Да, брза.

К.Г.: Дали се користеа за време на мигрантската криза во Република Северна Македонија финансиски средства од буџетот на државата и колку средства?

XXX: Имаше. XXX не користеше такви средства ама имаше. Точно тоа сеа јас не знам.

К.Г.: Добро, ќе ги прашаме нив. Дали сметате дека тие беа доволни?

XXX: Не. Тоа беше алоцирано нешто колку... Мислам дека имаше ишјус на крај околу струјата, па XXX превзема да го... значи по камповите тие работи кои шо требаше државата практично да ги плати, е тоа беше струја, вода, местото за воспоставување на камповите, па контејнери немаше доволно...

К.Г.: Немаше интерес од приватните фирми или тука шо се јавни претпријатија да ве ослободат од тие средства?

XXX: Не.

К.Г.: Да сумирам. Колку средства... со колку средства се вклучи XXX во мигрантската криза?

XXX: Ооо не се сеќавам.

К.Г.: Отприлика?

XXX: Значи многу. Многу. Милиони беа тоа.

К.Г.: Добро. Има ли извештај негдека нешто шо можам да најдам да прочитам?

XXX: Тоа не знам, на веб страната да видиш. Јас можам да проверам, да видам дали нешто...

К.Г.: Во некои... при затварање на канцеларијата можеби имало некои...

XXX: Имавме, да, да, тоа предававме све. Сега на Босна предадовме, инаку...

К.Г.: Мислам отприлика бар, не...

XXX: Инаку XXX е планот да се врати со други програми. Значи јас ќе треба да почнам да правам асестмент некаде од мај месец за состојбата со детските права во Македонија и да видиме дали ќе можеме да успееме да се врати канцеларијата, да се реотвори со регулар програми надвор од имрџнси.

К.Г.: Кажавме дека седум луѓе биле вклучени во XXX. Каква беше експертизата нивна, професионалност...

XXX: Сите релевантни.

К.Г.: Релевантни.

XXX: Сите релевантни со соодветни скилс на позицијата која шо беше барана.

К.Г.: Дали беше тешко да се регрутираат?

XXX: Јас регрутирав само двајца. Пред мене... во исто време со мене беа регрутирани фајнанс и (неразб.). Така да...

К.Г.: Така. А дали се чини тешко да се регрутира кадар за време на комплексна хуманитарна...

XXX: Апсолутно зашо тука кој поише пари ќе даде (се смее).

К.Г.: Да. Тој ги превзима луѓето. Значи дали постоеше национална координација и како изгледаше тоа?

XXX: Таа национална координација беше XXX мислам од XXX дека нешто беше одговорен. XXX мислам така се презиваше и он беше одговорен за таа координација на ниво на држава. И XXX.

К.Г.: Да?

XXX: Да. XXX беше вклучена.

К.Г.: XXX.

XXX: Мхм.

К.Г.: Може ќе го барам и него. Он од каде е? Од полиција?

XXX: Не, он е од XXX.

К.Г.: XXX.

XXX: Али он ги има тие контакти...

К.Г.: XXX имам ја еден.

XXX: XXX бе, ја па XXX од кај ми дојде не знам.

К.Г.: Хед оф дипартмент од оперејшнс анд координејшн.

XXX: Е така.

К.Г.: Добро. И него ќе го барам. До кого известуваше и репортираше XXX?

XXX: Дававме извештај до државата, до труд и социјала, до XXX и до донаторите и кај нас во XXX.

К.Г.: Дали постоеше следење и мониторинг на XXX од државата?

XXX: Не.

К.Г.: Не. Дали постоеше национален механизам за следење на севкупната хуманитарна помош?

XXX: Јас не се сеќавам на такво нешто.

К.Г.: Дали според вас постојат или постоева преклопувања во цифрите кои што се известени во бројки на извештаите на хуманитарните организации и институциите за тоа колку асистирани лица се... колку асистирани лица и која хуманитарна помош?

XXX: Секогаш... секогаш имаше различност... дискрепанца и начин на тоа како се калкулираат тие работи. Значи секогаш! „XXX“ секогаш рапортираше поише. Ние имавме секогаш проблем со тоа. XXX помалце. XXX ги криеше. Мислам ние ги зимавме порелевантни податоци на невладините организации.

К.Г.: Дали според тебе државните институции и органи, надлежни министерства, значи државата можеше сама да се справи со мигрантската криза?

XXX: Не. Нема шанси.

К.Г.: После сѐ, дали успеа да се даде соодветен одговор на мигрантската криза за да се спречи човечко страдање?

XXX: Ја мислам дека се помогна, а дека се спречи човечко страдање, не.

К.Г.: А што се случи со основните човекови права, дали беа задоволени кога беа во Македонија? Дали беа загарантирани, дали беа сочувани?

XXX: Значи од аспект на XXX можам да кажам да. Ама како било и што било значи стварно... стварно не знам. Меѓутоа имаше од аспект на XXX можам да кажам дека имавме многу адвокаси рипортс по однос на кршење на правата на децата особено кога беа во детеншн сентар и имаше многу ишјус по однос на транзитните центри, дали се детеншн, дали се транзитни и отворени центри.

К.Г.: Што значи штом сте имале рипорти значи дека имало кршење на човековите права. Детски човекови права.

XXX: Да, да. За децата имаше, мислам беше грубо нарушена конвенцијата на правата на децата, мислам.

К.Г.: Беше?

XXX: Да, затоа шо немаа они основно право на... немаа аксес до пропер едјукејшн, немаа аксес до пропер хелт сервисис. Значи требаше да се бараат донации. XXX тука не... бараше пари да се наплати за да се даде хелт сервис кој шо е покомплексен.

К.Г.: А колку... ако ти текнува, колку луѓе беа вкупно асистирани?

XXX: Ооо не знам, многу.

К.Г.: Ќе провериме и тоа во тој некој заеднички вкупен извештај за дадениот период. Мислам мора да има негдека бројка.

XXX: Види на XXX страната...

К.Г.: А дали имаше активности кои што...

XXX: Или на... извини, на... особено на... Имаше XXX, најди ја таа веб страната. Таму имаше директор XXX се вика, во Белград е и они се баш за миграции на вестерн Балкан. Така да они сигурно имаат некој рипорт похеви.

К.Г.: А дали имаше активности кои шо ги имплементираше XXX за локално население?

XXX: Да. Се случи две илјади и шеснаеста поплавата, XXX направи интервенција со пеесет илјади евра на „XXX“. Потоа по однос на локално ниво...

К.Г.: Во делот на ксенофобија нешто?

XXX: По однос на локално ниво каде што беа нели и највише транзитираа луѓево се помагаше на ресурсите таму, на човечките ресурси, материјално им се помагаше со некаква набавка на компјутери не знам, на такви работи. После за Лојане и „XXX“, за ирегуларната миграција нели се направи посебен програм кој што се сензибилизираше населението да ги прифаќа. Така да го правеше тоа, да.

К.Г.: Ако утре се случи нов бран на мигранти колку сме чекори ние понапред за да имаме брза интервенција како држава?

XXX: Лекции научени многу има ама не знам дали тие лекции научени некаде ги има ставено како во писмен документ за да може тоа да...

К.Г.: Да се види.

XXX: Да се испроцесира, тоа е една работа. А друга работа е што ако се случи повторен таков бран, човечките ресурси ќе бидат само поискусни, а од аспект на одговор на државата мислам дека ќе биде исто.

К.Г.: Дали се потребни дополнувања и измени на легислативата за подобро да се дејствува и да се даде одговор на комплексни хуманитарни итности како оваа криза што беше во делот на државата?

XXX: Апсолутно да. И најбитно по мене одговорностите на институциите и координацијата. И пари.

К.Г.: Буџетски, буџетирање.

XXX: Да, да. Интервентни фондови мора да постојат кои шо... или ќе ги дадат дали на „XXX", дали на не знам кој... (неразб.) на државата за да може тоа да го работи. Така да да постои таков интервентен фонд за да може да напраи брз имрџнси риспонс.

К.Г.: Добро. Следното прашање ми беше кои се предлозите, ама еве ги имаме. И за крај, што ќе понесеш ти од вклучувањето во одговорот на мигрантската криза како впечаток и како искуство лично на крај да споделиш?

XXX: Ух беше многу различно искуство. Јас видов многу различни човечки судбини. Од тоа нели да бидеш господин до тоа да не знаеш каде ти е следната дестинација и дали семејството ќе ти остане здраво и живо. Прво живо па после здраво. Ама од аспект на работа само ми допринесе да уште поише бидам свесна и за човекови права и за... ме изгради многу како личност и уште поише сензибилна ме напраи по однос на правата на луѓето, а највише на децата.

**Transcription no.5**

Место: Скопје

Датум: 22.2.2022

XXX: Значи нешто што посебно сакам да го истакнам е дека од вкупниот број на лица кои што беа вклучени, значи освен професионално ангажирани лица, негде околу четириесетина, зборуваме за двеста десет волонтери во првата фаза заради тоа што... Значи во оваа фаза интересно е да се каже дека шеесет и три поценти од луѓето што беа волонтери на „XXX“ не беа со „XXX“ бекграунд него ги понудија своите професионални знаења за да го унапредат всушност реализирањето на активностите на терен меѓутоа преку „XXX“. Што зборува нели за добриот имиџ на организацијата и желбата да ја носат униформата и амблемот на „XXX“. А останатите триесет и седум проценти беа лица кои што веќе беа волонтери и имаа свој бекграунд. За нас посебно е важен овој процент на луѓе кои што за првпат се среќаваат со активностите на „XXX“ мислам им беше потребна одредена мала дисеминација. И тоа е всушност... тие шеесет и три проценти за нас во иднина ќе бидат луѓето кои што ќе треба да ни бидат база на податоци за понатамошно ангажирање на лица во кризни ситуации.

К.Г.: А ако треба нешто на ова да се додаде што се исцрпило од искуство во претходни кризи?

XXX: Да. Значи нешто што може да се спореди со претходните кризи е дека... на пример ако се анализира босанската криза кога имавме околу пеесет илјади бегалци сместени во Македонија, зборуваме за една криза која што беше новина во нашето делување бидејќи бевме една држава. Луѓето кои што доаѓаа и бараа нели сместување во државата, немавме јазични бариери, живеевме во една заедничка држава, сочувствуваме со сѐ тоа што се случуваше и зборуваме исто така за криза која што се реализираше со поддршка... значи имавме присуство на XXX во државата и на XXX и XXX. Тогаш нешто како негативен аспект што би го истакнала е паралелниот систем кој постоеше. Значи не постоеше...

К.Г.: Тогаш?

XXX: Тогаш. Значи за врме на босанска криза имавме паралелен систем. Имавме систем што го градеше XXX и XXX беше користено повеќе во делот на дистрибуција. Тука сметам дека имавме добра... Значи „XXX“ XXX отвори канцеларија тука, го поддржа националното друштво во секој поглед меѓутоа излезната стратегија беше многу лоша. Едноставно мислам дека тука националното друштво не беше во состојба да направи некој голем исчекор во делот на градење на сопствените капацитети. Потоа дојде втората криза, тоа е косовската криза каде што негде околу четрсто четириесет илјади луѓе беа згрижени во државата. И тука имавме паралелен систем затоа што сè уште беше XXX и XXX присутни во државата. Тука можеме да зборуваме за некоја да кажам истакната улога на „XXX“ неколку скалила погоре во споредба со босанската криза. И да кажам учеството на „XXX“ во делот на координација со државните институции. А веќе мигрантската криза, оваа што беше последната во две илјади и петнаеста, комплетно сами тоа го направивме. Значи во периодот од кога заминаа последните бегалци од Косово, тоа беше негде две илјади... после меѓу... оној домашниот конфликт што го имавме две илјади и прва, значи од две илјади и четврта до две илјади и петнаеста нашето национално друштво бележи голем развој. И тука мислам дека тоа беше причината зошто ние бевме на некој начин префрлени во оној нов кеш трансфер систем што го вика XXX“ што значи дека менаџираме сè сами на терен преку средства, преку приливи кои што доаѓаат директно од XXX. И потоа се врши нели одит на целокупната наша активности и мислам дека и одитот што се направи по завршување на кризата со некои технички забелешки зборуваше за тоа дека навистина добро го изменаџиравме сето тоа.

К.Г.: А врз основа на кои документи и врз основа на каков мандат „XXX“ пристапи кон одговор на кризата? Сега го знам одговорот ама...

XXX: Да. Ние сме значи XXX која што е регистрирана со XXX во државата и во рамките на XXX“ си постојат одредени јавни овластувања кои што „XXX“ ги има и меѓу другото тука е програмата за одговор и дејствување при катастрофи. Потоа „XXX“ е дел од XXX, значи ние сме тука со име и презиме во тој XXX каде што се на некој начин регулира учеството на „XXX во кризниот менаџмент, односно сме членка на тој кризен штаб. И исто така „XXX“ е во Законот на заштита и спасување, меѓутоа тука не влегуваме како „XXX“ него како дел од невладиниот сектор.

К.Г.: Некакви документи побараа од „XXX“ за да може да пристапиме на терен?

XXX: Не, не, ништо.

К.Г.: Или XXX

XXX: XXX“ е доволен и сè она што мислам го имаме во тој закон и нормално нашите стратешки документи, програми и планови, сè она што си го изготвуваме регуларно на годишно ниво.

К.Г.: Во делот на активности кои што кажавте дека неколку фази беа, односно три фази и дека генерално бевме препознаени нели во ова што го кажувате хуманитарната помош на терен, прва помош, транспорт... Дали нешто друго дополнително правеше „XXX освен овие активности кои...

XXX: Значи во една криза, ние што... она што се научи да кажеме од претходните кризи е дека во почетокот на кризата, зошто бевме успешни во оваа криза? Во почетокот на кризата е добро да се дефинира позицијата на една организација. Значи ние предвреме кажавме на XXX и на XXX во кој дел ние можеме да превземеме комплетна одговорност и тогаш е многу полесно да се менаџираат сите работи и да не се случуваат дуплицирања на активностите, да се пополнуваат празнините и на некој начин комплетно да се излезе во пресрет на потребите на корисниците. „XXX“ ја одигра важната улога како лидерна агенција во делот на хуманитарната помош значи заедно со XXX и XXX во државата. Значи ги координиравме сите активности, бевме присутни на терен дваес четири – седум, нешто што може да се каже дека во време на имрџнси кога имаме кризна состојба имаме голем број на невладини организации присутни на терен, XXX, меѓународни организации и слично. По завршување на кризата единствен кој што останува на терен и сè уште на терен сме повторно ние што зборува за една лонгтрм и една одржливост, односно почитување на мандатот и мисијата на организацијата. Сакам...

К.Г.: Што од активностите би издвоиле дека е најклучно за справување со кризата, а што го направи „XXX и што е најкомплексно?

XXX: Најклучно е брзата проценка на потребите на корисниците, значи брза реакција, значи брз одговор на тие потреби заради тоа што за оваа последна криза да кажеме, луѓето се

задржуваа во државата многу кратко, седумдесет и два часа. И во рок од седумдесет и два часа требаше да се направи проценка, интервенција и луѓето да продолжат понатаму. За време на претходните кризи, косовска и босанската криза можеме да зборуваме за подолг период кога луѓето беа сместени во кампови и тука можеше нели да се реализираат програми и проекти согласно нивните потреби така како што треба во зависност на периодот на престојот. Комплексно... во целата оваа приказна комплексноста ја гледам пред сè во... поготово за последната криза значи зборувам, во неможноста да се следи процесот на хуманитарна поддршка значи од почетната дестинација на мигрантите, да речеме од Турција, па Грција, па низ целата балканска рута. Значи имавме многу слаб систем на комуникација меѓу државите што предизвика оваа криза да биде... да многу чини и да не биде кост ефективна заради тоа што луѓето добиваа помош и во Турција, па добиваа помош во Грција, за кратко време влегуваат во Македонија, добиваат помош, па добиваат во Србија. Тука имавме толку големи количини на хуманитарна помош, пакети, храна, облека, ќебиња, чевли и сè друго шо се дава на тие луѓе, да тие мораа од граница во граница да се ослободуваат, бидејќи одеа пешки и тука се соочувавме со многу големи загуби во делот на финансиски импликации на една криза. Значи тоа е нешто што во иднина кога имаме ваков вид на криза, балканска рута, како што беше од една во друга држава, значи мора да постои еден систем на добра координација. Ако некој добива нешто во Грција, да добива различно во Македонија, да не се повторуваме. И делот на медицинската заштита исто беше комплексен момент заради тоа што не знаевме што е тоа што му се дава во Грција на луѓето како лекови и поддршка, што кај нас, што во Србија. „XXX“ единствено во делот на ар-еф-ел (RFL) имаше добар систем развиено за да се следат нели тие врски на раскинати семејства. Меѓутоа пак генерално земено, моето искуство, бидејќи бев дел од босанската криза, бев дел од косовската криза, бев дел од домашната криза две илјади и прва година и оваа последната. Генерално кога ќе ги споредам сите мои активности и моето учество во сите претходни кризи, оваа криза беше најдобро искоординирана, најмногу се оче... најмногу можевме да се... едноставно да застанеме на сопствените нозе, едноставно да си процениме кој ни е капацитетот, што можеме и сè, односно да бидеме вистински партнер на XXX. Заради тоа што ако се споредиме ние со XXX, кај нас постои институционална меморија. Значи ние имаме...

К.Г.: „XXX“.

XXX: „XXX“ организацијата наша има институционална меморија бидејќи дел од луѓето кои што биле во претходните кризи сè уште се во движењето, се тука, дали се професионалци или волонтери, така да постои една одржливост и една да речам можност да не се прават истите грешки. Што не беше случај со XXX. Кај XXX...

К.Г.: Е тоа ќе биде следното. Каква беше комуникацијата со државата, како беше...

XXX: Па не, сакам да кажам дека... сакав само да го истакнам тоа дека кај XXX имавме непостоење на една институционална меморија. Така да тоа што XXX го работела за време на босанска, косовска криза и мигрантска криза сега едноставно никогаш нема пренесување на знаењата заради тоа што претпоставувам дека нема добар хенд овер од една во друга гарнитура кога се менуваат политичките партии на власт. И тоа е нешто што по мене треба да се менува XXX заради тоа што XXX е таа што треба да биде постојана и која што треба да ги памети тие искуства, научени лекции и слично.

К.Г.: А имаа протоколи за работа државните институции?

XXX: Имаше стандардни оперативни процедури кои што ги изработија... кои што ги изработи XXX...

К.Г.: Во моментот или постоева од претходно?

XXX: Па не. Мислам дека во моментот ги изработуваа. Значи за секоја криза си имаше посебни. Они имаат... даречеме XXX го има Законот за кризен менаџмент, имаат план и стратегија за прифат на бегалци и странци во државата. Меѓутоа сепак тие документи треба да се обновуваат често, треба да се следат новините на светско ниво за да можеме да бидеме поподготвени. Мислам дека нешто што посебно ме импресионираше за време на оваа криза е дека соработката со државата беше на одлично ниво, координацијата беше одлична за разлика од претходните кризи и нешто што... А тоа радува заради што сметам дека ние како „XXX“ од две илјади и четврта до две илјади и петнаеста година, ако во две илјади и четврта година на прашањето – што ве асоцира за хуманитарна организација во државата?, број еден беше XXX тогашен или XXX, веќе за пет години одговорот беше „XXX“. Тоа зборува значи за нашиот развоен процес. Јас не викам дека ние сме совршена организација меѓутоа ако се споредиме со институциите на системот, сметам дека најмногу сме дале во тој дел. Нешто што ние треба да го направиме во иднина е повторно пред државата да излеземе во делот

на одговори и дејствување при катастрофи со сервиси што ние исклучиво ќе ги даваме. Нема да се поклопуваме со другите институции. Значи тука очекуваме подготвеност од државата да го прифати нашиот предлог дека ние во време на криза ќе работиме тоа, тоа, тоа и тоа и државата да го работи тоа со нас. А не да имаме дуплицирање на активностите. Потоа немаме подготвен... невладиниот сектор во државата наша не е добро подготвен за работа во кризи. Значи тука ако веќе сакаме невладиниот сектор да го искористиме треба да одлучиме дали ќе работиме на негова едукација или во случај на имрџнси нема да го вклучуваме невладиниот сектор за работа на терен затоа што не е само важно да имаш хумана димензија во себе него треба да знаеш сето тоа да го работиш. И нешто што мислам дека е исто така важно за нас како „XXX“ е дека мора да си ги... мораме со државата да ги излистаме сите оние работи кои што ќе му бидат на некој начин делегирани на „XXX“ во некоја идна криза.

К.Г.: Кажете ми само сега во однос на другите меѓународни хуманитарни организации. Имаше и други присутни.

XXX: Да, да, да.

К.Г.: Каква беше соработката со нив, каков беше нивниот учинок, комуникацијата со нив, каква е нивната улога...

XXX: Во делот на оваа криза значи целокупната координација на хуманитарна помош одеше преку нас. Значи XXX одеше комплетно преку „XXX“.

К.Г.: А што правеа тогаш XXX?

XXX: XXX беа... немаа значи посебно вработувања на луѓе. Значи целокупната поддршка ја дадоа кон „XXX“ и финансиска поддршка на активностите на „XXX“ на терен. Значи они го координираа моментот со државата, со институциите, бевме на заеднички состаноци и сè. Дадоа свој импут со искуство, со сè. Меѓутоа комплетно поддршката ја даваа во домашната организација, пред сè на „XXX“. Они финансираа и други организации во помал обем заради тоа што да речеме се фокусира на поддршката на XXX и XXX, за работа со деца кои што се непридружувани, малолетници, потоа на невладиниот сектор кој што работеше на правна помош, на XXX за регистрација на лицата кои што влегуваат во државата, за унапредување на тој систем. Потоа работа со XXX и XXX и XXX во

донесување на план за акција во случај на нов прилив на мигранти. Така да XXX во тој дел беа фокусирани. Мислам дека сите XXX работеа...

К.Г.: Со кои агенции имавте најдобра соработка, ако би одвоиле онака од организациите. Или со сите?

XXX: Па со сите. Немавме ние со никого... сите XXX одеа преку нас. Имаше и други меѓународни организации кои што работеа на терен посебно со партнери локални, меѓутоа тие беа многу помали операции и помала активност на терен.

К.Г.: Во однос на фондовите спомнавте, ме интересира од каде се финансираше „XXX во периодот на мигрантската криза? Спомнавте дека XXX, значи XXX...

XXX: XXX, значи XXX, значи тоа беше преку appeal, emergency appeal што го правеви XXX. Потоа преку XXX, потоа го правевме тоа билатерално со XXX со XXX, со XXX, со XXX. Сите оние XXX кои што сакаа да го поддржат и преку XXX комплетно бевме поддржани и во некои помали меѓународни организации кои што сакаа да имаат свој придонес во поддршка на овие лица.

К.Г.: Претпоставувам дека за одредени од овие фондови постоева барања, а дел стигнуваа обратно. Значи некои беа без барања, туку се јавуваат донаторите.

XXX: Да, да, да. Значи emergency appeal-от што си го правевме ние беше комплетно изработен од наша страна и поддржан од XXX, а останатите беа согласно потребите на терен. Имавме некогаш ние барање, меѓутоа исто така имавме понуда од другите за да подготвиме апликации.

К.Г.: А следното прашање не се однесува само на „XXX“ туку генерално на вашите сознанија за севкупните средства кои што се користеа дали постоеја буџетски средства кои што државата ги вложи во справување со мигрантската криза?

XXX: Па не сум толку сигурна колку буџетски средства државата дала...

К.Г.: Дали воопшто имаше?

XXX: Мислам дека повеќе во човечки и материјал и добра кои што ги имаше како континценси сток.

К.Г.: А генерално преески ми кажавте една сума, само ако може да повторите за да (неразб.) прашањето...

XXX: Нашето?

К.Г.: Вкупната сума за справување со мигрантската криза.

XXX: Во рамките на „XXX“?

К.Г.: „XXX“ само.

XXX: Па мислам дека осумнаесет милиони евра. Тоа беше само нашата, на „Црвен крст“. На другите нели не им ги знам...

К.Г.: А еден генерален опис за кадарот кој што се вклучи кај нас, не знам, дали беа тоа млади, искусни, неискусни, дали беше повеќе логистика, доктори...

XXX: Па јас го имам тој процент во анализата што ја имаш, тука баш ги имаш сите детали. Значи тука можеш да видиш дека се вклучени медицински лица, доктори, социјални работници, психолози. Точно има и години и проценти имаше, од толку до толку. Статистиката, да.

К.Г.: И статистиката ќе ја земам од таму. Вкупно рековте двеста и десет вие ги нарекувате волонтери, но тоа беа и генерално хонорарно ангажирани...

XXX: Значи го имаме...

К.Г.: Двеста десет беа?

XXX: Двеста десет волонтери мислам во трите фази и тука ги има исто така во таа презентација, ќе ти ја дадам, ги имаш прва, втора, трета фаза со колку луѓе и со возраст.

К.Г.: Ќе ги најдам, да.

XXX: Меѓутоа значи кога зборуваме за волонтаризам зборуваме за нешто што можеби треба да правиме разлика. Кога имаме волонтери кои што ги ангажираме на саат, два, три може да зборуваме за волонтерска работа. Во случај на имрџнси луѓето значи ги нарекуваме волонтери меѓутоа за тоа добиваа одреден надоместок. Значи тие беа на некој начин платени волонтери заради тоа што времетраењето на нивниот ангажман на терен беше

пресуден. Значи тоа е тоа, на пример ако некого ангажираш дванаес саати на ден мораш секако да му одредиш и одредена сума на пари за да го плати. Е сега мора да водиме сметка дека тоа има две страни медалата. Значи во случајот на криза кога имаме многу можности да плетиме, да купиме, да се унапредиме, значи тука луѓето се навикнуваат на тој систем на поддршка и потоа е потешко да се помине периодот по завршување на криза да луѓето повторно сфатат дека во „XXX“ треба да се волонтира и треба да се добива надоместок за сендвич и за пат. А дека не може да се добива надоместок за тоа што се вложува во целото тоа...

К.Г.: Ефектот е ова од мигрантската криза, шо се навикнаа луѓето.

XXX: Да, да, да. И мислам дека тоа е нешто на што треба следно да работиме ние и...

К.Г.: А тешко беше да се најдат луѓе?

XXX: Па не. Не. Интересно беше тоа што навистина имаше голем наплив на луѓе кои што едноставно ги понудија своите знаења, мислам поготово медицинскиот персонал, психолози и социјални работници. Исто така сакав да го истакнам и оној момент на... значи нешто што ние треба да работиме во иднина е тој менаџмент со XXX, тоа се... Пошто имаме ние XXX во „XXX“ кои што едноставно остануваат и се активни, дали за време на криза или пост криза, или рехабилитационен период, меѓутоа имаме и волонтери кои што... луѓе кои што го даваат своето професионално знаење само во време на криза и сакаат само тогаш да бидат активни.

К.Г.: Фер инаф.

XXX:И тие се тие... таа е таа база на податоци која што ние мора да ја поседуваме како би можеле да бидеме поефективни.

К.Г.: Размислува наионалното друштво наше во тој контекст?

XXX: Па да, тоа е оној нов проект „XXX“ што го викаме каде што ќе се прави тој систем.

К.Г.: Така. А во делот на национална координација, кој беше национален координатор на целата операција?

XXX: Значи кога се прогласи кризна состојба XXX на ниво на држава е тој што ги координира активностите на терен согласно Законот за кризен менаџмент.

К.Г.: А „XXX“ до кого рапортираше и известуваше? До кого сè? Претпоставувам не само до еден. Финансиски до донаторите...

XXX: Па ние извештаите ги поднесувавме до XXX, до XXX, XXX XXX и до донаторите.

К.Г.: А XXX вклучително?

XXX: Донаторите, да, да.

К.Г.: Дали постоеше следење и мониторинг од страна на државните органи?

XXX: Па преку тие координативни состаноци.

К.Г.: А на состаноци, тоа е повеќе ко евалуација на...

XXX: Да, да, да.

К.Г.: Дали постоеше механизам национален, значи државата праиме муабет да ја следи хуманитарната помош?

XXX: Па имавме две нивоа. Значи едниот дел беше насочен преку нас, ние го координиравме целокупниот дел на хуманитарна помош што беше наменет директно за корисниците, а сè останато што беше за капасити билдинг на државата во вид на опрема, континџенси стоки и залихи си одеше директно во XXX или XXX или XXX, зависи кој каков вид на помош има добивано. Мислам дека тука имаше малце хаотично... мислам дека тука беше сето тоа хаотично заради тоа што не постоеше да речам една група на координатори за да мо... мислам најважно од сè во време на една криза треба една организација максимално да ги искористи капацитетите затоа што во време на такви кризи многу пари се добиваат во државата. И ако си умен тие пари можеш да си ги искористиш комплетно за капасити билдинг. Значи ние како „XXX“ многу добро ги искористивме овие пари заради тоа што го обновивме магацинот, изградивме нов магацин, купивме нов возен парк, комплетно направивме нова опрема ај-ти, надградба на системот за ај-ти комплетно, значи сè она што ни беше потребно...

К.Г.: Што сега ќе ни трае подолго...

XXX: Што сега ќе ни трае. Ако за време на босанската криза добивме сè, сега со... дваесет години го користевме тоа, сега повторно направивме комплетна надградба на сето тоа. Значи добрите менаџери и добрите луѓе кои што се на позиции во овие институции треба тоа правилно да го искористат. Мислам дека државата не го искористи тоа како што треба. Тоа е мое лично мислење.

К.Г.: А дали можеше сами да се справат со мигрантската криза, државата?

XXX: Не. Не, мислам тоа не знам... сепак мислам дека државата...

К.Г.: Доколку немаше никој. Ниедна организација, немаше „XXX“, дали организациите, државата, агенциите...

XXX: Не, не, не.

К.Г.: А дали сметате дека постоева некакви своевидни известувачки преклопувања во цифри, во хуманитарна помош?

XXX: Има, да. Да.

К.Г.: Дали е тоа приказна за секоја криза? Очекувано нешто.

XXX: Па мислам дека да. Да. Е очекувано затоа што секој пред секој донатор сопствен...

К.Г.: Си известува.

XXX: Известува, да си прикажува одредени...

К.Г.: А што би предложиле вие како модел? Ова не ми е во прашањата. Ме интересира.

XXX: Како модел значи сепак треба да постои координативно тело на ниво на држава, како што беше XXX меѓутоа да биде поефикасен.

К.Г.: Само тоа.

XXX: Значи треба да биде мала група на луѓе кои што ќе го работат тоа или една група на луѓе која што ќе си добие одредена задача. Една група за информирање, друга за координација, трета за тоа... затоа што вака ние состаноците на XX, тоа е една гломазна машинерија од триесет луѓе така да се состаноци кои што понекогаш е губење време мислам без потреба.

К.Г.: А дали после сѐ се успеа да се спасат луѓе и да се спречи човечкото страдање?

XXX: Да. За оваа криза интересно е дека ние имавме само три смртни случаи од скоро милион луѓе што поминаа и тие три се завршија смртно поради инфаркт, акутна состојба на инфаркт. А сѐ останато значи немавме ниту една епидемија, немавме некакви појави на такви болести за време на нивното транзитирање и тоа е навистина за респект.

К.Г.: А се задоволија човековите основни човекови права?

XXX: Мислам да, да, комплетно.

К.Г.: А дали се...

XXX: Мислам во почетокот не, до донесувањето на оној указ од државата за седумдес два часа нели престој...

К.Г.: А кажете ми само дали знаете сега како цифра без да ја гледам анализата, колку луѓе беа асистирани од страна на „XXX"?

XXX: Па реков, ако биле осумсто пеесет илјади шо транзитирале, негде шеесет посто беа асистирани од „XXX".

К.Г.: Дали некако „XXX" го тангираше прашањето за ксенофобија?

XXX: Да. Заради тоа што во времето на... ние преку нашата активности што ги правевме на терен имавме вклучено и авернес рејзинг кампејн, значи „стоп на насилството"... како беше? Како беше тоа?

К.Г.: Не ми текнува ама ја знам кампањата, како и да е ќе ја извадам сигурно цела, ќе ја споделам. Доколку утре се случи нов бран на мигранти, колку чекори сме понапред како Република Северна Македонија зборам, не како „XXX".

XXX: Па да. Сме повеќе, во однос на претходната дефинитвно да. Заради тоа што мислам дека тука не сите подеднакво си ги научивме лекциите, меѓутоа сепак ќе предњачат повторно организациите кои што многу подобро го совладаа тој терет.

К.Г.: Повеќе домашните зошо ваљда на тие од страна ќе им треба време додека да дојдат.

XXX: Да. Јас мислам дека повторно „XXX" ќе биде тука главен носител на тоа.

К.Г.: А дали според вас се потребни измени и дополнувања на легислатива за дејствување во вакви ситуации?

XXX: Да, да, да. Дефинитвно треба да се изготви реален контингенси план за нов масовен бран на бегалци.

К.Г.: Како ќе го преведеме контингенси сега за... на англиски ќе ми биде ова ама пак.

XXX: Па тоа е нешто како план за прифат.

К.Г.: Прифат. Прифат. Да, уствари тоа ми беше следно прашање кој е вашиот предлог и... Што ќе понесете со вас од случувањата во мигрантската криза како впечаток и како лично искуство? Да заокружиме.

XXX: Па пред сè комплетна... мислам сега зборувам од аспект на координатор во „XXX“, мислам комплетна реализација на мисијата и мандатот на „XXX“, тоа е посебна гордост за некој кој што е професионалец во оваа организација. А како човек навистина таа димензија хумана која што ја имаме во нас, која што се декларираме дека како нација ја поседуваме, можам да зборувам дека негде во седумдесет проценти беше комплетно реализирана.

К.Г.: Добро. Не сум сигурна дали вака ќе ми оди со...

**Transcription no.6**

Место: Скопје

Датум: 5.5.2022

К.Г.: Ова ќе го вклучам. Значи прво ако може име и презиме за јас тука да си запишам, тоа не оди нигдека.

XXX: XXX

К.Г.: XXX XXX, XXX.

XXX: Ете, може.

К.Г.: Не, дека XXX сега го спомнавме во моментот и ми се врзаа работите. XXX ми е XXX и има XXX: XXX, XXX, XXX се. XXX... XXX одамна е XXX, а XXX доктор беше на Клиника, а XXX работеше у „XXX" и го има XXX возено на времето. Ама добро, они се XXX, како и да е.

XXX: Јас сум од XXX. Ние XXX, таму значи сите, XXX работеа тука...

К.Г.: Е па овие у „XXX.

XXX: Ако го знае, да.

К.Г.: Сигурно.

XXX: Такво било времето.

К.Г.: А чекај кое XXX извини?

XXX: Јас XXX.

К.Г.: Две години XXX е XXX.

?: Шеќер не ви стаив.

К.Г.: Ни на едниот, ни на другиот?

?: Да. Пошо...

К.Г.: Добро. Да не утнеш.

?: Да. Пошо...

К.Г.: Гледаш, како XXX. Немој да кажеш дека XXX. Имаш. XXX или XXX. Чао! Добро, да продужам понатаму. Не, претходно морам нешто друго да прашам. А после на факултет каде продолжи?

XXX: На XXX.

К.Г.: На XXX?

XXX: Да.

К.Г.: Кај XXX и овие...

XXX: Кај сите. XXX...

К.Г.: XXX и овој како се викаше, амбасадор што беше на Македонија во XXX, исто татко му беше за XXX? Лелеее, не може да ми текне. Која е позицијата сега на работното место.

XXX: XXX. Или тоа се вика XXX на англиски ама кај нас ако кажам XXX, они мислат дека...

К.Г.: XXX.

XXX: Да де, по нашки е некој тој еквивалент на XXX.

К.Г.: Колку време сте дел од институцијата или организацијата која што ја претставувате?

XXX: Дваес шес години.

К.Г.: За време на мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста која беше вашата улога и функција во рамките на која организација? Знам ама...

XXX: Значи во рамките на XXX, XXX, така ја викаат, од... значи за нас почна тоа уште пред кризата. Улогата моја беше обрзбедување на XXX преку таканаречена evidence based protection, што значи идеш на терен, праиш мониторинг, гледаш. Од ко ќе увидиш ситуација, ако имаш докази прибираш и интервенираш за заштита на лицата кои веќе се движеа. Значи две илјади и петнаеста беше само аутбрејкот. Инаку веќе пред тоа почнаа да се движат многу луѓе.

К.Г.: Добро ама дали тоа беше мониторинг на вработените или директно и со луѓето?

XXX: Ние немавме мрежа на мониторинг, директно луѓето гледавме. Значи не на вработените. Идевме на терен идевме по гранични премини и на... со вработените прашуваш само: дали имавте некој, дали дојдоа некои? – Не дојдоа. И онда ќе видиш таму дваесе, ќе видиш пеесе луѓе, им приоѓаш и гледаш да добиеш информација (ѕвони телефон). Ова мора да се јавам.

К.Г.: Ако, ако.

XXX: Добар ден! А извини ова...

К.Г.: Нема гајле. Какво е искуството на... личната улога и после тоа...

XXX: Значи ја ја претставував тогаш тогашната канцеларија и XXX таканаречена или XXX и тоа подразбира значи ние имавме тим наш мал и XXX кои директно на терен секој ден идевме, на граничниот премин, по правци каде што се очекуваше да се движат лица и во разговор директно со лицата, со локална заедница, со другите се обидувавме да дознаеме дали се тие лица што имаат потреба од меѓународна заштита, дали имаат... И на тој начин интервениравме, адвокатиравме или така ги упатувавме за движењето вклучително и со „XXX“ кога се зголеми бројот на... нивниот број, се појави голема потреба од таканаречена прва помош, значи медицинска помош. И тогаш во партнерство со „XXX“ ние значи соработувавме и така натаму.

К.Г.: Какво е искуството на XXX во организа... генерално во справување со кризи? Мислам ајде да се осврнеме на Македонија.

XXX: Значи едно треба да биде, како да кажам... од искуството на XXX ниедна држава самостојно не е спремна да одговори на кризни состојби со миграции, односно службите, структурите секогаш се димензионирани за редовна состојба. И секогаш кога ќе се надмине капацитетот, као што се случи кај нас, им ускокнуваат у помош сродни да речеме организации и кога и тоа ќе се надмине, ускокнува меѓународната организација. За таа цел, знаејќи ја таа состојба, XXX има свој посебен оддел за вонредни состојби кој помага исто на пример на нашата XXX која беше многу мала во тоа време, да ги зајакне нашите капацитети и доколку има потреба XXX да се обрати значи да се пружи поголема заштита.

И тоа е секогаш така бидејќи не може ни да се димензионира пошироко бидејќи тие состојби поминуваат брзо. Во нашиот случај од петнаеста година до кај негде март шеснаеста да речам заврши како таква таа што ја викаме вонредна состојба и се врати на нормалните капацитети приближно да речам. Кај нас клучно е што во суштина државите мора да имаат. Имаат као кај нас да речеме тој XXX и треба да има планови. Основен проблем кај нас беше што немаше план за вонредна состојба.

К.Г.: Како стандарден оперативен план нешто, така?

XXX: Значи тоа се вика континџенси план така, односно имаше еден огромен документ кој вклучуваше разни компоненти, но не компоненти кој ќе одговори во вонредна состојба. Тоа е значи план со кој се одговара за првите три до шес месеци, кога ќе ти имаш време и сознанија од кога тие луѓе три месеци ќе бидат тука, онда да напраиш прав план. Тој план не постоеше и тоа беше проблем. Тоа беше проблем за координација, за одговор, за...

К.Г.: Ако треба да го спoредиме генералното искуство кое што XXX го имаше во Македонија со претходните кризи, како тоа влијаеше на ова справување со оваа криза?

XXX: Многу беше... другите кризи беа многу по... полесно менаџирани затоа што у суштина тогаш немаше воопшто изграден да речеме систем таков за одговор и многу рано властите се обратија на меѓународните организации, на XXX, на „XX X“, на... колку шо беа присутни, да им се помогне да напраат план и да одговорат на планот. Затоа што може да кажам одговорот во девеес деветта година кога дојдоа триста пеес илјади лица навистина беше... освен еден краток период, беше навистина успешен, немаше никакви забелешки од никој.

К.Г.: Што има XXX како правни документи со XXX кои што повикуваат да се стартува во време на криза? Какви се доку... дали беше нешто претходно на пример побарано од XXX пред да пристапи на теренот, од страна на XXX?

XXX: Значи ние... XXX секогаш доаѓа во државите на покана на XXX. Така се случи кај нас поради конфликтот во бивша Југославија, некаде девеесе и втора година беше повикана XXX на XXX... (ѕвони телефон). XXX. XXX! И некаде девеесе и трета година всушност се потпиша тој меморандум за соработка со кој што се утврдуваат точно значи правата и обврските и од тогаш нашата цел е... тоа е основната улога, да ѝ помогнеме на XXX во справување и во одговор на состојбите со XXX. Македонија као потписник на XXX за XXX

од пеесет и прва година има обврски од таа XXX да соработува со XXX на XXX, меѓутоа преку овој договор се договори соработка конкретно како може да помогне. И ние некаде од кога забележавме движење со мешани миграции, така ги викаме, луѓе кои што заедно се движат бегалци, мигранти и други и побаравме да се утврди тој план за... континџенси план да се направи. Не само ние. Тоа го бараше XXX, го бараше XXX, сигурно и други го бараа, меѓутоа тој никако... Се изготви еден голем документ на ниво на држава. Имаше еден помал план на ниво на XXX, меѓутоа тоа не е у суштина правиот документ кој треба да го... И ден-денеска мислам тој план на постои кај нас.

К.Г.: Не е донесен.

XXX: Не.

К.Г.: Дали други држави го имаат, што можеби ја би можела да побарам, да ѕирнам?

XXX: Да, имаат. XXX има свој план, на XXX, значи има стандарден план. И потоа имаат да речеме модели нудат сите поголеми меѓународни организации, на пример XXX, шо знам XXX... било кои големи, сите имаат такви модули, а има и држави што имаат свои планови. Можам да побарам да ти пратам.

К.Г.: Ќе видам ја и дополнително ќе пребарувам нешто.

XXX: Да, да.

К.Г.: Кои сѐ активности ги превзема за справување со кризата XXX две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: Првично и основно, најпрвичен одговор е значи да се спасат животи. И треба да се направи сѐ оние што доаѓаат, тие ако се некои загрозени... животно загрозени да им се помогне. Тоа е првиот одговор. Вториот од коа ќе... следи е да се луѓето... да се види за кого се работи, се профилираат и кои потреби ги имаат првенствено почнувајќи од ранливите категории. И нормално се наметна веднаш потребата за итна медицинска помош на многу ранливи случаи. Се наметна потреба за интервенција во случаи на трговија со луѓе или криумчарење и екплоатација. Имаше многу од тие лица кои беа екплоатирани, изнудувани им беа пари и така натаму и беа изложени на насилство за да ги дадат парите. Значи такви... соработка да речеме, тоа може само XXX да го направи нели и тоа мора да има добар

мониторинг и координација. И после одговор на оние основни човечки потреби, а тоа значи храна, сместување и основна... basic needs.

К.Г.: Тие работи ги правеше XXX сам со свои луѓе или преку договори, партнерски договори со организации?

XXX: Да, ние работиме преку XXX и нашиот статус откога Македонија го донесе... ние да речеме за таа разлика девеесет деветта година ние бевме таканаречено се вика оперативно вклучени каде што ние бевме на терен и ние сами ги дававме услугите на почетокот. Делевме храна, не знам регистрација ние вршевме во камповите и све тоа. Значи ја заменуваш XXX. Меѓутоа откога се донесе законот и понатаму откога стана земјата кандидат, нашата улога прејде во улога на надзор така се вика, supervision, каде што дејствуваме надзор на состојбата и помош, дали е стручна, техничка, финансиска на државата. Значи дававме директно да речеме на XXX директно дававме опрема за вршење на регистрација на лицата. Компјутери, принтери, хартија за копирање, обрасци, било што да е. Им дававме техничка помош за да се смени законот, како треба да се формулира за да се регулира нивниот статус, како да се регистрира. Преку XXX значи правна помош, да им дадат совети, да направат брошури, да ги консултираат, па после психо-социолошка помош исто преку XXX. Значи исклучиво преку XXX и директно на XXX. Меѓутоа XXX XXX имаат ограничен капацитет. На пример XXX значи во погранично место може да има еден социјален работник. Ако вие имате илјаду души што пристигаат дневно, државата не ни може да запосли шеснаесет, дваес шес социјални работници. XXX… се вклучуваат меѓународни организации, невладини организации, локални и други кои имаат искуство и помагаат.

К.Г.: Има ли некоја интервенција што вие би ја одвоиле што XXX ја направи и ја сметате за особено битна, важна, во периодот на две и петнаеста – две и дваеста што би ја раскажале?

XXX: Најважна интервенција беше во легализирање на нивниот статус. Значи луѓето претходно кои доаѓаа беа враќани назад... беа враќани назад. Ние, нашата интервенција значи обезбедување лица да не бидат враќани, да им се признае тој статус што доаѓаат, да изјават намера дека сакаат да бараат азил, да им се даде простор да размислат...

К.Г.: Тоа е периодот на седумдес два часа кој што им се даде време да...

XXX: Да. Порано беше... и сега е додуше, значи ако некој побара азил треба XXX на пример од Неготино, од било каде да те однесе во Визбегово. Со таа измена што ја имаше, беше дозволено на XXX да им дозволи на лицата сами да стигнат до XXX за...

К.Г.: Ова беше директно лобирање, адвокаси што го направи XXX кон XXX преку своите тела во XXX?

XXX: Ние сме член на работното тело што работи на законодавство за азил и кога се случи да се разгледува ова прашање, како да се одговори, да не се враќаат луѓе, да се легализира нивниот статус ние бевме вклучени потполно во целата работа. Првично со тоа се обезбеди стварно една... ред се донесе, се организира можноста да се регистрираат и најбитно да се профилираат луѓето дали имаат потреба зашто пак ќе кажам, тогаш и сега, значи по истите патишта доаѓаа луѓе со различни потреби или причини. Значи имаше луѓе и сега има, кои имаат потреба од меѓународна заштита, меѓутоа меѓу нив има и луѓе што немаат потреба. Да се знае, ние сме одговорни само за тие што имаат потреба од меѓународна заштита. Требаше да има систем да можеш да ги идентификуваш тие луѓе и да им помогнеш.

К.Г.: А од сите активности генерално во целата интервенција, што сметате... или во вашата перцепција беше најкомплексно? Што беше комплексно во целата криза?

XXX: Комплексно беше непостоење на тој план заради тоа што не се знаеше кој е одговорен за што. Имено начелно се знае нели, XXX е за безбедност на сите лица, за статус, XXX и све... меѓутоа кога дојде моментот да се изградат капацитети за нивно прифаќање на лицата, за пружање помош немаше како да се организира кој да донесе одлука да се определи локација, па кој ќе гради, па кој, што, каде да биде, па кој ќе биде назначен, со какви решенија, па кој ќе биде таму главен. Така да и ден-денеска, на пример главниот центар за прифат што е на јужната граница, Винојуг е нелегална. Значи нема ниедна законска одлука за негово формирање. И сега не е проблем што нема законска одлука, него непостоење на таква законска одлука нема можност за вие да направите на пример house rules.

К.Г.: Дали тоа можеби зашто очекуваа дека ќе се тргне едноставно, ќе се дислоцира.

XXX: Па да, тој беше привремен океј, беше привремен, така и се нарекува и сега као привремен или транзитен, меѓутоа повеќе не е ниту транзитен, ниту е привремен. Значи повеќе не може да се транзитира освен ако... значи од тамо ве враќаат назад. Не можеш да

транзитираш као тогаш. Ако побараш азил ќе ве префрли XXX у Скопје. Значи не е транзитно, не е ни привремено. Тоа е работата. Ако има легален статус тоа ќе значи мора да се има статут, мора да се има куќен ред, кој е одговорен за што, кои стандарди ќе се применуваат. Вака сѐ уште нема и начелно ние знаеме XXX е за безбедност, за регистрација, XXX е за помош хуманитарна, XXX за здравствена, меѓутоа тоа сѐ така виси да кажеме.

К.Г.: А како ќе ја опишете соработката со државните институции и органи пред кризата и за време на кризата?

XXX: Како да ја опишам... знаеше што... директно со секој поединечно орган ние имавме супер соработка и пред тоа и после. На пример ко ќе разговарате со еден орган, ајде да го речам XXX, ние имавме разбирање и пред тоа и после тоа. Ко ќе разговарате на пример со XXX, исто. Меѓутоа во вакви кризни ситуации значи не да се работи еден на еден, него мора заеднички сите цело време да бидат на една маса, што недостасуваше во суштина. Така да од коа помина оваа кризна ситуација исто продолжи соработката добро на билатерално ниво меѓутоа сѐ уште недостасува таа како да кажам, на хоризонтално ниво...

К.Г.: Дали имаше протокол за комуникација со државните организации во време на криза пошто нели...

XXX: Па не може да има затоа што немаше, како да кажам, структура, на пример еве имаше неколку обиди, на пример во XXX, XXX. Тој би требало некако да е некој координатор. И одржа неколку состаноци меѓутоа нема... нема овластувања нешто да одлучи. Да, може да свика и да координира меѓутоа немаше никакви овластувања. Да речеме XXX ќе си напраи тоа што мисли XXX, XXX што мисли XXX, така да... И ден-денеска има значи ако прашате државни органи, сигурно ќе ви кажат: да, супер е, ние имаме XXX... И они се среќаваа, тој XXX, договараа, меѓутоа таму беа измешани работи. Значи таму се дискутираше од безбедност до превенција кој да влезе, а јас и ние инсистиравме секогаш за овој дел тие веќе што влегле, што имаат потреба од меѓународна заштита и ние баравме тоа да се одвои у суштина. Значи таму XXX има двојна улога. Не може на исти XXX да дискутираат што ќе напраат, како ќе стаат жици да не ги прифаќаат ама кога ќе пројдат знаеш да видиме и... Така да тоа е измешана работа. Значи тие работи требаше да бидат одвоени. Начелно во принцип и беа одвоени по опис и попис на органите што им е задача меѓутоа на една маса они кога седнуваат меѓу нив тоа... имаше... затоа и на почетокот се случуваа многу немили

сцени кои гледаа или имаа забележано на јутјуб, по медии, какви насилства имаше, какви обиди. Тоа мислам не само кај нас, сите светски медиуми го регистрираа. Тоа се должи на комуникацијата. Не се повикуваа да речеме, не учествуваа така овие некои јавни претпријатија. XXX си праеше шо сака, пуштаа стари возови, наплаќаа како сакаат, шо сакаат. Така да у суштина ако видите, не постоеше никаква координација иако некако ете си ја избуткавме заедно сите кризата.

К.Г.: Дали имаше соработка со локалната самоуправа? Било која локална самоуправа. XXX директно со некоја локална самоуправа. Дали имаше воопшто потреба? Мислам ако немало, океј.

XXX: Секогаш има потреба и тоа не се сфати, сè уште не се сфаќа дека иднината е всушност... најголемиот предизвик е на локалната самоуправа. И локалната самоуправа да речеме во случајот на XXX они мислеа дека тоа нив не ги тангира освен... или така им било кажано. Освен тоа да не се праи ѓубре, да нема некој криминалитет зголемен или слично.

К.Г.: Повеќе свртени кон домашното население.

XXX: Па да, така некако. Иако немаше никакви поводи, ние одма ускокнавме да речеме ете... меѓутоа ние (неразб.) двеста чистачи плаќавме тамо. Не знам... и све тоа стоеше чувството значи локалната самоуправа да не бевме ние они така ќе го оставеа ѓубрето, да им седи... како да кажам. И дури после, после веќе, кога заврши кризата они малце почнаа да разбираат каква би можела нивната улога да биде и да бидат повеќе вклучени и одговорни и всушност да помогнат. Ама ете за жал не се препозна тоа навреме. Инаку тие се клучните чинители и денеска и во идно време, локалните, значи урбаните средини, локалните, општините тие се носители на идните акции.

К.Г.: Ако ги реплицирам сега истиве прашања за соработката со меѓународните хуманитарни организации, каква беше комуникацијата, дали постоева тешкотии при соработка, комуникација... И кого евентуално или која организација би ја издвоиле како некој со кој што можеби наједноставно, најглатко... Имаше тука многу присутни и да речам домашни, ајде тие да не ги ставам во кошот на меѓународни организации, но сакам да кажам канцеларии отворени тука. XXX, „XXX“ преку XXX дејствуваше локално, XXX и така натака, и така натака. Имаше и други. XXX…

XXX: “XXX“ не би ги вбројувал во тие од еден аспект што бидејќи од осамостојувањето оваа состојба некако првите кризи, ранливи некои државата се потпира на „XXX“ и „XXX“ се мислам најискусната организација, најспремна на одговор на вакви состојби. Имаат одлична структура, систем на организација, обука и сѐ. Додека кога се работи за другите, имаше... у суштина меѓународните организации супер соработуваат, се искусни, не беше ова прва криза. И секаде кај што дејствуваме се знае кои се да кажам играчите кои имаат искуство, кои имаат можност, кои имаат експертиза, финансиски средства...

К.Г.: Соработуваше XXX со сите тие...

XXX: Да, да, да, да. Се активираше и таканаречени тие работни... разни тие групи, тоа е по модел значи...

К.Г.: Добро ама тие модели се баш онака битни уствари за да функционираат работите на терен.

XXX: Да. Меѓутоа непостоењето на институционална координација доведе можеби па до некои дуплирања, до некои гапови, затоа што на пример вие денеска ако немате координација, не ја праите заедно, е сеа вие сте XXX и ќе дојде у девет XXX: - Што ви треба? – Ќебиња немаме и чаршафи. – Океј, ќе видиме што може да направиме. У десет ќе дојде XXX и ќе им рече – ни требаат ќебиња и чаршафи. Стварно им требаат. И тогаш нема координација, нема ти каде што ќе речеш – ти ќебе, го решивме. Следно што е? И онда ти имаш десет илјади ќебиња, сите ќе земаат ќебиња ама немаат тенџериња, пример. Тоа беше еден голем проблем како тоа да го искоординираме, како тоа да го... Сега и другите организации се наоѓаат – чекај ама јас се сретнав сега со директорот, се сретнав со министерот, ми кажа ова треба, она треба. Така да имаше неколку, кај големите организации во главно беше океј, кај помалите меѓународни невладини имаше разни состојби, инциденти, кај што моравме да интервенираме. Особено осетливо во вакви состојби, не може значи некој да пружа медицинска заштита, да дели антибиотици, да дава инекции доколку тоа не е во соработка со XXX. А имаше такви обиди. Имаше такви обиди од некои организации.

К.Г.: Инсулинска терапија на пример. Многу опасно е.

XXX: Или некои кои вршеа и некоја пропаганда можеби меѓу... и тоа се среди, така да помина доста време да се усогласи тоа кој може да влегува, кој може што да дава. Така што... така у главно, среќа што е мала државата и ние имавме само две критични точки, значи тоа е југот и северот, две... Табановце и се стигаат двете за два саата со автомобил, за два и пол саата и можеше многу бргу да се комуницира. Инаку да беше поголема државата, поише центри ќе имаше многу големи проблеми.

К.Г.: Сега малку во делот на финансиите ме интересира, од кој и како се финансираше XXX за спроведување на активностите за време на кризата две и петнаеста – две и дваеста? Дали тоа беа веќе средства кои што си ги има XXX, дали посебно се требуваа средства од некое место, дали се правеа апликации, дали се правеа апели...? Како функционираше системот?

XXX: Значи има неколку фази на... прво има едно... како да кажам, тој фонд кој е (неразб.) средства кои се... како да кажам, цело време во приправност нели и на мала интервенција може да се пуштат и да пристигнат за најбрзо време.

К.Г.: Тие се од XXX на XXX?

XXX: Да, да. Тоа е имаме на неколку локации во XXX (неразб.) или некои итни средства, тоа е само првичниот одговор. Пак ќе ја спомнам таа пуста координација. Значи многу е битно за да пристигне правата помош и правите средства ова што го кажавме. Тоа е врзано. Значи кога ќе добиете (неразб.) профилира, вие праите таканаречен need assessment. Значи не е што XXX кажал, што XXX кажала, XXX работел двaес години и сеа - а бе тој е знаеш, дај ќебињата. И го кажувам намерно со ќебињата зашто тоа беше и факт, имаше илјадници ќебиња. Можеа дел од тие средства да се искористат за други работи. И тогаш се прави тој need assessment, rapid, така се вика rapid need assessment каде што вие стварно ќе ја оцените состојбата. И кога ќе имате таква подлога, тогаш правите пин да речам, до централата ваша или после до други организации. И најчесто тоа зашто е битно некогаш ќе кажат што не се разбира, можеби и сегашнава состојба што... можеби еве во моментот нашата организација нема пари пример, или ќе се јавиме во нашиот XXX или ќе речат - ние сега пуштаме пари за XXX или... е хитно, меѓутоа тие што имаат пари кај нас доаѓаат. Затоа што они прво се јавуваат ако се XXX, ако се XXX, се јавуваат кај XXX. Ќе дојдат од Холандија, доаѓа од Јапан ќе каже – ооо ние слушнавме, сакаме да помогнеме, имаме сто илјади. И они ќе дојдат кај нас. И ние немаме да им презентираме need assessment бидејќи не може да

искоординираме да се напраи и онда тие завршуваат у ќебиња, као симболично го зборувам. Значи заштo ќе се сретнат пак со XXX, они у дванаесет ќе дојдат и ќе речат – шо ви треба? – Ќебиња. И сега XXX ќе донесе ќебиња, па му кажале на XXX, XXX ќе донесе ќебиња, па дошле XXX и он донел ќебиња. Имаме стотици, стотици, илјадници ќебиња, а нема леб на пример. Ете тоа е целиот тој... значи постои тој прв степен кој има итна помош, може да се реализира. Вториот е на основа на assessment, значи тоа не вклучува само за лицата, вклучува на пример (неразб.) и ние експерт ангажиравме, имаме експерти кои веднаш дојдоа за исцртување на планови, колку шатори треба, колку огради, санитарни чворови, си има стандарди тука. Се исцртаа тие планови, се напраива...

К.Г.: Кој ги правеше тие?

XXX: Имаме наши експерти кои се... имаме... како се вика, во XXX, во XXX имаме emergency unit. Го има цело време на располагање, сите профили кои се потребни, вклучително архитекти, планери, логистичари, сè. И одма пратија на мисија.

К.Г.: А дали сега знаеш ако не е страшно, колку... со колку средства XXX се вклучи во целата криза?

XXX: Вака, ne знам сигурно, има...

К.Г.: Отприлика?

XXX: Не можам... искрено не можам да ти одговорам.

К.Г.: Треба да ѕирнам. Сигуно има и некои заеднички документи можеби и сè. Но генерално XXX од моите сознанија не ги реализираше сите средства сам директно туку и преку XXX.

XXX: Преку XXX. Преку XXX.

К.Г.: Преку XXX.

XXX: Индиректно... сега зависи овие што ни се... значи директно сме плаќале трошкови на XXX, на не знам... на XXX, на... И ондак преку XXX.

К.Г.: Следната секција на прашања се однесува на човечките ресурси. Отприлика со колку луѓе свои XXX вклучи во справување со кризата? Какви беа по структура, зборам

експертиза каква имаа и така натака? И дали беа тешко да се регрутираат нови ако имаше потреба?

XXX: Значи така се вика тоа, срцето на XXX е XXX XXX. Значи XXX таканаречена по нашки која... ние бевме девет – десет души цела канцеларија, само XXX и другите сите XXX. И онда имаме службеник за кадрово, службаник за финансово, службеник за ова... Меѓутоа суштината, најголемиот XXX тоа е XXX, XXX. Прво што се јави потреба значи беше да се зајакне оваа служба со специфични профили, на пример што работат само со деца, што работат за тоа XXX и што работат на координација. Така да од тој emergency unit одма пратија тим, еден координатор странец и онда неколку профили на филд лоџистичар, одма гледа тоа магацини, ваму-таму. Тие беа сите привремено ангажирани, да. Значи има ростер кој цело време секогаш трае еден ростер девет месеци. Луѓе се пријавуваат, проаѓаат обука и некои имаа веќе со самиот XXX и онда чекаат. И ко ќе ги викнат одма идат, мислам во рок од четрс осум часа може да пристигне. Така да кај нас по првичната проценка дојде прво еден тим за кратка проценка за нас што ни треба како канцеларија, се вратија. После дојдоа координатори и уште неколку колеги, вклучително и ова за логистика. Дојде експерт за тоа wash, значи water sanitation ова све да го испита... Дојде колега за програм бидејќи се зголеми обемот на партнерства, на пари, на договори, дојде колегата за програм, така да... После дојдоа за филд кои беа...

К.Г.: Во принцип беа странци, така? Странски експерти од... кои што се персонел на XXX во XXX. Така.

XXX: Да.

К.Г.: Тие претпоставувам лесно... нели штом толку брзо дошле, лесно се стартуваа, лесно се организираа. Дали имаше потреба XXX...

XXX: Одма. Они...

К.Г.: ...од национални... XXX дополнително да вклучува?

XXX: Прва потреба секогаш во овие состојби е ако се зголеми стафот ти треба возачи да зголемиш да речеме, преведувачи, бидејќи повеќе стаф имаш на терен што им требаат

повеќе преведувачи, пошто се странци тие, а зборам преведувачи македонско – англески нели. И онда помош...

К.Г.: Беше ли тешко да се најдат тие?

XXX: Па у принцип не беше тешко затоа што не знаева тие што ги чека што аплицираа у суштина (се смешка). Не знаева. Пред тоа беше нормална состојба. Бегалци, еј фино сеа, меѓутоа не знаева што е emergency.

К.Г.: Да, не е исто.

XXX: И така да одеднаш се најдоа да работат у три смени нели, дури и ноќни смени и сѐ. Меѓутоа кога си заедно на терен со овие шо се вика emergency, овие што сме XXX, многу полесно и брзо се учи, така да мислам дека ние релативно брзо најдовме. Види, проблем нас ни беше преведувачи со популацијата. Преведувачи на арапски, на фарси, на сомалиски, на... такви ни беше проблем да најдеме. И тие што ги најдовме, тоа беа луѓе што го говореа јазикот, а не беа преведувачи. Тоа ни беше, а инаку другото се снајдовме.

К.Г.: А генерално во кризи, па да ги наречам јас како што ги викам комплексни хуманитарни итности, колку е тешко да се регрутира стаф?

XXX: Не е тешко за да се регрутира стаф, тешко е да се регрутира добар стаф. Значи секогаш јас се сеќавам девеес деветта година значи кога имавме на „XXX“ улица, онде кај „XXX XXX“ канцеларија и луѓе...

К.Г.: Таму беше и XXX порано.

XXX: Ете, позади, е! Грб со грб бевме. И на пример ние ко ќе ни треба стаф и онда тоа се шири, по пријатели, по други организации ќе разберат и се напраи една редица на лица кои чекаат надвор да дојдат, да бидат интервјуирани. Тука секогаш се врши интервју. Имаше луѓе шо онака пешки си оделе и вика – абе шо е ова? – Еве бе, интересно. И застанаа и стварно еден или двајца и се вработија од тие шо случајно застанаа на улица. Значи у суштина има, се наоѓаат луѓе што може да помогнат, што знае јазик, меѓутоа тоа е секогаш краткорочно нели два-три месеци. Меѓутоа добар стаф да најдеш, она што стварно ти треба, е тука малце е потешко. И немаш толку време да го бараш стафот така да бара доста интензивна онда job training, контрола и слично и тоа ете...

К.Г.: Следниот дел ми е за нешто кое што веќе доста спомнавме ама ај уште еднаш да го потврдиме и заклучиме. Дали постоеше национална координација и кој ја имаше таа улога?

ХХХ: Значи постои систем на национална координација...

К.Г.: За време две и петнаеста – две и дваеста.

ХХХ: Тоа на највисоко ниво кои имаа така зацртани некои колеги.

К.Г.: Кој беше тоа?

ХХХ: Највисоко тело е тоа меѓуминистерско тело, ХХХ влагат таму, ХХХ...

К.Г.: Меѓуресорско тело?

ХХХ: Тие се највисокото тело кои носат одлуки. После има тој ХХХ и ХХХ, како што е по Законот за менаџирање на кризи.

К.Г.: А ХХХ до кого известуваше за време на кризата? Дали известуваше уствари? До кого репортираше?

ХХХ: Значи ние баравме тоа што се случува, еве као сега, ние бараме да не... секогаш да бидеме вклучени во координацијата, до советодавната улога. Така да ние конкретно немавме таков пристап. Бевме на еден состанок, два можеби, на тоа координативно тело у ХХХ, се видовме еднаш со ХХХ и така меѓутоа не беше као девеес девета кога заедно седевме владата и ние. На сите координативни состаноци беше назначен координатор од страна на ХХХ и бевме ХХХ и другите ХХХ. Овој случај во две илјади и петнаеста не беше, можеби тоа се должи малце што беше тоа цела мешана работа, имаше и мигранти и бегалци и сè. Меѓутоа или мислеа дека не им е потребна таква помош, не знам, ставот беше очигледно дека ова не е локална само криза него е регионална и повеќе се ослонуваа на ХХХ во смисол на финасиска помош...

К.Г.: Дали постоеше државен мониторинг и следење над ХХХ?

ХХХ: Како мислиш?

К.Г.: Па дали воопшто постоеше државен механизам кој што правеше мониторинг на севкупно превземените активности на својата територија? Дали имаше некој кој што

правеше мониторинг, па вклучително и на луѓето на терен кои што се од XXX, што се случува на нејзина територија?

XXX: Мониторинг не постоеше, не постоеше. Меѓутоа постоеше нешто... вероватно таму кога ќе се сретнат у XXX, а тие секоја недела како се... веровантно ќе каже – ние од XXX добивме тоа, XXX праи ова или овие XXX ќе дадат тоа... Така некако, све беше ад хок – реко ми човек, јас се слушнав, ми кажаа, еве... Значи немаше систем кој што тоа цело го апсорбира системски, добива информации од сите, дал се финансиски, дал се... значи за да се види со што се... Тоа не постоеше воопшто.

К.Г.: Дали сметате дека имаше преклопување во цифрите на известена и доделена хуманитарна помош?

XXX: Па претпоставувам. Претпоставувам. Секој... секој... како да кажам си брои свое што... ја дадов толку денеска пакети храна, ја дадов толку ќебиња, ја дадов волку ќебиња... Знаеш што е страшно тука? Што беа обвинети бегалците дека ги фрлаат ќебињата. А сеа ти... ќе влезе он, дошле некоја невладина му дал ќебе. Дошол XXX му дал ќебе. Дошол XXX, дошол „XXX" му дал ќебе. Ќе иде у Табановце, ќе му дадат уше две ќебиња. Сега не може да носи седум!

К.Г.: Ќе ги остаи на Табановце. Да.

XXX: Не може да носи седум!

К.Г.: Да. Не може.

XXX: Другите ќе ги остаи, ќе земе две. И – еве ги, глеј ги, ги фрлаат. Ја ќебиња сум однел, они ги фрлаат. Такви работи...

К.Г.: Да, да, да. Имам инсајт во ова и од другите, исти работи.

XXX: Да. И сега вероватно преклопување... не можам да кажам преклопување меѓутоа значи да, дуплирање на помош место... како да кажам, приоретизирање и кој што дава и така. Тоа се случуваше.

К.Г.: А дали според вас државните институции и органи, надлежните министерства можеа да се справат сами со кризата две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: Па знаете како, ова е најтешкото прашање затоа што кој и да ги прашате нив, ќе речат – да, абе тоа нема проблем! Што се за мене однесува, за мојот сектор, да. Меѓутоа значи како заеднички ако гледаме... ја не знам ни... уопште еве не мора ние. Не знам дали они сами имаат искомуницирано кој, што, колку XXX, кое XXX и кому дал. Тоа не ми е јасно исто, дали знаат сами колку потрошиле они.

К.Г.: Се спречи ли човечко страдање?

XXX: Како?

К.Г.: Дали се спречи човечко страдање?

XXX: Па мислам откога се смени значи ова што ви го кажувам, легалниот пристап, откога се донесе измената и откога можеше да луѓето да доаѓаат и слободно да се движат, оттогаш – да. Пред тоа страшни страдања имаше. Доволно е да потсетам само на XXX што е бивша дечја градинка адаптирана во XXX со капацитет од седумдесет – сто лица, кај што имаше по четрсто лица сместено во исто време. Сега можеш да замислиш.

К.Г.: Е па тоа ми е следното прашање, дали се зачуваа човековите права, дали се почитуваа? Колку се успеа во тоа? Бар да launchedречеме минимум стандард некаков. Ако постои во делот човекови права минимум стандард.

XXX: Тоа е као кога ќе идете на одмор, после се сеќавате само на убавите работи таму, кога било убавото време и така. Имаше многу, многу... како да кажам, требаше многу голем напор да се вложи за да се разбере дека човекови права не се само, како да кажам... превенција од насилство, од тепање, од викања, од... него опфаќа многу широк корпус. И сега ќе кажат многу – да, меѓутоа ако ги отвориме кои све човекови права им припаѓаат, ќе видите дека многу не беа задоволени да речам као што треба. И сега прашање е колку може, колку е капацитетот. Меѓутоа требаше многу, многу голем напор да се објасни што значи тоа. Па да не речам еве најосновно... тамо на пример во XXX, тоа и на телевизија го гледавме, не дека јас... не знам таму како им продаваа по една кока – кола, по пет евра им наплаќаа, за полнење мобилни по две евра, по три евра. А тоа требаше одма да се обезбеди. Значи денеска основна... нешто за дете тоа, за пристап тоа после интервениравме, стаивме и интернет и... Ама тогаш на пример оти тоа никој не го гледаше као некој проблем.

К.Г.: Во бројка отприлика колку луѓе се асистираа од страна на XXX?

XXX: Па не можам, тоа се огромни бројки, како да кажам. Ние го сметаме сите што беа од... мислам претходно, имаме податоци, како да кажам... на месечно ниво сигурно по три-четири илјади луѓе. Сега што значи тоа? Значи вие ќе им дадете информација, ќе им кажете...

К.Г.: Сѐ значи.

XXX: Да. Значи да се даде основен совет, ако имаат потреба од ова, од тоа, ако им се случи нешто... Значи имаше претходно веќе по месечно ниво по три – четири илјади луѓе кои ги среќававме. А тогаш мислам сите беа опслужени, значи сите преведувачи и XXX сѐ што го праева, плус статус регулирање, до регистрацијата, сето тоа го помагавме, како да кажам, XXX односно XXX. И ние лично, и јас сум идел и таму у смени сме седеле и со секој да разговарам. Ние ги организиравме после групите како да идат, до интервенции основни механизми, идентификување на непридружувани деца малолетници, како да се напраи да се интервенира, семејно насилство, било што да е од тој... спојување на семејства. Мислам нормално тоа не можеш све сам нели да го направиш, но сакам да кажам, можам да кажам дека скоро сите беа опфатени.

К.Г.: Дали XXX направи нешто за домашното население во Македонија? Или можеби за справување со ксенофобија, некои активности во таа насока дали имаше?

XXX: Па интересно прашање. Ние највеќе гледавме да... луѓето го гледаа тоа малце како од дистанца затоа што тоа у Гевгелија и Табановце им се гледаше далечно и проаѓаа... не влегуваа у Скопје да речем или... у принцип. Во Гевгелија после првичното... првичниот бран откога веќе бевме присутни повеќе таму, знаете клучно во ова сѐ е да се разговара со луѓето. И онда со локалната заедница секој ден ги посетувавме сите села, локални продавници, население. И полека ко ќе разговарате и ко ќе им објасните што е, друго е. Они ќе се извентилираат, вие ќе им кажете, ќе им укажете на основни работи. Не чувствувам... не се деси некој ксенофобичен напад нешто да ги... Имаше дела на општ криминал, нели некого ќе го опљачкаат на пример од лица кои можеби и мене и вас би нѐ опљачкале. Али вака немаше кај популацијата некој израз на ксенофобија и така. Генерално слушавме по медиите меѓутоа вака на локално ниво не. Овде што направивме после тоа во сите... сета

околина, значи у сите места разговаравме со локалните луѓе. Имавме неколку овие како се викаат... quick impact projects. И што значи тоа, во ова село на пример или мало место поставивме ограда на училиштето бидејќи немаше ограда, а одма е до пат. И стаивме ограда на тоа школо, може да истрчаат...

К.Г.: Тоа е трајна вредност.

XXX: Тоа им требаше. Таму требало дечјите игралишта у паркот кај шо се збираа порано луѓето блиску до железничката станица, го реновиравме целиот парк, тие играчки, забава за деца. Направме спортски терен еден, два кои беа, ги реновиравме, стаивме нови спортски реквизити. Значи со локалното... што на локалното население му треба со назнака дека е ова... како да кажам... некој канал. Што ќе побараат, што им треба.

К.Г.: Да, да, да. На тој начин да се покаже дека не се грижиш само за другите луѓе, туку и за домашното население.

XXX: Да. А од она што го утврдивме и вака, немаше да речеме девастација, на пример да е оштетен некој објект. Можеби посеви некои, ониа со најлони шо беа покриени некои посеви кај што влегле луѓе за да се сконат од дождот. Немаше нешто дека имот им е земено. Значи едноставно се работеше така да се одговори на заедницата кои се нивни... така потреби. Имаше може седум – осум проекти такви и успешно беа завршени и се одбележаа на нај, најпригодно онака ниво. Мислам доста успешно.

К.Г.: XXX, ако утре се случи нов бегалски бран колку сме ние чекори понапред да интервенираме? Брзо да интервенираме и соодветно.

XXX: Па еве земи го примерот сега со украинските бегалци. Значи план сѐ уште нема, одговор нема структуриран. Значи постои некое решение кое владата го разработува со повеќе сценарија, како да се помогне на овие лица, меѓутоа сѐ уште званично нема никакво решение.

К.Г.: Тоа ми е следното прашање. Дали има потреба нашата држава од некакви измени и дополнувања на легислатива за подобро дејствување и одговор на комплексни хуманитарни итности и кризи генерално? И кој е предлогот?

XXX: Предлогот е многу едноставен. Значи или да се прифати европскиот начин што е, види го овој последниот извештај на XXX мислам пишува дека немаат таков континценси план. Или тој модел или навистина да се напраи план со помош на докажани меѓународни организации, меѓутоа да се раздвои што е... значи откога ќе влезат лицата шо треба и како да се напраи покоординирано. А овој другиот дел што е, да се превенира влез, да се чува граница, да се безбедна... тоа е сосем друг план. Тој е друг. Ама не да биде измешано на една маса све. Меѓутоа не гледам искрено...

К.Г.: На повидок?

XXX: М?

К.Г.: На повидок нешто такво.

XXX: Не, не гледам такво, мислам некако за оваа состојба ајде ако дојдат, после ќе видиме што ќе праиме. Така е некако чувство...

К.Г.: XXX, долго време си во XXX, долго време си се справувал со различни ситуации, различни кризи, шо ќе понесеш од оваа последната, две и петнаеста – две и дваеста? Како искуство, како филинг, како...

XXX: Да ти кажам лично што е...

К.Г.: Лично ме интересира.

XXX: Да. Лично најголемото прашање на кое не можам да одговорам, имајќи ги сите комплексни проблеми, координации, сè, ќе идете на терен, ќе идам сабајле у осум и цел ден сум таму работам. И дента, имаше денови нели по пет илјади, по седум илјади луѓе ќе дојдат. И тие ај да ги речам дваес четири часа си исполнет, си организирал, си помогнал на луѓето сите што имале мака...

К.Г.: Имаш фидбек.

XXX: Знаше што, она си ја завршил работата, си помогнал, си видел луѓето дека тоа што им требало им е пружено и онда стануваш утре као да ништо не си напраил, пошто нови пет, седум илјади доаѓаат и ти мораш наново све истото да го поминеш. И секој ден беше така. И онда се прашуваш – ќе застане ли ова? Дали е ова нешто што напраив... дали

помогна? Зошто секој ден ти доаѓаат пет, седум, десет и сѐ од почеток почнува, истата приказна ја раскажува, бараш преведувачи, чекај, расправај се, не ги буткајте, не ги ова... на овој дете му... Значи тоа све и утредента пак. Тоа ми беше тоа најчесто да речам вечерта кога ќе речеш – еј сум завршил работа, гледаш дека утредента прашање е повторно, предизвик.

**Transcription no.7**

Место: Скопје

Датум: 15.10.2022

XXX: Може да почнеш.

К.Г.: Добро. Не, пенкалцето ќе си го посакав, заради тоа.

XXX: Ааа.

К.Г.: Само ако може да се претставиш?

XXX: Моето име и XXX, работам за XXX.

К.Г.: Која е твојата позиција моментално?

XXX: XXX.

К.Г.: Колку долго време си во XXX?

XXX: Десет години. Единаесет.

К.Г.: Добро. Која беше твојата лична улога и функција нели во периодот на мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста, а која на XXX?

XXX: Значи... значи јас во функција на... во мандат на XXX, тоест како вработена на XXX, како XXX учествував во оние ние што ги викаме XXX, значи во имплементација на проекти кои што беа конкретно наменети за одговор на мигрантската криза.

К.Г.: А XXX каква улога имаше?

XXX: XXX е една од XXX кои по покана на XXX или по повик на XXX се вклучија во одговор на мигрантската криза во спроведување на материјално-техничка помош, но и на едукација, градење на капацитетите на XXX.

К.Г.: Какво е искуството на XXX во справување со кризи? Генерално, позитивно, негативно...

XXX: XXX е на XXX ниво познат како мошне флексибилна и XXX која што има... која што спроведува... која што може брзо да спроведе или да се вклучи во спроведување токму на ваков тип на имрџнси проекти. Баш заради флексибилноста на постапките кои што ни овозможуваат во многу краток рок да правиме комплексни набавки, како што е на пример да воспоставиме прифатен центар, со целокупната инфраструктура и слично.

К.Г.: Колку таквото искуство влијаеше во Македонија за справување...

XXX: Многу, многу. Значи ние ги подигнавме прифатните центри во рок од неполни два месеца.

К.Г.: Врз основа на кои документи и мандат стапи XXX да интервенира за одговор на мигрантската криза?

XXX: Па според меморандумот кој што е потпишан помеѓу XXX и XXX од две илјади и прва година.

К.Г.: А што беше побарано од страна на државните институции како евентуален услов за да се вклучите во кризата?

XXX: Нема услови. XXX. Ние ѝ одговараме на помош.

К.Г.: Да. Дали може некои активности само да ми наброиш кои што ги правеше XXX за време на кризата?

XXX: За тоа кажав, материјално-технички и на ниво на образова... на ниво на едукација. Значи кога зборувам за материјално – технички, зборувам за... еве отпочнав со воспоставување на прифатно - транзитните центри, значи од осмислување како да се воспостави тој центар... Значи двата центра се воспоставени, извини, центарот во Гевгелија како прв, на влез е воспоставен според сфера стандардите.

К.Г.: Сфера.

XXX: Сфера стандардите. Значи тоа е стандард на Обединети нации или стандард генерално кога станува збор за воспоставување на прифатни шелтри или прифатни центри од привремен карактер. Значи имаме голем наплив на луѓе од точка А кон точка Бе, точката Бе ни е всушност прифатниот центар и воспоставуваме прифатна инфраструктура. Точно се

знае каде е административниот дел, колку треба да биде димензиониран, колку треба да биде сместувачкиот капацитет, колку треба да биде вош капацитетот и слично. Значи тоа е едниот дел. Втора работа е на пример донираве доста опрема како на припадниците на XXX XXX за воспоставување на XXX XXX, така и на припадниците на XXX за да им ја зголемиме мобилноста, така и на XXX, донираве компјутери и компјутерска опрема и слично. И воедно воспоставивме низа... ќе кажам градење на капацитетот но на ниво на знаење, значи обуки за справување со токму ваква една ситуација.

К.Г.: Што ти би издвоила како активност што според тебе беше така впечатлива, што ти би сакала да ја споделиш што ја спроведе XXX?

XXX: Центрите. Значи двата прифатно-транзитни центра, мислам дека навистина во рекордно време ги воспоставивме откако државата ги идентификуваше локациите и ги обезбеди значи оние просторни услови и во смисол одобрување од страна на сопствениците на земјиштето, тоест да ги изрегулира тие некои правни работи значи. И ние за многу кратко време ги воспоставивме центрите. Мислам дека тоа придонесе ите како кон заштита на оваа група во движење, тоа е една работа. И втора работа е што би сакала особено да ја истакнам е тоа што во ниту еден момент не ги заборавивме точките на влез и на излез, Гевгелија и Куманово. Како што кажав и преескa, асистиравме со интервенција или асистенција во болниците. Значи направивме една голема инвестиција во болницата во Гевгелија и во болницата во Куманово. Во Куманово направивме амбуланта за прифат на мигранти, а во болницата во Гевгелија сем што направивме амбуланта и донираве баш голема медицинска опрема и медицинско возило. И на пример ја реновиравме салата за хируршки интервенции. Значи со тоа се намали и потребата да лицата кои што им е потребна вака покомплексна медицинска помош да не бидат транспортирани во Скопје туку сето тоа да се врши во Гевгелија.

К.Г.: Што од овие сите активности, можеби и други за тебе се чинеше најкомплексно за реализација?

XXX: Најкомплексно за реализација... Па комплексно е само работа на гледање на нештата. XXX као прво на XXX има големо искуство во овој тип на активности, така да ништо не беше комплексно за нас. Значи едноставно беше работа на тоа дека имаме согласност, имаме добра комуникација со XXX и работевме на заеднички приоритети. Точно знаевме

што треба да се направи, каде треба да се направи и како тоа што го правевме треба да изгледа. Што треба да се купи во однос на технички средства, дали ќе бидат тоа компјутери за центарот каде што се вршеше регистрација, дали тоа ќе бидат овозможување на луѓе, на преведувачи, медицински тимови и слично, значи тоа беше само работа на координација со XXX. Пак ќе кажам, не беше толку комплексно. Можеби најкомплексниот дел беше менаџирањето на големиот број на луѓе кои што ги ангажиравме во тој момент, можеби тоа беше покомплексниот момент, да се најдат преведувачи на сите тие јазици: арапски, фарси, пашту и слично. Значи во тој квантум кој што им беа потребни на XXX кои што работат таму. Единствено тоа е комплексно.

К.Г.: Како би ја опишала соработката со државните институции пред мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: Ние имаме феноменална соработка со XXX XXX, повторно од причина што ние сме XXX и формирани сме токму од XXX, а Република Северна Македонија е една од државите членки формално на XXX. Така да ние навистина имаме феноменална соработка со институциите.

К.Г.: Дали истото важеше и за време на кризата?

XXX: Да.

К.Г.: Дали имавте соработка со локалните самоуправи, со кои и како течеше тука протокол за комуникација?

XXX: Да. XXX и XXX, имавме отворена комуникација со нив и тие не беа нешто посебно ангажирани или вклучени, мислам дека беа само оние што ги имавме како координативни состаноци во кои што ги запознававме со бројките, со статистиките, со активностите и слично. Навистина XXXX и ден-денес имаме феноменална соработка и се обидуваме да ги поддржуваме на секој можен начин. На пример ги ангажираме јавните претпријатија кои што се занимаваат со чистота, со изнесување на смет, не знам, со работи, потоа ангажираме лица од локалните заедници за извршување на работи во центрите и слично. Значи се обидовме на секој можен начин да помогнеме и мислам дека тоа беше увидено и признаено од страна на XXX. Јас имам и некоја редовна комуникација и со XXX и ден-денес. Сега бев, прошлата недела кај XXX на XXX.

К.Г.: Дали постоеја некакви потешкотии при комуникација и протоколите за работа со државните институции?

XXX: Не.

К.Г.: А каква беше соработката со XXX меѓународни хуманитарни организации?

XXX: Ние функционираме на принцип на XXX и XXX го води... XXX го води XXX што значи дека тие ја понесоа водечката улога. Значи секоја од организациите си придонесуваше во склоп на мандатот и во склоп на активностите за кои што имаше обезбедено финансиски средства и воедно имаше регулирано и некои протоколи со институциите.

К.Г.: Дали тоа значи дека и целата комуникација со другите организации течеше да речеме слеано, непрекинато, без некои потешкотии?

XXX: Да, да, апсолутно. Мислам дека делот кој што се воспостави како тој координативен механизам кој што го прифатија и XXX, на пример на почетокот имавме координативни состаноци на ниво на кампови. Значи не на ниво на кластер, на централно ниво, туку на ниво на кампови. Значи што придонесе целата таа комуникација и координација на повеќе нивоа? Всушност да немаме дуплицирање слеш триплицирање. Тоа е многу важна работа во една ваква голема хуманитарна интервенција. Зошто? Затоа што на пример ако сте вие некоја невладина организација и воедно сте успеале да обезбедите или да купите петсто јакни за деца број М, ама во меѓувреме тука ви е вас XXX во чиј што мандат се децата и тие веќе имаат и М и Л и С. Елем не треба да има триплицирање на нештата. Зошто? Затоа што една од организациите ќе остане да седи на pile od jackets, а другата организација ќе рече – па да ама не нè праша никој што да купат и што е попотребно. А мигрантите ќе останат без пантолони бидејќи на никој не му текна дека пантолони всушност им треба. Значи ние тоа на ниво на XXX го решаваме, пак ќе нагласам, можеби бидејќи XXX функционираат на XXX ниво на тој принцип. Значи можеш да го погледнеш... можам да ти пратам линк значи како изгледа тој XXX и точно се знае која организација за што е задолжена.

?: Јас се извинувам, само да ве поздаравам. Мило ми беше. Секое добро.

XXX: XXX се гледаме.

?: XXX ќе се чуеме.

К.Г.: Ќе се чуеме.

?: Мило ми беше, секое добро.

К.Г.: Среќен пат!

?: Многу добро збориш, те чув малце сега на маса.

XXX: Кој јас? А она!

?: Сега извини ама за нејзе тука... (се смеат).

XXX: А извини. XXX

?: Нејзе пошто ја чув тука со дечкиве како збори...

??: Фала многу!

?: XXX

К.Г.: XXX! Значи океј, XXX на ниво на XXX. Дали имаше некоја меѓународна хуманитарна организација со која што имавте најдобра соработка што би ја издвоиле или со секој...

XXX: Па со сите. Од XXX, XXX, сите. Па и XX X е тука. Јас XXX... иако локалната организација или организацијата на XXX што е од XXX навистина фасцинантна интервенција направи и сè уште работи, најактивна е, значи баш е прва перјаница и не само во центрите, туку и надвор од центрите. И ќе се навратам сега на она што тој го кажа ама во однос на XX X ние сите точно си го знаеме местото. Си ги знаеме активностите кој за што е задолжен и кој каде треба да се вклучи. Нашата координација воопшто не е спорна ниту пак е предмет на преклопување на мандати. Нема преклопување на мандати. Акцентот... и затоа на XXX се воспоставени тие XXX значи каде што точно се знае кој што треба да прави. Имаше една одлична координација исто така на ниво на XXX, XXX ја водеше и XXX на пример уште... Значи ако ги имавме камповите, XXX ги координираше тие состаноци каде што на пример кај нас оперативците и јас одев од време на време ако имаа некоја жешка тема да зборуваме па јас тука нешто да кажам еве од некое така повисоко ниво. Значи тоа е едната комуникација. Втората комуникација е на ниво на тој XXX кој што си го водеше XXX. И третата комуникација и координација всушност беше на ниво на XXX. XXX ги координираше сите државни институции, сите меѓународни институции, сите донатори кои

што во тој момент беа присутни и сите невладини организации кои што добиле проектче за нешто. И тоа на пример за мене беше одличен пример како всушност државата треба да ги води тие работи. Зошто? Примерот што ти го кажав за јакните, сите за јакните се фативме, пантолоните останаа. На пример во еден момент ние во центарот во Табановце во Куманово воспоставивме вош капацитет ама тој вош капацитет нема... значи септичките јами, бидејќи таму нема централна инфраструктура, тој вош капацитет требаше да се приклучи на септичка јама која што немаше толкав капацитет за сега нововоспоставениот вош капацитет нели, бидејќи ние го проширивме кампот за да одговориме на потребите. Што се случи? Значи ние велиме океј, добро, ние го контактираме донаторот и велиме – слушај, не ми треба септичка јама, ми треба прочистителна станица. Зошто? Бидејќи со прочистителната станица јас ќе го решам не само проблемот на кампот со отпадните води туку ќе го решам и проблемот на селото со отпадните води. Значи ќе ги поврзам селаните и за нив добро и за нас добро. И ми вели (неразб.) ми вели – чекај, зошто ти ќе правиш септички јами? А јас веќе имам пари за септички јами. На истиот состанок. Јас велам – па добро, ајде тогаш дај да ги споиме, јас ќе ја направам пречистителната, а ти направи го поврзувањето. И навистина така беше.

?: Кратко ќе ве прекинам, само да ве поздравам.

XXX: Ви благодарам многу!

?: Задоволството беше мое.

XXX: Остануваме во контакт и да се видиме во Скопје.

?: Секако, секако. XXX

XXX: Бев на ова што е правната клиника...

?: Каде? Во XXX, во другото?

XXX: Не, не, не. На факултетот бев...

?: На XXX, да.

XXX: На XXX бев. XXX

К.Г.: XXX

XXX: XXX

?: XXX

К.Г.: Да. XXX. Во делот на финансиите сега следно. Од кои фондови се финансираа активностите на XXX за справување со кризата?

XXX: Во кризниот период?

К.Г.: Да.

XXX: Вака, значи имавме неколку донатори. Прво беше XXX дивелопмент фонд, потоа XXX, XXX, XXX, тоа е XXX, XXX еид... што имавме друго? Имавме... мислам дека имавме и од XXX пари. Мислам дека тоа е тоа. И XXX.

К.Г.: XXX како владата или ова што е XXX?

XXX: XXX.

К.Г.: XXX. Океј. Овие фондови, донации се реализираа по претходно доставени барања и повици или пак...

XXX: Вака. XXX значи бевме поканети да им доставиме предлог проект бидејќи XXX беше всушност посредникот во целата таа комуникација и XXX се разбира, XXX се специјалните фондови, специјалните мерки. Значи за XXX во специјалните мерки ние имаме директен пристап. За XXX значи идевме преку XXX и XXX, значи од нив беа пратени барања, а за XXX и за XXX еид и за XXX тоа се глобални фрејмворк агриментс кои што беа потпишани како одговор на барањето на нашиот директор џенерал за поддршка на мигрантско-бегалската криза. Значи тоа се оние рамковни глобални договори кои што се потпишуваат. Ние сложуваме активност, велиме – во Македонија тоа се потребите и ни доделуваат средства.

К.Г.: Ако си во тек, ако си информирана нели, дали беа користени државни фондови значи од буџетот за справување со кризата?

XXX: Не. Дали ние сме ги користеле?

К.Г.: Не. Општо за кризата.

XXX: Да.

К.Г.: Дали тие беа доволни?

XXX: Да. Пиши документ. Јас маж ми оди во полиција и треба документ за оди во отел. Нема документ, не може оди во отел. Јас кажам ова вака, вака, вака, јас сè кажам, маж ми јас не зборувам добро. Ова не е документ за мене. Може после големо проблем. Нема проблем, нема проблем, само оди во Франција, толку. После...

К.Г.: Во хотел се смести или не?

XXX: Има документ за полис. Јас одам во полиција, јас маж ми даде пари за да правам документ за сите. После јас живеев во хотел. Маж ми оди во XXX.

К.Г.: Ти си остана во хотел.

XXX: Во хотел.

К.Г.: Колку време беше во хотел?

XXX: Во... во триесет јану... декември во две илјади седумнаесет, да. Јас во хотел после маж ми оди во... оди во...

К.Г.: Во XXX.

XXX: Оди во XXX. Одам тамо, маж ми стои во... тука долу, во Маседониа, оди во Маседониа долу, Сербиа. Многу голем проблем уште и таму.

К.Г.: Ти дојде во Србија?

XXX: Не, јас тука во Маседониа.

К.Г.: Ти си цело време во Македонија.

XXX: Маж ми оди во Сербиа. Многу голем... многу тешко, таму не може оди. Контрола таму за документи.

К.Г.: Добро. И ти остана во Македонија.

XXX: Да, да. Гледа жена, каже ова жена не е за же... во Македонија. Добро. Во Булгарија, добро. Во Србија ова жената не може. Гледа жената... за XXX не гледа, нема ништо. Само за жената. Кажа жената не добро. После за жената не добро, дојди за XXX, кажи ова не е за тебе. Каде е мајка на Софијан? Каде е мајка? Маж ми кажа – мајка на XXX еве го во

Маседониа, документ. Проблем, не може, дојди тука. Не може. После гледа документ кажа овај не е... како се вика? Во телефон, ена паспорт.

К.Г.: Не може да се провери.

XXX: Не може исто.

К.Г.: Не е исто.

XXX: Ова е големо, ова е мало тука, не може. После проблем за XXX, XXX полис таму јави социјална дојди земи XXX. Жената...

К.Г.: А вие пробавте да идете во Србија?

XXX: Јас не. Јас тука во Македонија.

К.Г.: А XXX го зема XXX.

XXX: Да. Само XXX оди во Сербиа, проблем во Сербиа таму.

К.Г.: Ама со XXX отиде?

XXX: Со XXX.

К.Г.: И тука го земаа XXX.

XXX: Тука. Јас живеев тука во хотел...

К.Г.: Ти тука, а XXX со XXX.

XXX: Со XXX да. Со XXX. После XXX... после XXX и XXX одат во... за... како се вика? Социјална. Кажа на XXX – оди, ако мајка на XXX дојди тука земи XXX. Има документ орижинал ова... како се вика?

К.Г.: А XXX немаше документ дека XXX е негов син?

XXX: Да. Нема документ. Само документи за... не исто, име и презиме не исто. Да, не исто.

К.Г.: А ти и XXX имате исти?

XXX: XXX не, бевме исто. После XXX, мајка на... како се вика?

К.Г.: XXX го задржаа во социјално во XXX.

XXX: Во Сербиа полис фати жената, татко на жената ја вози... Маж ми... како се вика? Одмора, кога полис фати...

К.Г.: Го фати него.

XXX: Овај жената...

К.Г.: Таткото на жената.

XXX: Таткото на жената оди вози кола. Фати татко на... во Сербиа, на жената. На жената фати кажи ти XXX

К.Г.: Јасно, да.

XXX: Луѓе, мафија тука. Фати, оди во не знам каде. Маж ми кога...

К.Г.: А XXX со нив беше, така?

XXX: Во Сербиа. Кога социјала земи маж ми...

К.Г.: XXX.

XXX: XXX, маж ми вака главата врти, не разбирам, нема ништо, каде децата оди? Каде XXX оди? Не гледа Софијан, нема каде XXX. После полисија земе маж ми беше кажана јас како има проблем таму. Јас тука, не разбирам, нема ништо. Само јас спие, јас плаче, не разбирам, нема ништо тука, нема фамилија, нема ништо. Ако има проблем нема никој тука. После маж ми... после маж ми...

К.Г.: Го најде XXX каде е?

XXX: Да. Каде е XXX? После ојде во полиција маж ми адреса на XXX. Еве XXX адреса за луѓе таму. Маж ми оди таму, јас таму прашај – каде е XXX. Не знам, жената кажа таму, XXX... океј, XXX е тука, каде е мајка? Мајка во Македонија е, нема документи. – Зошто XXX дојде тука? Социјално кажа на XXX – XXX. Не може дојди гледа XXX. Не уште па. После XXX плаче, XXX плаче, после и маж ми оди надвор, не гледа, ова е татко... татко на жената не гледа нема ништо. Каде оди не гледа, нема ништо, каде оди. Толку таму, после маж ми се враќа, само маж ми дојде се враќа тука во Македонија. После кажа XXX вака, вака, вака, плаче XXX, полисија земе. Јас кажав XXX има во Сербиа таму, кој зема XXX после? После заплачи нема јас да ни земе XXX. XXX во Србија, океј, нема проблем тука е

ова. Децата далеку, тука после адвокат правам ова, ова и зима децата. Нема проблем. Ако ти мајка, добро мајка, родила мајка, татко, зошто се прави.

К.Г.: Да. А колку време траеше тоа? Колку време беше XXX во Србија?

XXX: Шес месеци.

К.Г.: Шес месеци. А ти во меѓувреме се породи во Македонија?

XXX: Да, јас во Македонија. После маж ми кажа на јас океј уште оди има документи за полиција да правам оди во амбасадор во XXX, оди кажи има документ за тебе тука во Маседониа, луѓе XXX, земи документи за тебе. Ако одиме во XXX во амбасад... амбасада во XXX, ако дај XXX тука документ, јас одам. Ако правам нема ништо, не може. Ја ако има бебе во стомаков ја... плаче. Сега треба оди во амбасада. Јас каже јас се плашам нема... име, презиме не за мене. После има проблем. Океј, нема проблем, нема проблем. Јас кажам ова, ова, маж ми... долго време заедно со друга жена, разбирам сè. После таму во амбасад, јас одам таму, јас и маж ми влезе таму...

К.Г.: Тука во Македонија во XXX амбасада бевте?

XXX: Да. Таму кај Водно. Јас плашам вака, овај јас... јас сум (неразб.) жената... име за жената на маж ми беше. Беше јас во Грција, дојди тука документи, луѓе, јас зборував XXX имав бол во стомакот, јас зборувам не добро. Јас многу проблем стомакот не добро. Уште четири дена јас...

К.Г.: Треба да се породиш.

XXX: Пет дена јас...

К.Г.: Се породи.

XXX: XXXX

К.Г.: После те однесоа во Гази баба?

XXX: XXX, кажа на XXX, XXX. Кажа XXX - оди во Франција, ти тука, нема документ. Ако има документ, оди. Нема документ тука. Јас стој тука.

К.Г.: А XXX си отиде после во XXX.

XXX: Во XXX. Јас во... тука Македонија, во Гази баба. Еден ден јас спие таму. После проблем многу...

К.Г.: Ти се вртеше.

XXX: Да. Полис таму во Гази баба, после јас оди во еден ден во болница, во амбуланс. Јас јави – јас оди во болница. После во болница три дена таму, три дена, четири дена таму. После...

К.Г.: Се породи.

XXX: Не. Сабајле. Навечер... сабајле една вечер јас се...

К.Г.: Се породи.

XXX: Да. После полис дојде земи јас оди во... како се вика? XXX?

К.Г.: XXX.

XXX: XXX. Да. После таму.

К.Г.: Добро. Дали сега од оваа перспектива, дали би го прошла пак истиот пат?

XXX: Да.

К.Г.: Да? Дали би го поминала... Дали пак истото би го направила?

XXX: За пак? Не.

К.Г.: Затоа што беше тешко, дали пак би го прошла истиот пат за да дојдеш до тука? (гугл транслејт)

XXX: Да.

К.Г.: Да?

XXX: Да.

К.Г.: Океј. Кога беше во другите земји, во Турција, во Грција, во Бугарија, каде сѐ беше, во кои земји, кој ти помагаше? Дали имаше некоја организација да ти помага? Во Грција кога беше, во Турција? Дали имаше организација некоја што ти помагаше?

XXX: Во Туркија не.

К.Г.: Не?

XXX: Не.

К.Г.: Некој како XXX или како „XXX“ или...

XXX: Не.

К.Г.: Никој?

XXX: Никој.

К.Г.: А во Грција?

XXX: Никој.

К.Г.: Океј. Јасно ми е дека прва средба во Македонија имаше со XXX и после тоа со болница. Ми кажа и дали си била сместена или не во... Дали беше сместена во Визбегово, во Центар за баратели на азил или не?

XXX: Не.

К.Г.: Не? А каде живееше прво во Македонија?

XXX: Чекај таму малце...

К.Г.: А, океј. (гугл транслејт)

XXX: Не.

К.Г.: Не? Океј. Значи да се навратиме на прашањето, дали би го поминала истиот пат од XXX до Македонија, би го направила пак истото или не?

XXX: Не.

К.Г.: Не, не.

XXX: Не. Толку. Јас... кога јас сам, сама јас и дома се врати дома, како патувам во вода, се јас вака...

К.Г.: Ти се врти низ глава, да.

XXX: Многу тешко. Многу тешко беше.

К.Г.: Значи не би го правела пак истото?

XXX: Не може. Не може.

К.Г.: А каде живееше прво во Македонија?

XXX: XXX.

К.Г.: Да, XXX, каде живееше прво?

XXX: Во XXX. XX таму.

К.Г.: Во safe house е тоа на XXX.

XXX: На XXX, да.

К.Г.: Кој сега... каква ти е сега ситуацијата?

XXX: Сега ситуација е добра. Многу добро.

К.Г.: Кој работи сега најмногу со тебе?

XXX: Сега јас работам во...

К.Г.: А со тебе кој работи? Кој ти помага?

XXX: Сега „XXX

К.Г.: „XXXX“.

XXX: Да, „XXX“.

К.Г.: А какво е твоето искуство со државните институции. Да ти го преведам. (гугл транслејт) Или немаш искуство?

XXX: Немам.

К.Г.: Добро.

XXX: Само многу екперанс како мајка сега. Како мајка за сè, за децата, многу експерианс.

К.Г.: А кажи ми што е тоа што можеби ти требаше во изминатиот период, а не си го добила? Wait here I will turn on the sound. Чекај тука, ќе го уклучам звукот. (гугл транслејт) Не знам храна, место на живеење, правна поддршка, административна поддршка, облека, што ти требаше, а што не ти го даде никој? Ако има нешто такво. Дали има нешто што ти требаше, а што не го доби?

XXX: Јас треба сè добро сега.

К.Г.: Океј.

XXX: Сè добро, јас децата во училиште, во градинка...

К.Г.: Дали имаш некои проблеми?

XXX: Не проблеми.

К.Г.: Дали добиваш правна помош? Дали имаш адвокат?

XXX: Адвокат? Да, беше, да.

К.Г.: Имаш?

XXX: Има адвокат.

К.Г.: Да. Кој ти го дава тој адвокат? XXX?

XXX: XXX, да.

К.Г.: Сега ме интересира твое лично мислење. Ќе ти го преведам. (гугл транслејт)

XXX: Ајде пак.

К.Г.: (се смее) Ајде. Океј. Ти во кого имаш најголема доверба во... досега? На кого најмногу му веруваш? Конфиданс... (гугл транслејт).

XXX: Сега јас „XXX“.

К.Г.: „XXX“. Дали си вклучена во процес на интеграција?

XXX: Интеграција, да.

К.Г.: Интеграција, да, добро. А кој ти ја прави интеграцијата?

XXX: Адвокат и друга жена... како се вика? XXX. Жената да.

К.Г.: Од XXX.

XXX: Да.

К.Г.: А активности за интеграција кој ти помага?

XXX: Адвокат.

К.Г.: Добро. Со адвокатот. Добро. Само уште нешто... дали... (гугл транслејт).

XXX: XXX.

К.Г.: А „XXX“?

XXX: И „XXX“, да.

К.Г.: Океј. Дали има нешто друго што би сакала ти да дополниш на ова што го зборувавме денеска? Нешто да додадеш. Океј ако нема, тоа е тоа. Чекај само секунда ова да го исклучам.

**Transcription no.13**

Место: Скопје

Датум: 6.4.2022

К.Г.: Вака сега, јас само прво пред... да знам кој прашалник да го земам. Дали работевте на терен ме интересира?

А.В.: Да. Да.

К.Г.: Е добро. Добро.

ХХХ: Одев и (неразб.) на терен.

К.Г.: Е супер, супер, супер. Тоа и ми требаше. Океј, добро. Јас имам и вакви потврди за сѐ да знаете дека е океј, од факултет, со потписи, со сѐ, нели дека сѐ е регуларно. И сега веќе би почнала кон прашањата за да не ви одземам многу време. Значи прво ме интересира колку години имате?

ХХХ: ХХХ.

К.Г.: ХХХ. А во моментот на активностите? Околу ХХХ претпоставувам.

ХХХ: Во две и петнаеста... ХХХ.

К.Г.: А кој степен на образование го имате завршено и какво образование?

ХХХ: Високо. Социјален работник.

К.Г.: А дали во кризата бевте инволвирани професионално или волонтерски?

ХХХ: Професионално.

К.Г.: Добро. Дали тоа беше ангажман кој што беше ад хок, случаен за потребите на кризата или па го имавте од претходно?

ХХХ: Па имав ја претходно ангажман меѓутоа канцеларијата се затвори кога почна кризата...

К.Г.: Добро. А која институција всушност беше?

XXX: XXX.

К.Г.: XXX. Кога ќе се спомне кризата две и петнаеста, две и дваеста какви чувства ви пробудува, бидејќи сте биле на терен ангажирани?

XXX: Па не... прво што ми... затоа што сега седум години од пред една слична криза, прво што ми поминува е дека сосем различни гледишта имаше што се случи во две илјади и петнаеста (неразб.) и сега што се случува. Во тој период луѓето во Македонија многу не беа информирани, дури можам да кажам дека и со омраза ги гледаа бегалците што поминуваа. Ние што бевме вклучени директно на терен ја видовме правата слика. Значи јас сум работел од... ова го работев од девеес деветта, од косовската криза, до мигрантско-бегалската криза што беше со Сиријците, јас искрено не видов некоја голема разлика. Значи и во едното и во другото гледав луѓе кои што побегнале од војна. Сакале да го спасат својот живот и животот на своите најблиски. И нив целта им... се гледаше страв во нивните очи. И нивната цел беше значи да се засолнат и продолжуваа патот понатаму. Значи тоа што беше по јавноста, поготово во одредени социјални мрежи, кај што луѓето се напаѓаат според мене немаше врска. Сите тие бегаат, затоа што никој не бега од рајот.

К.Г.: Јасно. Дали вие се чувствувавте безбедно додека ги обавувавте вашите задачи?

XXX: Да.

К.Г.: Дали организацијата XXX сметате дека доволно ве заштити вас за обавување на теренската работа? Дали имавте некакви осигурувања, насоки за дејствување?

XXX: Да, да, да. Ја сум сè уште дел од имрџнси тимот на „XXX“ на светско ниво, така да мојата задача беше да ги тренирам луѓето што работеа на терен. Ја имав претходно десетгодишно искуство во кризни региони, така да мене не ми беше никаков проблем.

К.Г.: Да. Тоа сакав да прашам следното, дали имавте претходно вие учество во други кризи и од каков тип?

XXX: Значи јас работев пет години во „XXX“, пет години во „XXX“, период две илјади и прва - две илјади единаеста поминував значи со косовски бегалци, кризата во Македонија,

после тоа враќање на раселените што беа во Србија, Црна Гора и Македонија, во Косово. Така да ги имав поминато што се вика сите кофликти на Балканот.

К.Г.: Значи плодно искуство за работа со мигранти и бегалци генерално.

XXX: Да. Мислам дека кризата што беше во Македонија со бегалците мигранти од Сирија беше многу полесно за менаџирање за разлика од другите кризи.

К.Г.: Дали вие претходно бевте обучени за хуманитарна асистенција и теренски активности, ако го тргнеме она искуственото, него дали имавте обуки пред да пристапите на терен?

XXX: Вака значи, јас ќе повторам, дел сум на имрџнси тимот на XXX, бев на обуки во XXX во период две илјади и шеста-две илјади и седма година, така да по мене не беше ништо... и луѓето што беа на терен беа обучувани од моја страна и од страна на мојот супервизор кои што бевме со преку дваесгодишно искуство. Земавме со нас искусен тим. Еден член исто беше со дваес годишно искуство низ цел свет, додека локалниот персонал ние го обучувавме.

К.Г.: Дали исто така...

XXX: Имаше тим помеѓу канцелариите на „XXX" Македонија и Србија.

К.Г.: Дел од обуките имаше кои се случуваа за време на кризата, така? Согласно потребите?

XXX: Да, да. Значи посетувавме кампот во Прешево каде што беа стационирани „XXX" и ги обучувавме вработените и во Македонија и во Србија како треба да се...

К.Г.: А дали според вас генерално капацитетот кој што го гледавте... капацитетот на кадарот кој што го гледавте на терен имаше доволни знаења и искуство за успешно да се справи со ситуациите?

XXX: Мислите на „XXX"?

К.Г.: Кажете ми и општо и за „XXX".

XXX: „XXX" мислам дека девеесет посто од луѓето беа супер обучени. На генерално ниво океј беше. Имаше можност... На почетокот беше хаотично поради што се плеткаа и луѓе и што знаат и што не знаат, меѓутоа после воспоставивме ред. Тука беше „XXX", „XXX", XXX, XXX, така да после тоа секој си ја знаеше својата работа.

К.Г.: А генерално беа ли доволно човечки ресурси за справување со мигрантската криза?

XXX: Да. Искрено, на почетокот беа и премногу. Едно време имаше повеќе луѓе што волонтираат, работат во кампoвите од мигранти, бегалци.

К.Г.: Ваше лично видување во однос на тоа какви мерки би ја подобриле состојбата и подготвеноста на терен? Кај луѓето, ваша, дали нешто недостасуваше, што мислите дека би можело да се смени и да биде направено подобро? За лицата кои што одговараат на терен.

XXX: Јас не се сложував со типот на сместување. Според мене требаше да биде земен српскиот модел кој што беше направен од страна на „XXX". Имаше одморалишта детски во близина кои што можеше да се изреновираат, да се користат за време на кризата и ќе ѝ беа вратени на државата реновирани. Тие одморалишта колку што ја разбрав беа доста руинирани, така да државата ќе имаше поголем бенефит. А од човечки аспект доволно беа покриени со тоа што, пак ќе повторам, имаше организации кои што лутаа, не знаеја што работат. Во случај, според мене, на нова криза, треба да се знае секоја организација што е да си го има своето поле на делување. На пример „XXX" е специјализиран за набавки и за инфраструктура и нема што да се меша во други сектори.

К.Г.: Апсолутно. Разбирам, да.

XXX: Така што во тој поглед имаше многу организации кои што добиваа пари од... еве да кажам од било каде, а и самите не знаат што работат.

К.Г.: Кои беа вашите обврски некои конкретни активности?

XXX: Мои лични?

К.Г.: Да.

XXX: Водење на двата тимови што ги имаше „XXX", набавки имавме кои што беа во договор со канцеларијата на „XXX", одржување на кампот беше исто задолжение на „XXX", тука спаѓа значи...

К.Г.: На двата кампа или? Табановце и Гевгелија?

XXX: На двата кампа, значи тука спаѓа комплет одржување, водоводни, електрични инсталации и сите поправки во кампот, внатре во контејнерите. Имавме исто шелтер

инжињер кој што беше задолжен за проширување на кампот, поставување на контејнерите, како треба да се постават, на кое растојание. Иако од почетокот беше хаотично, па се повторуваа кој кај ќе стигне, ние донесовме наш чоек планер, па пробавме колку што е можно подобро да се реорганизираме.

К.Г.: А вие од кого примавте насоки за дејствување?

XXX: Од донаторот, од „XXX“.

К.Г.: Од „XXX“, така. Дали според вас постоеше национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: Па горе – доле да. Иако се менуваа, зе мешаа знаеш на почетокот на XXX и на XXX, средивме.

К.Г.: А кој според вас беше национален координатор на операцијата?

XXX: XXX.

К.Г.: Како течеше, односно како би ја окарактеризирале теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Одлична.

К.Г.: А со државните институции и органи присутни на терен?

XXX: Па може да се каже многу добра.

К.Г.: А како „XXX“ значи вие како човек ангажиран на терен со која меѓународна хуманитарна организација имавте најлесна, наједноставна, најглатка соработка, да речам?

XXX: Па „XXX“ ни беше донатор така да со нив имавме супер. Со „XXX“ беше исто одлична соработката.

К.Г.: Од ваша гледна точка каков фактор претставуваа меѓународните хуманитарни организации за справување со кризата две и петнаеста – две и дваеста во Македонија?

XXX: Како клучен фактор, затоа што сите ние што работевме таму дојдовме со претходно искуство и со претходна работа во кампови од косовската криза и знаевме и како треба да се постави и како да се менаџира. Добро беше што во владините институции имаше луѓе со

кои што соработувавме од претходно, се знаевме и беше многу полесно да се договориме со нив затоа што и тие имаа претходно искуство. Нè знаеја кои сме, така да идеше глатко целата соработка.

К.Г.: А дали имаше некој кој што водеше статистика на дистрибуирана хуманитарна помош и надозр над истата?

XXX: Од наша страна ние non food items имавме дистрибуција, на секое што беше дадено се водеше дневна евиденција, се добива, за да може да го информираме после донаторот за сè што е потрошено.

К.Г.: Постоеше ли мониторинг контрола на распределбата на хуманитарна помош и кој го правеше тоа?

XXX: Јас бев мониторинг контрола, значи сè што е дадено од страна на „XXX“ јас вршев контрола и од канцеларија преку дневни извештаи, а и на терен кога се правеше дистрибуцијата.

К.Г.: Тоа е значи за вашиот дел. А вкупно целата хуманитарна помош во кризата на терен дали можевте да видите или секоја организација си водеше за себе?

XXX: Секоја организација за себе меѓутоа имавме ние и координативни состаноци кои што беа организирани од страна на XXX, каде што секоја организација даваше информации и секоја организација беше обврзана да дава на месечно ниво што е дистрибуирано.

К.Г.: Според вас што беше клучен фактор или кој беше клучен фактор за да се спроведуваат теренските активности? Што беше најважно?

XXX: Најважно добра координација и требаше да се види точно на кого треба да се даде. Затоа што според мене не требаше целата хуманитарна помош на почетокот имавме ситуации каде што се дели буквално на сите луѓе. Според мене доколку некој човек има веќе облека, нема потреба да му се достава дополнително зашто тие луѓе патуваат и им се јавува терет. И неколку пати се случуваше сите тие да добијат ќебиња па после да ги најдат како се качиле во воз како ги фрлиле ќебињата надвор од возот, што е за мене... не е тоа исправно.

К.Г.: А кои беа најсоодветни чекори кои што според вас се превземаа во мигрантската криза за нејзинот справување?

XXX: Па имаше договорено начин на дистрибуција и како ќе се праи дистрибуцијата. Значи од влезот во кампот, еве пример Гевгелија се знаеше, кога ќе влезе чоекот, кога ќе помине на регистрација, добива храна од страна на „XXX", потоа се гледа што друго му е потребно. Значи првите два-три месеца беа хаотични, после воспоставивме систем заедно со другите организации.

К.Г.: Значи воспоставувањето на системот.

XXX: Да.

К.Г.: Освен ова што го спомнавте со облеката значи што беше друго несоодветно изменацирано од страна на организациите и државните институции?

XXX: Па сега што беше друго... се праеја непотребни редови на почетокот. Имаше ситуации каде што лошо време, врне, луѓето наредени во ред еден по еден ги пуштаат. Меѓутоа тоа ад хок го решававме. Успеавме да направиме и големи настрешници на влезовите за да не може... да не треба луѓето да чекаат. Океј беше според мене сѐ. На почетокот фалеа тушеви, тоалети, меѓутоа мора да признаеме дека бевме затечени од оваа мигрантска криза така да ад хок решававме сѐ што е можно побрзо за да може луѓето да ги добијат основните потреби. Друго на почетокот беше неорганизирано од страна на XXX. Се случуваше кампот во Табановце да е препун, а од Гевгелија пуштиле веќе нов воз за Србија и блокирала границите. Али тоа веќе... ние тука не можевме затоа што тоа е координација помеѓу XXX.

К.Г.: Од сите овие работи што вас лично ви пречеше најмногу во обавување на својата работа?

XXX: Мене тоа ми беше најголем проблем затоа што на пример кампот во Табановце е преполн и од Гевгелија јавуваат – тргнува возот. Значи тоа е некоординација на XXX. Не сме ние некоја голема држава, два кампа имавме. И тука требаше и XXX и XXX да реагираат навреме. Додека не се испразни едниот камп, да не трга воз од другиот. Имавме еднаш ситуација каде што возот тргна дваес километри па го враќаа назад во Гевгелија. Кампот у

Гевгелија празен, а Табановце пун, беше и помалку капацитетот, преполн, а Гев... И луѓе плус имаше заглавени на меѓупростор со Србија. Тука требаше XXX да изменаџира.

К.Г.: Според вас што од превземените активности даде најголеми и најсоодветни резултати за мигрантите?

XXX: Навремена дистрибуција на храна, сместување и... овие нонфуд ајтемс шо ги викаме.

К.Г.: Сметате ли дека се даде соодветен одговор и асистенција на терен, генерално?

XXX: Да. Да, да.

К.Г.: Се почитуваа, се зачуваа и се овозможи ли практикување на човековите права?

XXX: Па за луѓето што беше во кампот, да. Сега за овие што ги фаќаа надвор од камповите тоа веќе не... не беше обврска на меѓународни организации. Инаку во камповите сѐ беше океј.

К.Г.: Имаше ли доволно хуманитарна помош?

XXX: И премногу.

К.Г.: Според вас беше ли доволно хуманитарна асистенција? Значи имаше доволно хуманитарна помош ама дали асистенцијата од луѓе на луѓе беше доволна, дали беше во прав момент?

XXX: Да. Да, да.

К.Г.: Се спасија ли човечки животи?

XXX: Да, да, секако. Многу.

К.Г.: Ако погледнеме station наназад, на скала од еден до десет дали се даде соодветен навремен и успешен одговор на мигрантската криза? Од еден до десет.

XXX: Осум.

К.Г.: Беа ли доволни државните институции сами да одговорат на мигрантската криза?

XXX: Не.

К.Г.: Што би промениле вие, освен тоа со одмаралиштата што е интересен предлог.

XXX: Што би променил...

К.Г.: Или какви грешки не смее да се повторат?

XXX: Па добро, сега горе – доле е спремно, у случај... не знам сега каква е состојбата, не верувам дека којзнае како се одржува кампот, меѓутоа кога веќе еднаш се направи таков прифатен центар транзитен, тој треба редовно да се одржува. Да не се остава она времето да го изеде. И треба XXX поголема координација со околните држави да се види како ќе биде, затоа што имавме ние наплив од Грција каде што во почетокот XXX искрено спиеше додека не ни дојдоа на граница. Меѓутоа тоа се работи што треба XXX да ги има, а хумани... меѓународните организации знаеме дека добиваат средства само откако ќе јави проблем.

К.Г.: А ако утре има нов бран на мигранти, дали е државата подготвена да одговори брзо и ефикасно? И од аспект на вклученост на организациите, но и самиот механизам на државата?

XXX: Па веќе ја научија мислам лекцијата, имаме горе – доле спремни капацитети, така да со дополнителна финансиска помош од меѓународни организации, мислам дека е спремна.

К.Г.: А доколку се работи за друга комплексна хуманитарна итност која што не би подразбирала мигранти, туку едноставно на хуманитарна криза? Дали тогаш сме подготвени?

XXX: Зависи од кој тип е. Ако зборимe сега за хуманитарнава криза што е од Украина, јас искрено не очекувам голем број. Сега има колку што разбрав околу илјаду Украинци што се сместени кај пријатели и XXX мислам дека ќе се справи затоа што не очекувам да дојде до голем број. А за ваков мал број, државата е способна. Има луѓе кои што се со искуство и се на право место.

К.Г.: Океј, јас...

**<u>Transcription no.14</u>**

Место: Скопје

Датум: 8.4.2022

К.Г.: Ајде. Значи прво ми треба колку години имате? Имаш.

XXX: XXX.

К.Г.: Добро. Кој степен на образование и какво образование?

XXX: Високо.

К.Г.: Високо. А кое... Безбедност?

XXX: Одбрана.

К.Г.: Одбрана.

XXX: Така се викаше, сега може се вика како сакаат.

К.Г.: Аха. За време на кризата две и петнаеста – две и дваеста бевте волонтерски или професионално ангажирани?

XXX: Сега зависно што е волонтерски, што е професионално. Во суштина професионално, да.

К.Г: Бевте платени... Да.

А.Г.: Така ако гледаме, да. А инаку...

К.Г.: Дали бевте од претходно вклучени во организацијата што ја застапувавте и за која што работевте или...

XXX: Не.

К.Г.: ...специјално за кризата.

XXX: Да, да.

К.Г.: Специјално за кризата?

XXX: Специјално за кризата.

К.Г.: Преку која институција? Преку која организација?

XXX: XXX.

К.Г.: Морам да препишам.

XXX: Ако де.

К.Г.: Да. Кога ќе се спомне мигрантската криза, какви чувства предизвикува кај вас?

XXX: Возбуда.

К.Г.: (се смешка) Дали....

А.Г.: Може да добиеш, како се вика... неконформистички одговори, така да... (се смее).

К.Г.: Да, да, да. Ако, добро. Дали се чувствуваше безбедно при обавување на задачите?

XXX: Да.

К.Г.: Дали сметаш дека беше доволно заштитен од страна на твојата организација при обавување на задачите?

XXX: Да.

К.Г.: Дали имавте претходно... дали имаше ти претходно учествувано во некакви кризи?

XXX: Не.

К.Г.: А претходно некакво искуство во работа со мигранти и бегалци?

XXX: Не.

К.Г.: Дали имаше добиено обука за хуманитарна асистенција и теренски активности?

XXX: Па на почетокот не, после тоа за сегментот што го работев, да. Ама у принцип повеќе сам учев. Од почетокот. После тоа почнаа обуки. Ама на почетокот коа почнавме...

К.Г.: Да, тоа ми е следното прашање. Дали во текот на работата имавте обуки, тренинзи?

XXX: Да, да, после почнаа. Али веќе со некои... од почетокот до стартувањето некои три-четири месеци за да почнеме со првите. После тоа имаше ама веќе филмот заврши.

К.Г.: Дали според тебе кадарот имаше доволно капацитети, знаење, искуство за да се справи со ситуациите на терен? Генерално и на XXX и општо со колегите што ги среќаваше и другите институции на терен. Една севкупна слика за кадарот, искусни ли беа?

XXX: Дали имаа искуство?

К.Г.: Дали имаа искуство, дали имаа капацитети, како се снаоѓаа?

XXX: Мислам дека на почетокот не. Освен индивидуалци шо прелетуваа да речеме, по некои организации кои ги носеа од страна.

К.Г.: Беа ли доволно човечки ресурси за да се справиме со кризата?

XXX: Па мислам дека да. Сега збориме... значи ја како ја праам дистинкцијата. Ја праам дистинкција на периодот кога беше отворен каналот, рутата...

К.Г.: На почетокот.

XXX: И све после тоа. Ззначи додека... кога беше отворена рутата беше едно сосема друго темпо на работа и на доживување и тип на работа, него после тоа. Значи сосема два различни сегменти. Пошто не стоеја кај нас после. Све беше тоа проточно и беше...

К.Г.: Јасно, да. Затоа и толку се прашањата општи за да може да кажете сѐ што мислите. Според тебе кои мерки би ја подобриле состојбата и личната подготвеност за терен?

XXX: Лична на... на кого?

К.Г.: Твојата?

XXX: Мојата?

К.Г.: Да.

XXX: Сега веќе...

К.Г.: Не. Тогаш, во тој момент.

XXX: Тогаш...

К.Г.: Што мислиш дека ќе требаше да се случи за да бидеш и ти поподготвен за тоа што го работеше?

XXX: Ау не знам, мислам дека многу малку знаеја што ќе се случува и како ќе биде за да можат да дадат нешто конкретно. Некој тип на обуки или информации, да. Ама у тој период и кој знае шо да се дешаваше, тоа беше тоа у суштина. Луѓето идеа, си одеа и доменот на активности на организациите у принцип беше само на тој сегмент. За горе зборам. За доле не знам. Доле е друга... Значи вие делевте храна, другите не знам шо делеа храна, медицинска помош и ние шо го теравме тоа додека почнавме да го градиме кампот пред сѐ.

К.Г.: Кои беа твоите обврски и обврските на XXX? Некои конкретни активности кажи ми.

XXX: Првично беше XXX, интервјуата што се, XXX, така се вика. Во суштина тие се... основно интервју е тоа што XXX и ден – денеска знае да го прави. Тоа беше првично, значи собирање на информации. Колегата повеќе беше на инфраструктура. После тоа почнавме да ги делиме работите покривајќи се еден со друг затоа што како минуваше времето имаше донациите наши, почна кампот да се уредува да кажам. Се виде дека е мигрантска криза и чија мисија е. Пошто тука беа заплеткани и други организации претходно. Се одобрија фондовите и веќе почнавме у инфраструктурно, да не кажам, градење на сите тие сегменти шо отпосле се градеа, шо не беа првично напраени.

К.Г.: Од кого примавте насоки за дејствување?

XXX: Од нашиве тука, од канцеларија.

К.Г.: Од XXX, од матичната канцеларија.

XXX: Да. Имаше една – две одговорни да речам, од колешките шо ни биеа шефови и они ги тераа – тој таа активност, овој таа активност. Така.

К.Г.: Дали според тебе постоеше таа национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: Не.

К.Г.: Според тебе кој беше национален координатор на операцијата? Ако имаше.

XXX: На терен?

К.Г.: Да.

XXX: На терен беше XXX али имаше страшна битка со другиве од XXX. Значи не си ги знае...

К.Г.: XXX е?

XXX: XXX од XXX.

К.Г.: А од XXX.

XXX: Да. Значи XXX ги менаџираше на терен работите али мислам дека си правеа големи сплетки меѓу себе во однос на она претходно шо го праевме муабет.

К.Г.: Како би ја окарактеризирал теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: На почетокот не беше нешто многу овакво, имаше доста спрепки али у меѓувреме сите научивме да бидеме доволно лицемерни, така да сега сме многу подобри у нештата (се смешка). И не се... тогаш се бореа за интереси значи кој да ја префати работава. А сега легнаа на ваквото, се виде кој е кој, сега се по така фини. А тогаш да, тогаш имаше... Ја додуша немав толку страшно искуство али „XXX“ понашање... XXX у тоа време нешто многу не. Додуше ја имав друга перспектива кон „XXX“ тогаш. У принцип беа волонтери, деца шо ринтаа таму овакво, а после...

К.Г.: А во однос на...

XXX: Ја не знам колку се слушам, ја немам радиофоничен глас, така да...

К.Г.: Не, не. Се слуша мислам дека добро.

XXX: Во овој џагоров може повеќе се слуша (се смешка).

К.Г.: Ќе видиме тој што ќе транскрибира. Во однос на комуникацијата со државните институции и органи, како со нив течеше соработката?

XXX: Лично немав некоја овакво, голема комуникација, освен за тековни работи шо беа на терен, у принцип со XXX. XXX инцидентно, али беа океј, ферски релативно.

К.Г.: Со која организација имаше наједноставна, најлесна соработка?

XXX: Од овие сите?

К.Г.: Па од сите што беа присутни на терен.

XXX: Тоа тука не знам шо да ти кажам уствари. Мислиш на меѓуна... на...

К.Г.: Да.

XXX: На општо или на државниве?

К.Г: Не на државниве, на меѓународните хуманитарни.

XXX: Ја лично немав некоја у тој момент, искрено. XXX околу кампот, информациите со мигрантите. Друго нешто со овие, онака другарски: - здраво; - здраво. Бевме енигматични малку у тој период (се смее).

К.Г.: Од твоја гледна точка кога ќе погледнеш station наназад каков фактор претставуваа организациите за да се справиме со кризата?

XXX: Значаен. Значаен. Пошто се полесни за мобилизација од државен сегмент и од овие поголемиве организации така да мислам дека првичниот удар ако не беа тие, колку и да беа непрофесионални, со сите маани али као хуманитарен, основното нели, малку поддршка, малку храна, вода, тие работи, пошто таков беше моментумот, прилично значајни. Мое видување е тоа. Пошто додека залуфаа големиве, они ја покрија... После тоа веќе беа проблем, али... (се смешка) тогаш – за тогаш, да.

К.Г.: Кој водеше статистика за надзор и дистрибуирана хуманитарна помош во кризата?

XXX: За нас ние водевме.

К.Г.: Секој за себе.

XXX: Да. Ние водевме за нас. И за тоа што ние го сработуевме, а за другото не знам искрено. После тоа, да, шо било напраено, од кого било, ја имав попис напраено у кампот, нели, кое е, шо е, како е ама у принцип тогаш – за тогаш сите своите претпоставувам.

К.Г.: Аха. Во однос на контрола на распределбата на хуманитарната помош, правеше некој?

XXX: Па ќе кажам, делот што ние го дававме како хуманитарна помош да кажам или асистенција, поддршка на државата пред сѐ, повеќе инфраструктурен беше, значи она ситните моменти на...

К.Г.: А кој правеше контрола на тоа? Самата организација или некој имаше и државата можеби праеше контрола...

XXX: Па претпоставувам дека и нашиве... ама мислам дека ние... Пошто државата само добиваше на готово со – еве ви ја донацијата, распределете ја. Пошто кај нас е со донирање. Веќе ко ќе го дадеме тоа веќе не е наше. Некои други луѓе го даваат као на користење, така ја колку шо сум се заинтересирал.

К.Г.: Кој беше клучен фактор за да се спроведат теренските активности?

XXX: Како го мислиш тоа?

К.Г.: Па од тоа што го виде на терен што беше најклучно да се реализираат активностите? Организациите, државата, луѓето, системот, координацијата?

XXX: Ау комплексно е ова. Комплексно е. Пошто за ова, за да реагираш, треба систем. А систем сега и у Украина верувам дека не функционира како шо треба. Со њухот шо го имам... така да и тогаш беше исто. Значи ако можеш сам да се координираш како организација, сите работеа секој со своето. Така да мислам дека XXX треба да биде клучна. Напорот шо го праеше XXX за некои работи океј му беше у секој случај XXX сега не можеш да... колку и тоа да било со сите маани и промашувања или погодувања. Ама треба да биде клучна XXX у смисла... за координација.

К.Г.: Од сѐ што виде на терен, што беа најсоодветни чекори што сметаш дека се превземаа за справување со кризата?

XXX: Најсоодветни? Хм. Паузирај го ова да не ти се потроши лентата (се смее).

К.Г.: Нема врска, не, не.

XXX: Најсоодветни чекори. Стварно не знам. Првично ми се свиѓаше тоа што... ај да кажам вашиот „XXX“ си беа истурени со храна, со медицинска помош таму, да речеме. Као ако гледаме тој директен... директна помош на мигрантиве. Безбедносниот аспект исто беше

мислам океј, иако мислам дека XXX премногу се вложи на тоа да се... да ги држи на страна луѓево шо малце беше не толку хумано али вака...

К.Г.: А нешто што сметаш дека можеби не беше соодветно изменаџирано од страна на организациите и државата?

XXX: Хм.

К.Г.: Што можеби би требало поинаку да биде.

XXX: Не знам искрено.

К.Г.: А тебе шо најмногу ти пречеше во теренската работа?

XXX: Хаос малку. Хаос беше.

К.Г.: Хаос.

XXX: Хаос беше али не може да не биде хаос у таква ситуација. Така да не знам шо би било не... Многу работи може да бидат секогаш подобро али вака сега (неразб.) на вакво...

К.Г.: А за мигрантите што сметаш дека даде најдо... најголеми резултати? Мислам веќе го спомна тоа со „XXX“. Дали има нешто плус, што сметаш дека за нив беше најсоодветно и најдобро?

XXX: За нив?

К.Г.: Мхм.

XXX: Па што знам иако не ми игледаа многу хумани тие услови на движење, мислам релативно брзо ако го земеме како... како еден уан лек шо го викаат, како еден момент на минење на државава, релативно да, скапо беше, беа натрупани, не беше баш нешто хумано ама па за брзо завршуваа со нас. Барем у делот ние кај шо бевме или... стигаа за два-три саата верувам четири, пет, тоа се ненормални услови внатре коа... колку беа набутани у возот ама па брзо завршуваа.

К.Г.: А се даде ли соодветен одговор на кризата? Целокупно гледано.

XXX: Мислам дека не.

К.Г.: Не?

XXX: Мислам дека не. Пошто има многу нијанси. Ова цела политика треба да ја тинтраш за да... Мислам дека не.

К.Г.: Се зачувуваа според тебе човековите права во време на движењето на мигрантите? Од тоа што го гледаше, нормално.

XXX: Од тоа шо го гледав, зависно до каде одиме со човековите права и колку сме...

К.Г.: Па ај оние основните.

XXX: И колку сме сензитивни околу тие човекови права. Грубо гледано океј, да развиме. Иако секогаш може да биде подобро, нели. Тој наплив на луѓе, толку изненадно, со тие ресурси не верувам дека... можеше и полошо да заврши. Да речеме шо знам... од претходно, пред да почне да го организира, да го канализира XXX, гледајќи луѓево сами кога се движат и сега кога се оставени сами, мислам дека тогаш беа позаштитени во живот. Сега тоа додека стигнеш од една до друга точка малце хаотично е претпоставувам али... шо знам. Искрено...

К.Г.: А имаше ли доволно хуманитарна помош?

XXX: Да.

К.Г.: А дали хуманитарната асистенција беше доволна? Мислам што е онака со човек на човек поддршка, не само во инкајнд него во асистирање?

XXX: Па мислам дека да. Мислам дека да. Имаше таму некои деца шо бааги се потресуваа околу децата на тие шо не се потресуваа за своите деца, така да... мое лично овакво.

К.Г.: Да, тоа и ме интересира.

XXX: Они идат со пет деца, нашиве... паѓа малото, нашиве тука жени, девојки, ја не ни ги знаев тогаш шо се, пискаат, трчаат, да го... Така да мислам дека тој сегмент беше океј. У цел тој хаос и времето за ваквото...

К.Г.: А се спасија човечки животи?

XXX: Па мислам дека да.

К.Г.: Имаше ли некоја случка која шо би сакал да ја раскажеш?

XXX: Во однос на тоа?

К.Г.: Да.

XXX: Па мал милион ги имаше тогаш. Доддуша тогаш кога беше гужвата тогаш немаше време за... простор и... многу, ти викам луѓето знаеја по илјаду луѓе да ги снема за петнаес минути. Не знам колку информации имаш од таму од XXX. Значи имало ситуации кај што за петнаесет минути знаеја да ги снема. Е сега, случки имаше после еден куп. Значи пресечени, удрени од струја на возот шо се пентарат лево – десно, такви сме имале мал милион ситуации. Затоа и додека бев таму еден од главните совети беше – не се качујте на возот горе. Пошто двајца се изгореа тука шо се вика пред нас. Башка возовите се зезната работа ама ризикот... Цврсти се. Цврсти беа, многу цврсти, спрема ние колку сме лигуши овдека, они си беа прилично цврсти. Свака им част. Индивидуално гледано вака, без политика значи.

К.Г.: На скала од еден до десет, според тебе се даде соодветен, навремен и успешен одговор на кризата?

XXX: Според тоа колку знаевме, каква беше кризата и кои капацитети ги имавме и како улетавме сите, збориме комплетно и за држава и за меѓународен...

К.Г.: Све.

XXX: Некоја шеска може да отиде.

К.Г.: А дали сметаш дека државните институции беа доволни и подготвени да се справат...

XXX: Не, не.

К.Г.: Што би променил ти?

XXX: Таму?

К.Г.: Да.

XXX: Таму ништо не се мења. Таму не може да се смени ништо. Треба... Има една анегдота, кога им ја кажав на некои таму од државното, викам - да имам чаробно стапче, би ве земал сите од XXX и би ве пратил у XXX. Една година. Ама XXX онакво, ако не ја продадеш робава денеска, леб не носиш дома. И ме гледаат онака навредени. Викам - не се плашете,

ќе ве вратам после година дена. Да научите да ја цените работата. Значи кај нас никаде ги нема тие услови. Чак и у XXX на некои сегменти, а не па во XXX. Несоодветни луѓе, ситни интереси, нечовечки односи, тоа секаде да речеме, компетентност никаква. Тие се XXX кај што треба одредени... порано за тоа имаше образовен систем. Сега веќе е хаос. Токму затоа никад нема да биде кај нас ништо.

К.Г.: Според тебе кои грешки не смее да се повторат? Еве ако утре се случи истото, што не смее да повториме?

XXX: Значи у меѓувреме се направија тие стандардно-оперативни процедури...

К.Г.: СОП.

XXX: СОП-ови. Претпоставувам дека сега имаат друг поглед на нештата и знаат кој како ќе функционира иако сумљам дека така ќе биде. Али е тоа добро да се знае пошто знаеш у која ситуација кој треба да настапи и како треба да настапи.

К.Г.: Научи некоја лекција ти, за која мислиш дека и другите ја научија од кризата?

XXX: А ја научив многу.

К.Г.: Сподели ми нешто.

XXX: Па не знам на шо посебно...

К.Г.: Како влијаеше на тебе целата криза и професионално и во размислување...

XXX: Не знам, професионално супер ми беше (се смее). Пошто после некој период без работа беше океј. Али размислувањата да, малце ми ги отворија погледите, да не гледам онака шовинистички или како да кажеш, претходно као Македонец шо гледа на работите, дека има многу нијанси у секоја работа. Тоа ми беше јасно и претходно ама сега ми стана малку поубаво јасно. Пошто имав малце искуство и со Босна горе кога беше гужвата...

К.Г.: Ако утре има нов бран на мигранти во државата, дали сме подготвени како организации присутни и држава да дадеме добар, соодветен одговор?

XXX: Како XXX сме сигурно дека поподготвени. А XXX претпоставувам. Не претпоставувам, мислам дека е за нијанса повеќе со сето искуство. Е сега целиот моментум е не верувам во таа институционална меморија шо ја викаат пошто луѓето сè уште се истите

луѓе. Ако го смениш еден, двајца, XXX, овој, тој шо работел, не знам дали новите би се снашле пошто сигурно нема да дојдат од тој сектор. Нема да дојде вториот човек зад нив и колку е амбициозен вториот човек што ќе дојде, него ќе дојде некој од надвор. Ко ќе дојде некој од надвор горе – доле исто е. Тој ми е прашалник во моментов.

К.Г.: Тоа е на пример ако се случи мигрантска криза. А ако е некоја друга комплексна хуманитарна итност да се интервенира, што не се работи за мигранти, дали тогаш можеби исто ќе влијае да сме поподготвени или неподготвени?

XXX: Ние или XXX? Мислам ние како XXX...

К.Г.: И организации и државата во соработка или како и да ќе биде.

XXX: Ние мислам дека сме далеку поокеј, зборам за нашиве од претходно, пошто претходно биле и со капацитет на луѓе и така натаму. Сега се створи некој тим што знае и шо работи. Вие сте си стандардни. А државата мислам дека не. Пошто тука требаат и XXX кои мислам дека... мислам, затоа што XXX порано што беше и сега шо ја исподелија на XXX кои не знаат кој шо работи. Четири, две, три, колку и да се. Мислам дека сѐ уште имаат хаос кај нив. Ама тоа е веќе XXX, XXX, пошто беше XXX, како и да се викаше, ги имам термините заборавено, си имаше сегменти внатре како што. И стар систем, на стара основа напраено. Сега пробаа да го модернираат малце западњачки, ова лаички, пошто не ни следам, него онака интуитивно шо ги гледам работиве. И мислам дека се заплеткани. И гледајќи колку луѓе несоодветно работат таму, не верувам дека нешто многу би... Не им ги знам материјално-техничките... денеска можеби некои од нив имаат нешто. Ама судејќи по некои таму пред... на времето на обуки таму кажуваа дека немаат компјутери некои од нив дома, мислам у канцелариите. Го носел лаптопот од дома дечкото таму не знам што. И моментумот исто е интересен, тоа што го имам забележано уште на почетокот, организација као XXX и XXX остана на две точки на неколку луѓе да... влезна и излезна точка да ги менацираат. Нивните колеги од XXX, XXX, не знам каде, немаат XXX шо се случува. Значи немаат... а знам кои луѓе работат од тие организации, затоа мислам дека не се спремни.

К.Г.: Добро...

**Transcription no.15**

Место: Скопје

Датум: 29.3.2022

К.Г.: Колку години имаш?

XXX: XXX.

К.Г.: Какво образование и кој степен имаш завршено?

XXX: Средно образование, економско .

К.Г.: Економско. Дали беше ангажиран за време на мигрантската криза волонтерски или професионално?

XXX: Волонтерско-професионално.

К.Г.: Океј, ако размислуваш во насока дали си бил пријавен или не, тоа не дефинира дали е професионално или не. Дали беше платен за тоа шо го превеше?

XXX: Да.

К.Г.: Тоа е професионално.

XXX: Добро.

К.Г.: Значи не волонтираше.

XXX: Не.

К.Г.: И надоместоците покриваа повеќе од храна и превоз, туку и други работи.

XXX: Да.

К.Г.: Значи е професионално XXX. Дали беше ангажиран претходно... од претходно во организацијата во која што работеше...

XXX: Да.

К.Г.: ...или ад хок беше викнат само за кризата.

XXX: Не. И од претходно.

К.Г.: И од претходно. Добро. Од која институција беше ангажиран, преку која организација?

XXX: Од „XXX.

К.Г. Преку „XXX. Кога ќе се спомне мигрантската криза две и петнаеста-две и дваеста, какво чувство ти предизвикува?

XXX: Уф. Какви чувства? На дружба... мислам не е чувство тоа. Ааа...

К.Г.: Па убаво чувство ваљда, на дружба.

XXX: На чувство на сполотеност, чувство на сплотеност, чувство ва хуманост... Чувство на сплотеност, чувство на хуманост... чувство на.... ај може ќе ми текне.

К.Г.: Дали се чувствуваше безбедно при обавување на твоите задачи?

XXX: Не секогаш. Во голем дел од ситуациите да, меѓутоа имаше доста ризични ситуации каде што се чувствував безбедно исклучиво заради тоа што го носев XXX. Меѓутоа доколку не би го носел можеби би се чувствувал многу уплашено и загрозено.

К.Г.: Загрозено. Дали беше... дали сметаш дека беше доволно заштитен од страна на твојата организација?

XXX: Ммммм сметам дека да. Мислам дека... сметам дека тука требаше да имаме поголеми некои осигурувања од... пошто не бевме ние... самиот ангажман не ни носеше... не ни носеше... немавме здравствено осигурување. Имавме некое ама не знаевме точно дали имаме... дали сме скроз, скроз осигурани и...

К.Г.: И како...

XXX: И сите под кои услови сме осигурани. Така да сметам дека организацијата требаше да нѐ осигура поединечно со конкретни... под конкретни услови.

К.Г.: Дали ти имаше претходно учество во други кризи и какви, ако да?

XXX: Па конкретно ваква криза не, меѓутоа сум имал учество на вежби, на активности од XXX претходно имав доста искуство сум работел на „XXX“, на отворени води кај што пак е поврзано спасување, прва помош и така натаму и така натаму. Така да не сум директно во некој криза – криза учествувал меѓутоа влегов како спремен кандидат со претходно искуство и знаење.

К.Г.: Дали имаше пртходно искуство во работа со мигранти и бегалци?

XXX: Не.

К.Г.: Дали имаше претходно обука за хуманитарна асистенција и теренски активности?

XXX: Па сум поминал у „XXX“. Конкретно кога го добив ангажманот немав обука.

К.Г.: Не, претходно.

XXX: Пред да го добијам ангажманот, ама претходно сум имал.

К.Г.: Дали во текот на работата ти беа понудени или беше дел од обуки и тренинзи за поуспешно справување со кризата?

XXX: Ммммм очекував повеќе да биде. Имавме само... моментално тогаш само гешталт терапија која што ја постувавме, имаше некои обуки меѓутоа мислам дека во почетокот кога почна требаше многу повеќе да имаме обуки. Отпосле дојдоа обуките веќе кога кризава почна да опаѓа и работата и све, тогаш почнаа да излегуваат и обуките и така натаму и така натаму. Мислам дека требаше порано да се реагира.

К.Г.: Дали според тебе имаше доволно кадар и дали кадарот поседуваше доволно капацитети и знаења...

XXX: Не. Имаше доволно кадар без капацитети и знаења.

К.Г.: Значи човечките ресурси беа доволни?

XXX: Бројчано да, квалитетно не.

К.Г.: Кои мерки според тебе би требало да се превземат и би ја подобриле состојбата и вашата подготвеност на терен? Како теренци, како генерална слика.

XXX: Прво, лекарско уверение пред да почне со некаков ангажман. Второ, да се земе во предвид претходното искуство што го имал кандидатот што аплицира да работи и да се спореди со стандардите на моменталната организација во која што влегува. Ако е XXX да се спореди со како... под кои процедури XXX работел во кризи и дали тоа лице ги има тие знаења. Ако работел во друга организација дали за таа организација...

К.Г.: Ги исполнува критериумите.

XXX: Ги исполнува критериумите. Дополнителни информативни обуки пред започнување на ангажманот и мож... сега зависи, за некои пракса од една недела пред почеток на официјален ангажман каде што нема ништо лицето да работи, само ќе седи и ќе гледа што се случува.

К.Г.: Кои беа твоите обврски?

XXX: Моите обврски беа... бев ангажиран како XXX во медицински тим, моите обврски беа да реагирам и да укажувам XXX на лицата кои што имаа потреба од тоа. Значи генерално за итни ситуации. Сè што беше поврзано со итна XXX јас требаше да го работам и го работев. Дополнително во слободно време или во зависност од ангажманите и од потребите на другите работи шо ги праеше организацијата, помагавме и во логистика и во дистрибуција и во магацинско работење и така натаму и така натаму. Меѓутоа генерално, голем дел...

К.Г.: XXX.

XXX: Девеесет и пет посто од времето го работев тоа што е, на почеток. После тоа работевме комбинирано. Како олабавуваше реалната работа, така се зголемуваа другите обврски.

К.Г.: Од кого примаше насоки за дејствување?

XXX: Од координаторот.

К.Г.: Од координаторот. Дали според тебе постоеше национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: Не.

К.Г.: Кој според тебе беше национален координатор на операцијата, доколку имаше? Национален координатор на целата операција.

XXX: Мислам дека беа XXX од XXX мислам дека беше као национален координатор на кампот. На кампот, не на целата миграција или на...

К.Г.: А на целата дали беше информиран кој ја координира целата работа?

XXX: Он како теренец, претставник он беше на XXX кој шо од кај него беа... Меѓутоа имаше тука вклучено сите организации беа вклучени и многу од... многу од работата и одговорноста ја превземаше XXX, беа како... А техничките работи па XXX. Значи сѐ тоа шо се изработува реално како помош е XXX. А организациите некои... мада имаше тука... секој си беше главен во својата дејност, не знам како да кажам.

К.Г.: Како течеше и како би ја окарактеризирал теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Па мислам дека на почетокот беше лоша комуникацијата, недоволна, меѓутоа со текот на работата се подобри комуникацијата на лично ниво и на тој начин се подобри комуникацијата помеѓу организациите.

К.Г.: А комуникацијата со државните органи и институции на терен?

XXX: Да, имаше редовни состаноци, се работеше цело време на подобрување на комуникацијата со организациите невладини и со државните агенции и институции.

К.Г.: Со која меѓународна хуманитарна организација имаше најлесна соработка?

XXX: Па што знам со кој беше најлесна.

К.Г.: Едноставна.

XXX: Па не можам да дадам конкретен одговор за ова.

К.Г.: Мхм. Каков фактор претставуваа од теренска гледна точка меѓународните хуманитарни организации за справување со кризата?

Д,М.: Некои од нив ни претставуваа пречка.

К.Г.: Мхм. А генерално?

XXX: Па генерално беа пречка. Затоа што меѓународните организации... општо, сега не можам да одвојам конкретна организација, меѓутоа секој имаше... секој имаше некаква слика дека нешто не се работи како шо треба и дека не е по стандардите. Значи првичниот момент на некој претставник од било која организација беше да провери и првичната идеја беше дека тука ние работиме спротивно од XXX и дека начелната идеја беше дека највероватно ние дискриминираме. Па сега они почнуваат да бараат – чекај зашто ова вака било, па така било. Значи стартната позиција беше дека... секој кој што доаѓаше од меѓународните организации дека ние XXX.

К.Г.: Дали имаше некој кој водеше статистика и надзор на дистрибуирана хуманитарна помош и кој беше тоа?

XXX: Лице одговорно за логистика. Да, имаше. Во медицинскиот дел имаше доктор на смена што беше и се водеше...

К.Г.: Од самата организација.

XXX: Од самата организација.

К.Г.: Од XXX сакаш да кажеш.

XXX: Да, да, за XXX зборам.

К.Г.: Дали постоеше контрола на распределба на хуманитарната помош?

XXX: Мммм па да. Да, да, да.

К.Г.: Кој го правеше тоа?

XXX: XXX најчесто, меѓутоа во зависност од кој е донаторот на распределбата, ако донаторот е лупам, „XXX“, беше претставник на „XXX“ и претставник на „XXX“. Генерално сите донации, генерално, сега не баш сите – сите ама генерално сите поминуваа преку „XXX. Значи сѐ што влегуваше како донација во камповите, во Гевгелија и Табановце, поминуваше во магацинот на „XXX“.

К.Г.: Кој или што според тебе беше клучен фактор за спроведување на теренските активности?

XXX: Кој како институција?

К.Г.: Или как... да. Или што беше клучно за да се реализираат активностите?

XXX: Па немаше едноставно... шо знам шо беше клучно. Појма немам.

К.Г.: Кои според тебе беа најсоодветни чекори кои се превземаа во справување со мигрантската криза и кој ги правеше тие чекори? Активности најсоодветни.

XXX: Па генерално сметам дека многу од чекорите беа несоодветни. Многу превземени чекори беа несоодветни.

К.Г.: А кои беа најсоодветни според тебе?

XXX: Најсоодветни беа можеби во периодот кога се воведе некој правилен проток и протоколи како би требало да движат луѓето. Тоа беше соодветен чекор за да не лутаат луѓето наваму – натаму, едно – друго, па ние да ги бараме. Значи соодветен чекор беше правење на официјална рута по која што бегалците би требале да движат. А сѐ останато од коа заврши таа рута е според мене несоодветно, од страна на XXX. И од страна на другите XXX, не само XXX.

К.Г.: Што сметаш дека не беше соодветно изменацирано од страна на државата и организациите?

XXX: Манипулирање со лицата.

К.Г.: Мигрантите?

XXX: Да. Лажење дека таму ги чека не знам мед и млеко во Европа или во било кои држави, затварање на границите без претходна најава и без најава на колку секоја држава ќе прими. Од нигде – никаде, ајде затвараме све и бум, онака. Несоодветно беше префрлање на бегалци по пат на пинг – понг, Македонија на Србија, Србија на Македонија или Македонија на Грција, Грција на Македонија кога веќе се затворија границите. И тоа сѐ уште функционира така и тоа е несоодветно. Несоодветни се правните постапки кои што се отворени за криумчари и за бегалци каде што бегалците се држат во вид на затвореници за да бидат сведоци во судовите и кога и тоа да се деси идејата не им е на нив да останат во државата, да седат, сакаат да отидат по нивниот пат значи да си ги остварат своите цели и желби и потреби. Меѓутоа заради... ако бидат фатени со криумчари се затвараат и они се технички затвореници иако биле жртви на трговија со луѓе.

К.Г.: Што ти пречеше најмногу во теренската работа?

XXX: Изманипулираните луѓе да ги гледам и да ја дискутирам со нив едно-друго и да гледам колку се даун и нивната животна состојба и гледам дека се многу изманипулирани и мене многу ми беше проблем тоа у работата. Не знаев точно секогаш како да изреагирам, што е правилно да им биде кажано, како да им се помогне најправилно... Тоа беше доста тешко, доста голем...

К.Г.: Што според тебе, од сите превземени активности даде најголеми и најсолидни резултати за мигрантите во мигрантската криза?

XXX: Човечкиот однос од секој поединец.

К.Г.: Дали сметаш дека се даде на крајот соодветен одговор и асистенција на терен?

XXX: Па... мислам дека да.

К.Г.: Дали според тебе успешно се почитуваа, се зачуваа и се овозможи да се практикуваат човековите права?

XXX: Не.

К.Г.: Дали имаше доволно хуманитарна помош?

XXX: Премногу. Повеќе од шо беше потребно.

К.Г.: Дали според тебе беше доволно хуманитарна асистенција која што се превзема или имаше потреба од повеќе асистирање?

XXX: Па мислам дека беше доволно. Во зависност од периодите. Значи тука ова прашање би било во кој период... Како ти беше конкретно прашањето?

К.Г.: Дали имаше доволно хуманитарна асистенција? Значи рече дека имаше доволно хуманитарна помош и повеќе од шо треба, а што е со хуманитарната асистенција?

XXX: Да, имаше хуманитарна асистенција и хуманитарна помош, меѓутоа нештото што беше проблем е тоа што таа хуманитарна помош не беше правилно распределена. Значи во еден период имаше премногу хуманитарна помош и премногу хуманитарна асистенција. Во

еден период у Гевгелија имаше четири или четворица плинари кои што имаа задача да мењаат плински боци на сите што се оние печурки шо ги викаме...

К.Г.: Мхм, за греење.

XXX: Да. А после еден период немаше ниеден плинар, а боците стоеја и имаше потреба од некој да ги мења боците. Така да имаше доволно хуманитарна помош и асистенција меѓутоа не секогаш во вистински момент.

К.Г.: Дали според тебе се спасија човечки животи?

XXX: Се спасија.

К.Г.: Имаш некој пример да кажеш?

XXX: Многу.

К.Г.: Ајде еден.

XXX: Чекај, чекај, чекај, чекај... Не можам да се сетам сега кој е најсоодветен. Ај следно прашање.

К.Г.: (се смешка) Ако погледнеме наназад, се даде соодветен, навремен и успешен одговор на кризата? Од еден до десет.

XXX: Па од еден до десет нека биде седум.

К.Г.: Дали сметаш дека државните институции беа доволни и подготвени да се одговори на мигрантската криза?

XXX: Не.

К.Г.: Што би променил ти сега?

XXX: Што би променил? Влез на меѓународни организации во функционирањето, би променил политиката на национално ниво спрема другите држави. Би понудил инкузивност на луѓето во нашиот систем под наши правила и услови, не по меѓународни.

К.Г.: Какви грешки според тебе не смеат да се повторат?

XXX: Манипулација со луѓето. Не смее да се повтори. А ќе се повтара. Верувам дека тоа не баш лесно може да се смени.

К.Г.: Кои лекции се научија?

XXX: Колку животот е краток.

К.Г.: Дали ако утре има нов бран на мигранти државата е подготвена да одговори брзо и ефикасно?

XXX: Не.

К.Г.: Доколку се случи друга комплексна хуманитарна итност, што не мора да биде повторно со мигранти?

XXX: Не.

К.Г.: И за тоа не сме доволно подготвени да одговориме како држава и како организации?

XXX: Не сме.

К.Г.: Ти благодарам!

\

**Transcription no.16**

Место: Скопје

Датум: 29.3.2022

К.Г.: Колку години имате?

XXX: XXX.

К.Г.: Какво образование и кој степен на образование го имаш завршено?

XXX: Значи дипломиран инжињер архитект.

К.Г.: Мхм, значи високо образвоание.

XXX: Да, високо образование.

К.Г.: Во кризата, значи мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста бевте... беше ангажиран волонтерски или професионално?

XXX: Волонтерски цело време.

К.Г.: Значи уште еднаш само да повториме, дали сте биле инволвиран во кризата волонтерски или професионално?

XXX: Професионално.

К.Г.: Професионално. А претходно рековте волонтерски, само да ги појасниме, мислите не сте биле пријавен ама инаку хонорар, сте биле платени за работата.

XXX: Да, да, на тоа мислев. Да, да. Секако.

К.Г.: Значи? Волонтерски или професионално?

XXX: Професионално.

К.Г.: Дали претходно сте биле ангажиран во XXX која што ја претставувавте во време на кризата или дополнително, специјално за кризата ви беше понуден договор за да може да пристапите на терен?

XXX: Не сум бил претходно ангажиран ама сум имал познавање со XXX бидејќи XXX XX долго време има работено во истата XXX, една од тие организации шо имам работено.

К.Г.: Е сега преку која организација или институција беше ангажиран?

XXX: Па бидејќи јас бев XXX и сум сѐ уште по XXX и немаше друг освен мене да покрива, затоа бев во повеќе XXX ангажиран, како „XXX“, како XXX, како XXX и како „XXX.

К.Г.: Каде почна? Преку која организација?

XXX: Преку „XXX“.

К.Г.: Преку „XXX“?

XXX: Да.

К.Г.: Добро. Кога ќе се спомне мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста какво чувство ти предизвикува?

XXX: Уууф, многу убаво!

К.Г.: Убаво?

XXX: Многу убаво, да. Нешто што е веќе многу стивнато, многу беше по... повеќе имаше работа, многу беше по... да кажам пожустро тие години особено две илјади петнаеста и шеснаеста и веќе од две и седумнаеста бидејќи се затвори рутата и луѓето заминаа, камповите се испразнија, после само беше као транзит.

К.Г.: Добро. Дали се чувствуваше безбедно при обавување на задачите?

XXX: Генерално да. Имало моменти кога да кажам, сум осеќал небезбедност, кога сме влегувале во рапхолите, кога имаше значи... едно време имаше у Табановце у кампот илјада шесто пеес души.

К.Г.: Рапхоли?

XXX: Рапхоли се огромни шатори од XXX шо беа наместени и имало моменти кога било тензично, можело да биде ризично ама...

К.Г.: Дали беше доволно заштитен од XXX кои што ги претставуваше и за кои шо работеше? Дали они водеа доволно сметка за луѓето...

XXX: Не знам искрено како да одговорам на ова. До некаде да. До некаде да. Од нивна страна ни било кажано сѐ како препораки, но сега веќе кога си таму во ситуација и ја вршиш задачата, гледаш највеќе работата да се заврши.

К.Г.: Дали ти имаше претходно учество во други кризи и какви?

XXX: Не.

К.Г.: А дали имаше претходно искуство во работа со мигранти и бегалци?

XXX: Не.

К.Г.: Дали доби обука за хуманитарна асистенција и теренски активности?

XXX: Да, многу, доста обуки следев.

К.Г.: Дали обуките беа пред да се почне на терен или откако веќе почнавте?

XXX: За жал многу отпосле.

К.Г.: Многу отпосле.

XXX: Да.

К.Г.: А имаше разни... имаше повеќе обуки кои шо после ви беа понудени?

XXX: Да, да, имаше повеќе обуки, значи и како за XXX и како XXX.

К.Г.: Дали според тебе кадарот имаше и поседуваше доволно капацитети, знаење и претходно искуство за да се справи со теренските ситуации? Сега ко ќе погледнеш сите луѓе шо си ги гледал на терен.

XXX: Не сите.

К.Г.: Не сите.

XXX: Кај сите различно. Имаше луѓе шо им беше прво работно искуство, имаше доста искусни луѓе од претходно шо ја работеле истата работа.

К.Г.: Дали сметаш дека човечките ресурси беа доволни за да се одговори на кризата? Или недостасуваа луѓе или беа премногу?

XXX: Не. Мислам дека доволни беа.

К.Г.: Океј. Според тебе кои мерки кои што не се превземале би можеле да ја подобрат ситуацијата и подготвеноста на терен? Што би додал на тоа шо го имаше, шо мислиш дека фалеше или требаше да се случи за да подобро одговорите на терен, да бидете поподготвени?

XXX: На обучување на персоналот и кадарот.

К.Г.: Претходно можеби.

XXX: Претходно, да, претходно или за време на... само што почна требаше да имаме повеќе обуки за луѓето повеќе да знаат бидејќи секако тоа е друг менталитет, други луѓе, од друг свет доаѓаат, различни сфаќања и мислам дека тоа највеќе би помогнало.

К.Г.: Кои беа твоите обврски? Именувај конкретни активности.

XXX: XXX на интервјуа, интервјуа од страна на XXX за доброволно враќање во своја матична држава, XXX на психотерапии, XXX за секојдневни работи.

К.Г.: А за со XXX?

XXX: Со XXX исто да, XXX за барање за азил.

К.Г.: Од кого ти примаше насоки за да дејствуваш за твоите обврски? Кој те несочуваше?

XXX: Од надлежните од XXX.

К.Г.: Од XXX, добро.

XXX: Да, секогаш сме имале или тим лидери или...

К.Г.: Дали според тебе постоеше национална координација и усогласеност на активностите? Самиот ти кажа дека си бил дел од повеќе XXX во ист период присутен на терен. Дали

постоеше некој кој што ја менацираше целата ситуација на национално ниво? Без разлика дали било тоа организација или државна институција?

XXX: Немаше некој посебен туку организациите сами меѓу себе се согласуваа и можам да кажам бидејќи имам работено и во Табановце и на Винојуг, на Винојуг многу поубаво функционираа организациите меѓу себе за разлика од Табановце. Некако сами меѓу себе се усогласија и работите течеа многу...

К.Г.: Дали мислиш дека тоа е човечки фактор затоа што истите организации со иста целна група на различна локација само... човечки фактор или...

XXX: Не знам искрено. За тоа не знам зашто така. Можеби самите луѓе шо работеа у моментот во XXX, во XXX...

К.Г.: Ако сега погледнеш наназад кој според тебе, во твоите очи беше главен национален координатор? И покрај тоа шо официјално го немало. Кој мислиш дека најмногу ги водеше работите?

XXX: По камповите? Или општо со кризата?

К.Г.: Општо со кризата, да. А може секако да кажеш и во камповите.

XXX: Па мислам дека не може да се каже одредена организација али највеќе мислам дека најголемите работи ги вршеа „XX X“ и XXX, реално.

К.Г.: Како би ја окарактеризирал и како течеше целата комуникација помеѓу тие организации? Од твоја перспектива.

XXX: Меѓусебно, меѓу организациите?

К.Г.: Мхм.

XXX: Па добро. Доста добро.

К.Г.: А со државните институции и органи кои што беа на терен?

XXX: Со државните институции секогаш имало проблем.

К.Г.: Проблем?

XXX: Секогаш, да. Никогаш работата не одела глатко и од прва.

К.Г.: Што мислиш според тебе што е причината за тоа?

XXX: Причината е тоа што веројатно и во другите XXX и XXX во XXX шо работите не се организирани, не се координирани како што треба.

К.Г.: Ти со која организација имаше најлесна соработка? Наједноставна, најглатка.

XXX: Со „XXX X".

К.Г.: Каков фактор претставува од теренска гледна точка, каков фактор претставуваа меѓународните хуманитарни организации во справување со кризата?

XXX: Како? Уше еднаш?

К.Г.: Од твоја перспектива значи, меѓународните организации каков фактор претставуваа во целата криза?

XXX: Па многу голем фактор. Значи без организациите не би можеле тие луѓе уопште да издржат толку време во кампот или многу помош им била пружена и кога не биле во кампот, кога само транзитирале. Многу голем фактор. Многу голема помош.

К.Г.: Дали имаше некој кој што водеше статистика и надзор на дистрибуирана хуманитарна помош?

XXX: Да.

К.Г.: Кој?

XXX: „XXX".

К.Г.: Дали имаше контрола на распределба на хуманитарната помош и ако постоеше некаква контрола на тоа што на кого се дава, кој го правел тоа?

XXX: Не знам за тоа искрено.

К.Г.: Што беше според тебе клучен фактор за да се спроведат теренските активности?

XXX: Клучен фактор?

К.Г.: Мхм. Не знам комуникацијата, брзината на дејствување, некакви документи... Што мислиш во целата приказна дека беше најбитно за да се одговори на терен?

XXX: Па да, како шо кажа комуникацијата најпрво, значи организираноста меѓусебно значи... кога ќе дојде да речеме некој шо работи во... пошо во тоа време сите сè работеа. Да речеме ќе дојде некој, ќе се обрати у „XXX“, тоа му треба и од „XXX“ ќе отиде некој во XXX, тоа му треба. Значи добра соработка мислам дека.

К.Г.: Соработката значи.

XXX: Да.

К.Г.: Што сметаш дека беа најсоодветни чекори кои што се превземаа за да се справиме со мигрантската криза?

XXX: Најсоодветни чекори...

К.Г.: Најпаметни чекори.

XXX: Најпаметни... Не знам искрено сеа у моментов.

К.Г.: Мхм. Добро. Што сметаш дека можеби не беше баш најсоодветно изменаџирано од страна на организациите и државните институции? Во кој дел они во менаџирањето на целата криза организациите и државните институции можеби можеа нешто подобро да направат?

XXX: Па имаше многу такви моменти кај што концентрацијата беше на некое место, на некои нешта што у моментот не им беше толку потребно на мигрантите. А од друга страна нешто што стварно им требаше у моментот не им беше пружено.

К.Г.: Можеш само некој пример да ми наведеш ако ти текнува?

XXX: Да, можам да кажам пример, еве пошто имам и активен сум сè уште во XXX дека од страна на XXX беше донирано за време на пандемијата не знам колку палети средства за дезинфекција шо никогаш не се искористија и еден тон пари значи се фрлија, а од друга страна имаше многу работи како забава, како активности, како спорт на луѓето шо им фалеше во XXX.

К.Г.: Што тебе најмногу ти пречеше во теренската работа?

XXX: Најмногу... не знам искрено.

К.Г.: Може не ти пречело ништо.

XXX: Ништо посебно.

К.Г.: Добро. Според тебе, од сите активности кои што се преземаа за мигрантите што даде најголеми и најсоодветни резултати за нив?

XXX: Од сѐ што е превземено?

К.Г.: Мхм. Сѐ што е правено за нив. Размислувај сега за овие што беа во транзитните центри, организациите шо све правеле или државата што правела и што од тоа беше најс... со најголем ефект.

XXX: Па мислам дека кога им се одговарало на некое нивно барање во однос на документација дека тоа имало најголем резултат. Бидејќи за основни работи, за храна, за место, за тоа им било дадено и не било толку...

К.Г.: Значи индивидуалните случаи, решавање на...

XXX: Да, да, да. Тоа е. Спојување на фамилии.

К.Г.: Сметаш ли дека се даде соодветен одговор и асистенција на терен?

XXX: Да, дефинитивно.

К.Г.: Дали според тебе се почитуваа успешно, се зачуваа и се овозможи да се практикуваат човековите права?

XXX: Седумдес посто да.

К.Г.: Имаше ли доволно хуманитарна помош?

XXX: Да, секако.

К.Г.: Дали беше доволна хуманитарната асистенција која што се презеде во моментот?

XXX: Да.

К.Г.: Се спасија ли човечки животи?

XXX: Дефинитивно.

К.Г.: Имаше ли некоја случка шо би сакал да ја раскажеш?

XXX: Има повеќе случаеви. Кога работев во мобилниот тим на терен, преку „XXX“ значи липковскиот терен, бидејќи луѓево патуваа преку шуми, преку планини, на црно, имаше многу моменти кај што луѓево беа на раб да си го изгубат животот, но благодарение на медицинскиот тим шо сме го носеле со нас навистина им било спасено животот. Ако не у моментот барем сме асистирале да стигнат до болница и да им се спаси животот.

К.Г.: Ако погледнеме station наназад на скала од еден до десет дали се даде соодветен, навремен и успешен одговор на кризата?

XXX: Осмица.

К.Г.: Дали државните институции беа доволни и беа подготвени за да се справат сами со мигрантската криза?

XXX: Не, апсолутно не.

К.Г.: Што би променил ти во целиот изминат период во одговорот? Еве на пример да те стави некој на одговорна позиција утре како ти што треба да дадеш некакви насоки, да донесеш одлука, шо би сменил, шо би координирал поразлично?

XXX: Повеќе контрола на работата на организациите, како шо спомна ти претходно дека да има некој шо би го контролирал сето тоа шо се случува.

К.Г.: Какви грешки не смее да се повторат?

XXX: Какви грешки... па не знам сега вака генерално не ми текнува. Ми текнува конкретни примери. Како на пример кога ќе дојдеа во камп двајца маж и жена што се претставуваат како маж и жена па после ќе испадне дека тој е криумчар или не знам што, па ја малтретира или силува. Мислам дека тоа треба поубаво да се провери кога луѓето пристигнуваат во кампот.

К.Г.: Супер. Кои лекции се научија вака нешто ако можеш да ми кажеш како лесонс лрнд за во иднина?

XXX: Многу работи се научија преку кризава, стварно многу работи на професионално ниво и на приватно ниво и сè. Нешто мене вака у моментот шо ми текнува дека на крајот на денот дека сите луѓе се исти од каде и да доаѓаат, каква нација и каква вера да се дека луѓето се исти и дека треба секогаш секој да се испочитува максимум. И дека не треба да се верува веднаш на тоа што у моментот изгледа туку треба малку поубаво да се... подлабоко да се истражат работите.

К.Г.: Ако утре има нов бран на мигранти во државата, дали државата е подготвена да одговори брзо и ефикасно? Е сега размисли и во делот на државниот механизам и меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Државата ко држава можеби се малку поподготвени за разлика од пред пет години, но државата сама без организациите ништо нема да направи.

К.Г.: Значи доколку се случи друга хуманитарна итност шо нема да биде мигранти, дали па тогаш сме спремни да одговориме?

XXX: Како држава?

К.Г.: Мхм.

XXX: Не.

К.Г.: Добро. Дали сеа во однос на тие работи можеби хуманитарните организации имаат пак повеќе експертиза и знаење?

XXX: Секако дека да. Организациите се сега да кажам после оваа криза максимум спремни со најголем капацитет да дадат одговор на било каква криза.

К.Г.: Добро. Ти благодарам многу!

**Transcription no.17**

Место: Скопје

Датум: 8.4.2022

К.Г.: Добро. Значи колку години имаш?

XXX: XXX.

К.Г.: Добро. Какво образование и кој степен на образование имаш?

XXX: Социјален работник.

К.Г.: Високо, факултет, така?

XXX: Да.

К.Г.: Во кризата... мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста дали беше ангажирана професионално или волонтерски?

XXX: Професионално.

К.Г.: Дали беше во организацијата вклучена од претходно или беше ад хок специјално за тоа вклучена?

XXX: Од претходно.

К.Г.: Преку која организација, институција?

XXX: „Отворена порта XXX“.

К.Г.: Кога ќе се спомне кризата какви чувства ти предизвикува?

XXX: Ауф, измешани.

К.Г.: Дали се чувствуваше безбедно при обавување на задачите?

XXX: Во поголем дел да, ама во некои ситуации не.

К.Г.: Дали сметаш дека беше доволно заштитена од страна на XXX XXX? Дали имаше некакво осигурување посебно или нешто?

XXX: Не. Доволно мислам, да ама во однос на осигурување стриктно, не.

К.Г.: Дали имаше претходно учествувано во други кризи и какви?

XXX: Не.

К.Г.: А дали имаше претходно искуство во работа со мигранти и бегалци?

XXX: Не.

К.Г.: Дали имаше претходно добиено обука за хуманитарна асистенција и теренски активности?

XXX: Да.

К.Г.: Дали во текот на работата ти беа понудени исто така обуки и дообуки?

XXX: Да, да.

К.Г.: Дали според тебе кадарот кој што беше на терен севкупно ако го гледаш, и од „XXX" и од другите организации и институции кои што ги виде, сметаш дека имаа доволно капацитети и знаења и искуство за да се справат со теренските ситуации?

XXX: Капацитети да. Знаење не, зашто беа многу кои што немаа искуство исто како јас во бегалската криза, така да би рекла недоволно можеби.

К.Г.: Дали беа доволно луѓе? Дали имаше доволно човечки ресурси на терен?

XXX: За таа бројка на почетокот, не. А понатака да.

К.Г.: Според тебе кои мерки, кои активности би ја подобриле целата ситуација во тој даден момент за подготвеност на терен?

XXX: Координација, соработка. Тоа фалеше најмногу.

К.Г.: Кои беа твоите обврски конкретно, некои активности да ми кажеш што правеше ти?

XXX: Работа со деца, активности со деца, помош на мајки, семејства, хуманитарна помош, активности едукативни, креативни колку шо дозволуваше времето.

К.Г.: Од кого примаше насоки за да дејствуваш?

XXX: Од XXX.

К.Г.: Од „XXX“?

XXX: Од „XXX“.

К.Г.: Дали според тебе имаше национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: На почетокот не, понатака да.

К.Г.: Во твоите очи дали имаше еден кој што беше национален координатор?

XXX: Конкретно едно лице, не. Организација да, ама лице не.

К.Г.: А која организација?

XXX: XXX.

К.Г.: Како течеше и како би ја окарактеризирала теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Па исто би рекла на почетокот потешка, покомплицирана, понатака веќе кога секој си ги знаеше улогите, многу полесно.

К.Г.: А во однос на комуникацијата со државните институции и органани, како во тој дел беше комуникацијата?

XXX: Јас немав голема комуникација, така да не знам тоа, пак беше на некое повисоко ниво да кажам. XXX со институција. Ние не толку.

К.Г.: Со која организација ти имаше наједноставна и најлесна соработка?

XXX: Со сите. Не би издвоила некоја конкретна. Со „XXX“ нели секогаш беа тука пошо ние ги упатувавме доколку нели дојдеа кај нас мајки и деца, ако видевме дека има потреба, секогаш ги упатувавме. Најголемата комуникација ни беше со нив, така да...

К.Г.: Одеше лесно.

XXX: Да. Да.

К.Г.: Според тебе каков фактор претставуваа од теренска гледна точка меѓународните хуманитарни организации за да се справиме со кризата во две и петнаеста – две и дваеста?

XXX: Каков фактор?

К.Г.: Мхм.

XXX: Доста голем.

К.Г.: Дали и кој водеше статистика и надзор на дистрибуираната хуманитарна помош на терен? Што се случуваше?

XXX: Секоја организација водеше за себе би рекла.

К.Г.: Постоеше ли контрола на тоа како се распределува, што се распределува во делот на хуманитарна помош и кој ја правеше таа контрола над нештата?

XXX: Организациите лично си ги... нели даваа хуманитарните пакети со тоа што нели отпосле се изготвуваше извештај, бројките се... јавно беа достапни за сите. Сега може XXX беа тука највеќе во однос на собирање на тие податоци.

К.Г.: Што беше според тебе клучен фактор за спроведување на теренските активности? Што беше најбитно?

XXX: Пак исто: соработката, комуникацијата. Зашто на почетокот беше доста потешко додека секој да... пошто на сите мислам, не само на XXX, на сите XXX ни беше како нешто што досега не сме го искусиле, така да требаше одреден период за конкретно да знаеме кој, што, како, упатувањето кон кого иде, така да...

К.Г.: Според тебе кои беа најсоодветните чекори кои што се спроведоа за да се справиме со кризата на терен? Дали има нешто што ти сметаш дека не беше баш најсоодветно изменаџирано од страна на сите присутни актери на терен? И организации и државни институции.

XXX: Имаше пропусти во моменти кога една организација, еве конкретно да зборувам, XXX ќе идентификувавме потреба дека треба да се делува од страна на други организации, а истото го немаше.

XXX

XXX: Здраво.

К.Г.: Здраво.

XXX

К.Г.: Кате, драго ми е.

XXX

К.Г.: Добро. Што тебе лично најмногу ти пречеше во теренската работа?

XXX: Истиот тој момент. Кога ќе воочевме дека има некоја ситуација која што е потребно некое упатување, ќе упатевме, а другите ќе проценеа дека не треба и нема соодветно да делуваат на случајот.

К.Г.: Од сите превземени активности што сметаш дека даде најголеми резултати?

XXX

XXX: Се снима.

XXX.: (се смее). Извини!

XXX: Ништо нема. Извини, уште еднаш? Што даде најголеми резултати?

К.Г.: Што... да. Што даде најголеми резултати? Можеби брзата интервенција или па непосреден пристап...

XXX: Па би рекла сè. Сè од тоа.

К.Г.: Се даде ли на крајот соодветен одговор? Добро ли се одговори на теренот?

XXX: Па... Знаеш како, пробувам да направам некоја разлика помеѓу почетокот бидејќи ја бев скоро година и кусур, пак се навраќам на тоа сеа кога гледам на крајот, можеби да, додека бев таму, а на почетокот не. Затоа пробувам да направам знаеш некоја дистинкција...

К.Г.: Различно е.

XXX: Да. Целосно ама...

К.Г.: Според тебе се успеава да се зачуваат човековите права?

XXX: Во голем број да.

К.Г.: Дали имаше доволно хуманитарна помош? Па и хуманитарна асистенција?

XXX: Пак исто. На почетокот не. При крајот додека бев таму значи на почетокот две илјади и петнаеста не, две илјади и шеснаеста веќе да.

К.Г.: Се спасија ли човечки животи?

XXX: Да.

К.Г.: Може да ми раскажеш некоја случка ако ти текне...

XXX: Ау многу се. Не знам. Конкретно... има многу што ми се останати вака во сеќавање, имам позитивни, имам негативни. Конкретно памтам ми остана во сеќавање, мајка на осум деца, млада жена која што за време... додека доаѓале од Турција кон Грција од бродот изгубила две деца.

К.Г.: Ако погледнеме station наназад твоето лично мислење на скала од еден до десет, колку се даде успешен одговор на кризата?

XXX: Ш... пет.

К.Г.: Дали беа државните институции доволни сами да се справат со мигрантската криза?

XXX: Не.

К.Г.: Што би променила ти во целата ситуација или не знам некои грешки кои што сметаш дека не треба да се повторат? Не смеат да се повторат.

XXX: Делувањето на XXX.

К.Г.: Како? Делувањето?

XXX: На XXX.

К.Г.: Некоја лекција која што сметаш дека треба да се научи?

XXX: Поголем осврт на човекови права и поголема хуманост. Тоа малце фалеше.

К.Г.: Ако утре се случи нов бран на мигранти во државата дали сме... дали државата е подготвена заедно со капацитетите на меѓународните хуманитарни организации веднаш, брзо да се справи со ситуацијата?

XXX: Не.

К.Г.: Можеби доколку не се работи за мигранти, некоја друга комплексна хуманитарна криза и итност, дали тогаш сме подготвени?

XXX: Не.

**Transcription no.18**

Место: Скопје

Датум: 13.5.2022

XXX: За XXX ќе кажам.

К.Г.: Да. Благодарам! Само пенкалото за да запишувам и јас. Значи колку години имаш?

XXX: xxx.

К.Г.: Добро. Кој степен на образование?

XXX: Високо.

К.Г.: А што?

XXX: Правен факултет, имам положено правосуден испит.

К.Г.: Дали бевте инволвирани за време на кризата две и петнаеста – две и дваеста волонтерски или професионално?

XXX: Професионално.

К.Г.: Дали тоа беше ангажман кој што го имавте уште претходно во организацијата или пак беше ад хок за потребите на кризата?

XXX: Од претходно.

К.Г.: Од претходно. Преку која институција бевте ангажирани?

XXX: XXX.

К.Г.: XXX. Кога ќе се спомне мигрантската криза две и петнаеста – две и дваеста, какво чувство предизвикува кај вас?

XXX: Многу ненаучени лекции, многу работи кои што требаа да се направат, меѓутоа се надевам дека доколку би имало повторно, мислам дека би биле поспремни.

К.Г.: Се чувствувавте ли безбедно при обавување на задачите?

XXX: Да.

К.Г.: Сметате ли дека бевте доволно заштитени од страна на вашата организација за да ги обавувате теренските активности?

XXX: Да, да, да.

К.Г.: Дали имавте претходно учество во други кризи и какви?

XXX: Не, не.

К.Г.: Дали имавте искуство во работа со мигранти и бегалци?

XXX: Пред две илјади и тринаеста не.

К.Г.: Добивте ли претходно некаква обука за хуманитарна асистенција и теренски активности?

XXX: Не.

К.Г.: Дали во текот на работата ви беа понудени обуки, тренинзи...

XXX: Да, да, од повеќе организации. Дали според вас кадарот кој што можевте да го видите на терен, без разлика дали беше од XXX) или од другите XXX, поседуваше доволно капацитети и знаења, дали имаа претходно искуство од разговорите кои што можевте да ги видите?

XXX: Претходно искуство не, меѓутоа работите се учеа во од и како одминуваше времето се стекнувавме сите заедно со потребното искуство да се справиме со кризата.

К.Г.: Беа ли доволно човечки ресурси за справување со кризата?

XXX: Да. Во некои сегменти и превише.

К.Г.: Според вас, кои мерки би ја подобриле состојбата и вашата подготвеност на терен? Ако некој друг, ако некој друг сега нов треба истото да го направи што вие во оваа криза, што вие би направиле за да биде по...

XXX: Па претходни обуки мора да има, размена на искуства и да се видат и практики од други земји како се справиле конкретно со бегалската криза, еве да речеме од најблиското соседство и опкружување.

К.Г.: Кои беа ваши обврски, некои конкретни активности?

XXX: Бидејќи сум XXX, мојот дел беше XXX информирање на мигрантите кои што беа присутни во двата транзитни центри, потоа на барателите на азил кои што беа во прифатниот центар за баратели на азил и од две илјади и деветнаеста и XXX информирање на мигрантите кои што се во прифатниот центар за странци во Гази баба. Меѓутоа кога беше бегалската криза значи бев и психолог, бев и социолог (се смее), бев и делач на храна, делач на вода, на лекови, така да... значи генерално сè.

К.Г.: А вие од кого примавте насоки за да дејствувате на терен?

XXX: Првично примав од моите надредени од XXX. Меѓутоа имаше одредена координација на сите организации, „XXX“ предначеше, XXX, некаде XXX и така.

К.Г.: Дали според вас постоеше национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: Многу слаба.

К.Г.: Кој според вас, во вашите очи беше... доколку има таков, национален координатор на целата операција?

XXX: „XXX“.

К.Г.: Како течеше и како би ја окарактеризирале теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: На почеток беше хаотична, значи јас ова го кажувам од искуство бидејќи почнав од железничката станица во Гевгелија, меѓутоа откога се направија двата транзитни центри, се подобруваше и од време... од ден на ден стануваше сè подобро и во насока на заштита на сите тие луѓе кои што бегаа.

К.Г.: Во однос на комуникацијата и односот со државните институции и органи присутни на терен?

XXX: Тешко идеше комуникацијата. Јас како XXX имав многу расправии најчесто со XXX во делот на XXX и пристапот во постапката на дел од тие кои што изразуваа намера за азил. XXX немаше нешто слух, XXX исто, така да... XXX.

К.Г.: Ако треба да издвоите една организација со која што наједноставно, најлесно сте комуницирале, кој би бил тоа?

XXX: Па добро реално јас навеќе комуницирав со „XXX“, со XXX, со XXX (ѕвони телефон). Ало!

К.Г.: Значи рековте дека имавте најмногу комуникации со „XXX“ и?

XXX: Па со меѓународниве да речеме, со XXX, со XXX и со... А од државниве со XXX, XXX и XXX.

К.Г.: Со кого беше наједноставно да се функционира и комуницира? Најбрз проток на информации.

XXX: Со „XXX“.

К.Г.: Каков фактор претставуваа од теренска гледна точка меѓународните хуманитарни организации во справување со кризата, според вас?

XXX: Помогнаа многу, се вложија многу средства, логистика, така да... Меѓутоа сепак ќе кажам недоволно.

К.Г.: Недоволно.

XXX: Да.

К.Г.: Дали постоеше, од тоа што можевте да видите, контрола на распределба на хуманитарна помош и кој го правеше тоа?

XXX: На почетокот не. Кој стигнеше носеше храна, делеше, чаеви, кафиња, млеко и такви работи, меѓутоа со текот на времето мислам дека сè се канализираше преку „XXX“ и XXX. И ден – денеска јас кога XXX кога носи да речеме храна, лекови во Гевгелија, го канализираме тоа преку XXX и XXX.

К.Г.: Што од сите работи беше клучен фактор за да се спроведуваат теренските активности? Што беше најбитно во целата таа работа?

XXX: Најбитно беше да има добра координација и поефикасно. Бидејќи се работеше за голем број на луѓе, приоритет требаше да се дава на ранливите категории и едноставно на девеес девет запирка девет посто целта беше да се замине што е можно побрзо од Македонија, така да немаше потреба од главење на луѓето од... нели чекаат на Винојуг, па чекаат воз, па чекаат Табановце таму. Така да... мораше да иде побрзо сето тоа.

К.Г.: Што според вас беа најсоодветните чекори кои што се превземаа за справување со кризата?

XXX: Па прво... првенствено според мене беше битно тие луѓе да се згрижат примарно, да се видат кои се нивните потреби, доколку има потреба од лекарска интервенција, храна, облека, тоа. Потоа се разбира правниот основ доколку некој сака да останат, да побараат заштита од Македонија, да им се овозможи тоа. Доколку не, да си го продолжат патот.

К.Г.: Што сметате дека не беше соодветно изменаџирано дали од страна на организациите или државните институции?

XXX: Се направи непотребен хаос на почетокот. Значи со неколку збора тоа би било никаква координација. На сите ни беше тоа ново, не велам не, меѓутоа дали немаше доволно капацитети, немаше доволно искуство. Меѓутоа јас кога идев на терен по транзитни центри имав впечаток дека не се знаеше кој пие, кој јаде.

К.Г.: Што најмногу ви пречеше во теренската работа?

XXX: Сите што се правеа главни и што кажуваа. Јас сметам дека треба да се почитува хиерархија меѓутоа треба да се знае кој што кажува, кој што работи. Така да... А вака сите кажуваа, сите беа главни и...

К.Г.: Што од сите активности сметате дека даде најголеми резултати за самите мигранти?

XXX: Па мислам дека првичниот прифат и медицинската заштита, храната, лековите, облеката...

К.Г.: Најосновните потреби.

XXX: Најосновните потреби на луѓето. Тоа што се делеа ранци и топки и некои други глупости, така да апсолутно беше беззначајно.

К.Г.: Се даде ли соодветен одговор и асистенција на терен?

XXX: Да. Имајќи ги во предвид претходното искуство и како сето тоа бидна, да.

К.Г.: Бидејќи сте правник дали успешно се почитуваа, зачуваа и се овозможи да се практикуваат човековите права?

XXX: Не.

К.Г.: Имаше ли доволно хуманитарна помош?

XXX: Да, имаше. Би рекол и премногу.

К.Г.: Дали беше доволно хуманитарна асистенција во дадениот момент?

XXX: Да, да.

К.Г.: Се спасија ли човечки животи, имаше ли некоја таква...?

XXX: Да, да.

К.Г.: Може ли нешто да ми кажете од терен, некоја активност, некој впечаток, некоја ситуација?

XXX: Еве јас ќе ви кажам една... тоа беше случај на железничката станица кога еден малолетник од Сирија го удри стуен удар од (неразб.) иако до некаде беше и негова вина бидејќи се трудел да најде штекер за да го полни телефонот. Веднаш беше превземен од „XXX“, беше однесен во болница, му се направи операција, беше внесен во постапка за азил, Македонија му даде заштита. Он кога беше во добра здравствена состојба волонтираше за XXX, така да и он даде поддршка на другите бегалци, мигранти кои што поминуваа. Има многу случаи со...

К.Г.: Среќна приказна е ова.

XXX: Да. Има многу случаи со непридружени малолетници, имаше неколку семејни обединувања што во Македонија, што на граница со Грција, на граница со Србија. Имаше

многу инвалидни лица на кои што им се помогна од XXX. Во делот на азилот, XXX. Така да има многу позитивни приказни. Мислам времето е кратко инаку...

К.Г.: Да, да, да, да, јасно. Дали ако погледнеме station наназад, се даде соодветен, навремен, успешен одговор на кризата? Од еден до десет ме интересира само.

XXX: Па еве да речеме седум. Таа оценка на факултет сум ја сакал највише.

К.Г.: Да. А државните институции беа ли доволни и доволно подготвени да се справат сами со кризата?

XXX: Не.

К.Г.: Што вие би промениле?

XXX: Има одредени... на пример законодавството поврзано со овие проблеми, значи непотребно се промени законодавството еве за таа намера, за азил, значи тоа обавезно мора да се избрише.

К.Г.: Тие седумдес два часа?

XXX: Да.

К.Г.: Тоа не сметате дека е добро?

XXX: Не функционира. Значи остана во законот... кога заврши бегалската криза, кога официјално се затвори западно-балканската рута ние нити... ние имаме само еден случај каде што е дадена намера. Така да значи не е функционално тоа. И кога беше од сто луѓе на железничката станица, на пеесет им се правеа намери и другите пеесет се пуштаа така. Дека јас инсистирав во пополнувањето на тие со XXX, така да не беа решение, сакам да кажам. И тие бројки што се официјални да ги кажам, не се точни. Треба да се отвори... нема стратегија за интеграција, нели долго време нема на ниво на XXX зборам. Ние ќе се залагаме како XXX за alternative detention. Тоа е нешто ново кое што во Европа го има, алтернативи на задржување.

К.Г.: Што би значело тоа?

XXX: Тоа значи да не се задржуваат луѓето, ранливи категории во прифатниот центар за странци Гази баба. Значи тука ќе треба законски измени да се прават. Законот за

меѓународна и привремена заштита мора да се менува. Значи има многу работи кои што лицава што се со субсидијарна заштита, бегалците од Косово, сега малтене сите ги одбија. Што понатака и со тие луѓе? Така да има многу работи кои што треба да се менуваат.

К.Г.: Јас имав едно прашање...

XXX: XXX е катастрофа.

К.Г.: Да. Имав едно прашање баш во делот на што вие би промениле во делот на легислатива ама еве веќе го одговараме. Мислам дополнително би сакала посебно да разговараме за...

XXX: Нема проблем, јас сакав да покренам... мислам не само ние туку јас сакам законски измени да покренеме во Законот за странци и во Законот за меѓународна и привремена заштита во делот на тие алтернативи за задржување. Значи тие ги немаме тие, малтене во сите европски земји ги има. Кај нас нешто XXX почна да промовира...

К.Г.: А што би значела алтернативата ако не detention, не знам...

XXX: Да речеме место да се сместуваат во XXX во тие услови, не знам дали си била, дали си влегла во просториите каде што ги чуваат. Јас сум влегол таму, така да... луѓе од затвор кога доаѓаат викаат дека во затвор е поубаво. Значи тоа значи на пример да го сместиш во друг објект или на пример да му одземеш паош, пари и такви работи додека трае постапката, дали е судска, дали е овакво. И тие баратели на азил што има некои на кои што треба да им се ограничи слободата на движење, да не им се ограничи таму. Туку да речеме во друг објект, налик нешто како што беше безбедната куќа ние што ја имавме до две илјади и деветнаеста.

К.Г.: Да, да, да. А ова што е со... на некој... сега баш со статус мислам XXX и уште некој, од хуманитарни причини беше, така?

XXX: Тоа сум ја пионер во тоа. За XXX и за XXX XX.

К.Г.: Така, така. Да. Дали они им следат некои права од законот било какви, не знам, као што овие другиве имаат домување, не знам...

XXX: Не.

К.Г.: Не. Ништо.

XXX: Не. Они се на ниво на наши државјани со првивремен престој.

К.Г.: Мхм. Еве на пример ако дојде некој во Македонија со работна дозвола и работи... мислам има статус тука на странец кој што е со легален...

XXX: Со пријавен престој.

К.Г.: Да. Дали има исти горе-доле права како овие што се од хуманитарни причини?

XXX: Да. Личната карта е иста, жолта...

К.Г.: Да, ја видов. Ми се пофали XXX пред некој ден дојде.

XXX: Жолта, така да... јас XXX го спасив од затвор, он беше XXX, така да беше во XXX, таму се запознавме. XXX му најдовме бидејќи јас не можам XXX во XXX. Не доби затвор, доби условна казна, без протерување. Побара азил, го одбија, скрос во сите инстанци, меѓутоа еве со хуманитарни за него и за XXX успеавме да завршиме...

К.Г.: Долго време беше он во XXX. Многу долго.

XXX: Да. Ми се најде XXX мислам така да.... бидејќи јас од шенсаести јули две илјади и дваеста не сум во XXX, така да...

К.Г.: Да, он беше XXX.

XXX: Да, да. Ми се најде он XXX. Сега имам друг еден човек од XXX кој што ми помага, башка и тие шо ми се јавуваат, XXX

К.Г.: Сега XXX е супер, во „XXX" е, во XXX.

XXX: Драго ми е, јас...

К.Г.: Му пратив речник, ми побара па отидов, го купив, му го пратив.

XXX: Е па еве XXX на дваесет и петти мај ако не се лажам, ќе полага македонски јазик.

К.Г.: Да, да, да. Супер. Уште нешто ситно остана да прашам. Во делот на... која грешка не смее да се повтори би било после тоа.

XXX: Која грешка не смее да се повтори.

К.Г.: Да. Кои грешки, ако има повеќе.

XXX: Од почеток мора да се знае кој што работи. Точно. Да не се навлегува во надлежноста на другиот. На пример XXX да не се ашка со некои работи кои што се од ваша надлежност да речеме и да мудруваат.

К.Г.: А дали ако утре имаме нов бран на мигранти, државата е подготвена да одговори брзо, ефикасно...

XXX: Не! Не! Не, не, не.

К.Г.: А доколку се случи можеби друга комплексна хуманитарна итност, друга emergency шо не подразбира мигранти, дали тогаш можеби сме спремни?

XXX: Па можно е. Можно е. Мене ми е... освен вие, не гледам друга XXX која би се справила бидејќи... јас лично ми е драг XXX, XXX, ама (се смее)...

К.Г.: Да, тоа не е фактор човек секојпат.

XXX: Ама не ги бива. А тој нека си XXX и такви работи, нека се мачи, а вака...

**Transcription no.19**

Место: Скопје

Датум: 23.3.2022

К.Г.: Да започнеме. Ме интересира колку години имате?

XXX: XXX.

К.Г.: А колку години имавте во периодот кога работевте на мигрантската криза?

XXX: XXX.

К.Г.: Не.

XXX: Да.

К.Г.: Седум години... Каков и кој степен на образование имате завршено?

XXX: Високо образование, економски факултет.

К.Г.: Економист значи. Дали бевте инволвирани во кризата волонтерски или професионално?

XXX: Професионално.

К.Г.: Добро. Дали бевте инволвирани... Дали беше инволвиран професионално како ангажман за оваа проблематика од претходно или беше... бевте ангажирани ад хок, специјално за оваа криза?

XXX: Како промена на активности во рамки на работно поле.

К.Г.: Значи и претходно беше во организацијата, само се смени обврската.

XXX: Да.

К.Г.: Која институција? Која организација?

XXX: „XXX“.

К.Г.: Кога ќе ја спомнам општо кризата две и петнаеста, две и дваеста, какви чувства ти предизвикува општо, генерално?

XXX: Бурни.

К.Г.: Бурни. Дали се чувствуваше безбедно додека ги обавуваше твоите задачи?

XXX: Генерално.

К.Г.: Дали сметаш дека доволно беше заштитен од страна на твојата организација при обавување на обврските? Од секаков поглед заштитен, значи здравствена превенција, безбедност генерална по твојот живот, твоите права?

XXX: Од еден до десет?

К.Г.: Не. Како сакаш, наративно изрази се, мислам биди искрен, отворен ова стварно нема... како се осеќаше, стварно?

XXX: Па евентуално... Зашто? Зашо во одредени моменти имаше ситуации и случувања каде што не сите и секогаш беа предвидени и несоодветно се одговори на нив од аспект на безбедност и претходна подготовка за можни сценарија. Така да многу од работите се случуваа и се преземаа одредени чекори после одредени случувања отколку пред. Зашо сето тоа сепак беше нешо ново со шо се сретнавме повеќето од нас што бевме...

К.Г.: Баш тоа ми е следното прашање. Дали има претходно искуство во други кризи и какви? Кој тип на кризи?

XXX: Во рамки на криза од овој обем, не. Некои вонредни состојби на локално ниво, односно национално ниво, топол бран, ладен бран...

К.Г.: Поплавите?

XXX: Поплавите беа две илјади и шеснаеста есента, така, после почетокот на мигрантската криза. А инаку поплавите па имаат сосема поинаква...

К.Г.: А дали имаше ти претходно искуство во работа со мигранти бегалци?

XXX: Да. Со бегалци од Косово, лица кои шо беа веќе подолго време тука, петнаесетина години и поинаков статус и потреби имаа и уживаа.

К.Г.: Дали од XXX или од било кое друго место имаше добиено обука претходно за хуманитарна асистенција и теренски активности? За тоа што го работеше.

XXX: Како подготовка конкретно во однос на мигрантската криза, не. Све тоа беше во од.

К.Г.: А дали во текот на обуката ти беа понудени... или беше дел од обуки, тренинзи за поуспешно справување со кризата?

XXX: Имаше опции одредени, варијанти одредени на различни теми врзани со кризата но во дел од нив... дел од нив не беа соодветни за типот на темата која што се разработуваше и потребата на истата на терен или пак лицето кое што ја водеше таа тренинг обука не беше соодветно... со соодветно искуство и соодветно информирано за тоа што треба и со што се соочуваме на терен.

К.Г.: Генерално ако ги земеш и твоите колеги со кои што си работел и од другите организации и државни институции, дали кадарот генерално поседуваше доволно капацитети и знаења и имаше претходно искуство за успешно да се справи со овие теренски ситуации? Или имаше луѓе што беа голи и боси (неразб.)?

XXX: Па со ова врзано во рамки на XXX во која што јас бев дел повеќето беа долгогодишни XXX ама никој од нив... ајде да речам пет посто преку сила беа лица кои што во рамки на кризата не само на терен, општо, околу пет посто од сите вклучени имаа евентуално некое искуство station наназад во годините со мигрантска криза и бегалци но... Капацитети имаше, добар одговор и здружен одговор на терен имаше поради долгогодишно познавање со повеќето луѓе, но соодветна подготовка немаше.

К.Г.: А дали имаше доволно човечки ресурси според тебе?

XXX: Од аспект на бројност, да. Од аспект на квалитет, не.

К.Г.: Според тебе кои мерки би ја подобриле во тој момент состојбата и подготвеноста на терен?

XXX: Во тој момент или сега?

К.Г.: Па и опошто. И тоа и тоа кажи го. Значи во тој момент шо требаше да се направи, а не се направило да речеме, би ја подобрило ситуацијата или сега ако има ново шо треба да се направи.

XXX: Прво сериозна проценка на човечките ресурси кои што се ангажираат. Второ, соодветна дообука и минимум стандарди на обука кои што треба да се... или обуки кои што треба да се поминат пред лицето да биде вклучено на терен, без разлика од потребата или итноста, во таа ситуација. А сега врз основа на соодветна добра и реална евалуација може да се работи на подготовки на зголемување на капацитетите, човечките капацитети и материјално – техничките, во случај на потреба како да се одговори.

К.Г.: Кои беа твоите обврски, некои конкретни активности, која беше позицијата која што ја имаше?

XXX: Како... На почетокот како XXX, првите три месеци, па понатаму наредните три месеци бев XXX во едната смена. Кога мислам едната смена мислам на три дена по дваесет и четири часа. За кратко после тоа да сум XXX на целата активност на XXX на јужната граница. Од спроведување и оперативно изведување и завршување на работите и задачите кои што ги имавме на терен како тим, до делот на дискусија, лобирање, преговарање со останатите актери државни институции одговорни во тој дел како и невладини организации, XXX сектор во насока на здружен одговор и дејствување со цел подостапна услуга и непреклопување во обврските на сите присутни.

К.Г.: А од кого примаше насоки за дејствување?

XXX: Од мојот претпоставен.

К.Г.: Само од претпоставениот од „XXX“ или имаше и други...

XXX: Во насока на генералните активности на „XXX“ насоките што треба да се работи како проблематика, односно сектор на терен се добиени од страна на мојот претпоставен. Во однос на оперативното работење и функционирање на терен беше, пак ќе речам, базирано на соодветни квалитети и квантитети... и капацитети на лицата кои што беа на терен и соодветно распределувани задачите како во рамки на тимот така и меѓу тимовите кои што беа присутни и од другите организации и институции на терен.

К.Г.: Дали според вас... според тебе постоеше национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: Не. Зошто?

К.Г.: Не. Кој според вас беше национален координатор на операцијата? Ако постоеше.

XXX: Во рамки на XXX?

К.Г.: Не. Национален... на операцијата, генерално на активностите. Дали имаше и кој беше тој?

XXX: Па требаше да биде XXX, но тука голема улога зема XXX, односно XXX и XXX каде што иако секој требаше да делува во одреден сегмент во рамки на координацијата на активностите во рамки на мигрантската криза, се преклопуваа, имаа недоразбирање кој во кој дел реално треба да дејствува и до каде се границите на секоја една институција во случајот.

К.Г.: Во тој контекст како течеше, како би ја окарактеризирал теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Со оглед на тоа што беа вклучени локал стаф, лица од местата каде што се случуваа работите во различни организации, соодветно верувам квалификувани, базирано на претходно познавање на локално население, беше подобра комуникацијата од аспект на своевремено вклучени лица, терренски координатори од страна донесени од надвор кои што имаат одредени искуства во рамки на одредени кризи мигрантски, но во поинакви културолошки средини, така да ради волјата на терен и соработката имаше релативно добра координација, комуникација и размена на информации.

К.Г.: А истото тоа со државните институции и органи на терен?

XXX: Па морам да кажам дека индивидуалното однесување си придонесуваше за подобра соработка додека пак политиките кои што беа и насоките дадени соодветно, не секогаш соодветствуваа со реалните потреби и реалните можности за реализација на истите на терен.

К.Г.: Со која меѓународна хуманитарна организација имаше најлесна соработка на терен?

XXX: Не можам да издвојам бидејќи секоја една во различен сектор делува, така да... најлесна соработка... Соработка имаше со сите. Генерално можам да кажам...

К.Г.: Најлесна, наједноставна?

XXX: Најмногу можам да кажам со XXX бидејќи беа поддржувачи во дел од нашите активности и беше обврска да се комуницира, така да и најмногу изградена комуникација имаше со нив.

К.Г.: XXX бевте во тој период со XXX? XXX?

XXX: Во одредени сегменти и активности, да.

К.Г.: Според тебе каков фактор претставуваа меѓународните хумантирани организации за справување со кризата? Битен, важен, голем, мал, потребен, непотребен...?

XXX: Во однос на (ѕвони телефон)...

К.Г.: Јави се. Нема врска, тоа ќе...

XXX: XXX? Чао!

К.Г.: Дис вас изи гоинг. Значи каков фактор беа меѓународните хуманитарни организации, според тебе нормално?

XXX: Генерална слика?

К.Г.: Да.

XXX: Па битен финансиски поддржувач на активностите.

К.Г.: Дали некој и кој ако имаше водеше статистики и надзор на дистрибуирана хуманитарна помош?

XXX: На „XXX“ му беше тоа доделена активност и обврска, така да сите евиденции во однос на дистрибуираното, па и донација од меѓународни организации доаѓаше кај XXX и XXX ја XXX обврската да соодветни листи за дистрибуција на дневно ниво.

К.Г.: Дали постоеше контрола на распределбата на хуманитарна помош и кој ја правеше? Мониторинг?

XXX: Соодветните теренски лица од организациите кои што беа донатори на одредена хуманитарна помош си побаруваа и вршеа релативна контрола на соодветно делење и дистрибуција на хуманитарна помош на терен ама пак ќе речам, за... најмногу фокусирани на она што е нивна хуманитарна помош како истата се распределува.

К.Г.: Кој според тебе... или што беше клучен фактор за спроведување на теренските активности?

XXX: Прво соодветна поделба на активности, координација на дневна и неделна основа за реалните потреби на мигрантите или бегалците во случајов, и реалните капацитети и можности на организациите во кој дел можат да се вклучат и да пружат асистенција.

К.Г.: Што беа најсоодветните чекори кои што се превземаа за справување?

XXX: Редовна координација.

К.Г.: Нешто друго што можеби придонесе да има добар одговор на кризата?

XXX: Конкретно за долу можам да кажам бидејќи на јужната граница бев генерално цел период, некои шес месеци бев и на северната граница. За јужната граница дека имаше благодарение на редовната координација и координативни состаноци, зависно од потребите на терен, групите на мигранти и ситуацијата во делот на транзит, задржување, незадржување и така натаму, поради добрата координација имаше и редовна и брза промена на активностите и промена на потреба од хуманитарна помош зависно од...

К.Г.: Значи адаптација. Што беше несоодветно изменаџирано од страна на државата и организациите? Ако треба да издвоиш некои работи, активности. Шо мањкаше?

XXX: Недоволна комуникација меѓу терен и канцеларија и косење со реални потреби и буџетски можности.

К.Г.: А што најмногу ти пречеше во теренската работа?

XXX: Дискусија со несоодветна личност од несоодветна организација за реализација на одредена активност.

К.Г.: Што сметаш дека од сите активности кои што се превземаа дадоа најголеми резултати за мигрантите, за нивна добробит?

XXX: Брзата адаптација, брзиот одговор, пак ќе речам, брзата, редовна, искрена комуникација меѓу сите актери на терен и зимање во предвид апсолутно хуманитарниот аспект на целата мигрантска криза и состојба.

К.Г.: А дали сметаш дека се даде соодветен одговор и асистенција на терен.

XXX: Генерално? Да. Сегментално и по фази би било поинаку.

К.Г.: Дали се почитуваа и се зачувуваа... и се овозможи да се практикуваат човековите права?

XXX: Да.

К.Г.: Дали сметаш дека имаше доволно хуманитарна помош?

XXX: Доволно хуманитарна помош...

К.Г.: Во добра.

XXX: Имаше но не секогаш таа беше соодветна.

К.Г.: А хуманитарната асистенција дали беше доволна и токму таа што е потребна во дадениот момент?

XXX: Во рамки на целата криза имаше три сегменти на истата на делот на движење на мигранти кога не можеа да користат јавен превоз, движења на мигранти со јавен превоз во рок од седумдес два часа и после тоа забрана за движење на мигранти односно прво селективна поделба на кои држави... мигранти од кои држави можат да поминат, кои не, па и понатаму сместување во рамки на транзитните центри, така да по фази...

К.Г.: Добро. Прашав дали беше доволно хуманитарна асистенција, дали беше соодветна?

XXX: Зависно од фазата но пак ќе кажам периодот на адаптација беше оној период кај шо се... имаше одредени недостатоци, но тоа беше кратко во однос на целокупното траење.

К.Г.: Се спасија ли човечки животи?

XXX: Да, многу.

К.Г.: Може да ми раскажеш некои ситуации? На кратко, прво шо ти доаѓа на памет.

XXX: Па на кратко ситуација што ми доаѓа на памет, не знам сите се генерално долги ама можам да кажам еве од аспект на спасување животи еден дел од нашиот тим долу во интервенција на терен мораше да интервенира и да асистира пораѓај на одредена мајка каде што беше успешно породена со здраво машко дете.

К.Г.: Ако погледнеш station наназад дали се даде соодветен, навремен и успешен одговор на кризата ако треба од еден до десет да го оцениш?

XXX: Со што би го оценил?

К.Г.: Да.

XXX: Осум.

К.Г.: Добро. Тоа е висока оцена. Дали беа доволни државните институции подготвени за одговор на мигрантската криза?

XXX: Не.

К.Г.: Што би променил во целиот процес ако се случи утре нова криза? Кои грешки не смеат да се повторат?

XXX: Подготовка.

К.Г.: А што не смее да се повтори? Повторно исто таа подготовка што недостасуваше?

XXX: Не смее да се повтори задоцнет одговор.

К.Г.: А имаше задоцнет?

XXX: Па во одредени делови, да. Сегменти, да. Моменти каде што трпат луѓето. Кога трпат луѓето, трпи и системот, односно целата хуманитарна асистенција заглавува.

К.Г.: Значи... која е некоја најголема лекција што си ја научил што би ја споделил?

XXX: Никогаш не вели никогаш.

К.Г.: Дека може да се случи (се смешка). Ако утре има нов бран на мигранти, државата дали е подготвена да одговори брзо и ефикасно? Ме интересира сега и државниот и меѓународниот механизам ако се вклучат заедно.

XXX: Па врз основа на цела онаа докумантација која што се изработи од стандарни оперативни процдури пред сè, каде што удел имаат и државните институции и одговорниот... кризниот менаџмент и невладиниот сектор и XXX организациите, доколку се постапува по истото, да. Но сепак мислам дека кадровски не се пополнети...

К.Г.: Позициите.

XXX: Позициите и на институции и на XXX секторот бидејќи се прави нормално регрутација во случај на потреба ама пак оние кои што биле во рамки на досегашната мигрантска криза повеќе од четириесет посто, што и тоа можеби е висок процент, верувам дека нема повторно да бидат дел од некој нареден бран, каде што повторно ќе се... ќе има недостаток на соодветен кадар. Ако нема соодветен кадар и системот на изградена досега координација и комуникација ќе треба да се доработува.

К.Г.: Ова беше за мигранти. А ако е друга хуманитарна итност има државата и организациите тука соодвет... може да дадат соодветен одговор, дали имаат капацитети? Да не бидат мигранти, да биде друга потреба за итност?

XXX: Па активно се работи на системот за кризан менаџмент и превенција. Да.

К.Г.: Кој го координира тоа? Кој го работи?

XXX: Сè уште се моментално обврски првично на XXX, XXX со поддршка од XXX. Ама зависно од сценариото и местото и локацијата, како и (неразб.) на населението и подготвеноста на населението ќе биде импактот на соодветна криза или катастрофа, природна или неприродна.

**Transcription no.20**

Место: Скопје

Датум: 8.8.2022

К.Г.: Добро. Прашањето ми е колку години имате?

XXX: XXX.

К.Г.: Какво и кој степен на образование имате?

XXX: Високо, правен факултет.

К.Г.: (се смее) Затвори ја вратата, ќе XXX. Ќе се транскрибира ова, вклучително и јас шо кажувам (се смее). Дали за време на кризата беше инволвиран волонтески или професионално?

XXX: Професионално.

К.Г.: Добро. Дали тоа беше ангажман кој што се вклучи ад хок, заради кризата или постоеше и од претходно?

XXX: Не. Од претходно.

К.Г.: Добро. Преку која институција или организација?

XXX: XXX.

К.Г.: Добро. Кога ќе се спомне кризата две и петнаеста – две и дваеста какво чувство генерално предизвикува кај тебе?

XXX: Предизвикува чувство на некој историски момент.

К.Г.: Дали се чувствуваше безбедно додека ги обавуваше задачите?

XXX: Да. Со исклучок на одредени ситуации.

К.Г.: Дали сметаш дека беше доволно заштитен од страна на својата организација да ги обавуваш задачите?

XXX: Да.

К.Г.: А имаше претходно учествувано во други кризи и какви?

XXX: Не.

К.Г.: Дали имаше искуство во работа со мигранти и бегалци?

XXX: Да.

К.Г.: Дали беше претходно обучен за хуманитарна асистенција и теренски активности?

XXX: Не.

К.Г.: Дали во текот на работата ти беа понудени обуки и тенинзи за поуспешно справување со кризата?

XXX: Не.

К.Г.: Дали според тебе кадарот имаше и поседуваше доволно капацитет, знаење и претходно искуство за успешно да се справи со теренските ситуации? Зборам целата слика што ја виде таму. Не само од XXX. Од сите организации и владини и невладини. Дали имаше доволно луѓе, дали имаа тие доволно капацитети, дали имаа знаења, икуство?

XXX: Имаше доста луѓе со искуство меѓутоа фалеше координација.

К.Г.: А доволно број на луѓе?

XXX: Доволно број на луѓе за справување со ситуацијата?

К.Г.: Аха.

XXX: Имаше доволно, да. И од страна на институциите и од страна на XXX имаше доволно луѓе.

К.Г.: Значи ресурсите беа доволно човечки?

XXX: Да.

К.Г.: Кои мерки според тебе, би ја подобриле личната значи состојба и подготвеност на терен, твоја? Дали нешто...

XXX: Па моја лична... Проблемот беше, пак ќе речам, во координацијата. Значи доколку... имаше ситуации кај шо не знаевме шо праиме, зошто праиме, како праиме, затоа шо немавме никаква координација со XXX. Секоја XXX имаше насоки од своите XXX или од XXX со кои шо соработуваат меѓутоа ние не знаевме често шо праат другите XXX, шо праи XXX, шо праи XXX, шо праи XXX и така натаму. Така да мислам дека ако тоа беше појасно дефинирано, сите подобро ќе одговоревме на терен.

К.Г.: Кои беа вашите конкретни обврски? Некои активности да ми наброиш?

XXX: XXX имаше два тима на луѓе, еден на северната, еден на јужната граница и тимовите се состоеја од XXX и XXX и теренски соработници. Значи на јужната граница работевме на регистрација на новите лица кои што пристигнуваат во државата. Дополнително имавме преведувачи од арапски, фарси, урду, пашту и сите тоа што успеавме да ги најдеме јазици. И имавме XXX кои што им објаснуваа за XXX, транзитот, додека се луѓето во нашата земја. Јас конкретно ја координирав работата на северната граница на Табановце.

К.Г.: Од кого примавте насоки за дејствување?

XXX: XXX во тој момент имашпе договор со XXX за обезбедување на овие услуги на јужната граница, а на северната граница као точка на излез XXX нели не беше активна на почетокот и не работеше. А ние, нашиот одговор таму беше финансиран од страна на XXX, конкретно XXX XXX како XXX. А насоки за наше дејствување и наш одговор ги договаравме во канцеларијата на XXX.

К.Г.: Сега ова е повторување на веќе нешто што го кажа ама ај уште еднаш, дали постоеше национална координација и усогласеност на активностите?

XXX: Не во целост. Постоеше некоја координација меѓутоа често имавме поклопување на надлежностите помеѓу институциите, нејасна рамка кој што треба да прави, па така најмногу тоа се чувствуваше помеѓу XXX и XXX затоа што откако се прогласи кризна состојба по Закон за управување со кризи, XXX има улога на координација меѓутоа XXX има сопствен систем за одговор при вакви ситуации, посебно кога се работи за бегалци

мигранти. И законската рамка не даваше јасни насоки кој што треба да прави, односно иако XXX беше надлежен само за координација, во одредени моменти XXX навлегуваше и во управување, менаџирање на состојбите и така натаму. Додека пак XXX има нели согласно закон надлежности по кои што треба да постапува меѓутоа овде сè уште остана нејасно тие два транзитни центри дали... и кој е нивниот правен статус во државата. Единствена одлука шо ја имаме на XXX е да се формираат тие два транзитни центри, меѓутоа ништо понатаму. Ние до ден – денес...

К.Г.: А сè уште не се знае?

XXX: Немаме куќен ред, немаме правила и насоки кој треба, што треба да прави таму и така натаму.

К.Г.: Чии се уствари сега тие транзитни центри? На XXX или на XXX?

XXX: Ние пративме допис до XXX пред некое време и прашавме каков е статусот на прифатно – транзитниот центар Винојуг и каков тип на центар е тој. Одговорот од XXX... од XXX беше дека се работи за центар од отворен тип кој што е во надлежност на XXX. Од страна на XXX добивме одговор дека се работи за центар од затворен тип, на истото прашање за кој што надлежен е XXX. А XXX одби да ни одговори каков тип на центар е. Така што можам со сигурност да кажам дека никој во XXX не знае каков тип на центар е, какви лица може да престојуваат таму, врз основа на кој закон и кој е куќниот ред таму. Шес години после кризата.

К.Г.: А која е вашата лична препорака ова да се реши, како да кажам, да... Шо би требало... што е најсоодветното решение? Шо би бил предлог?

XXX: Како прво, после шес години ние немаме доволно оправдувања да постои кризната состојба во државата затоа што никој во државата не може да каже во моментот дали ова сега е моментална кризна состојба или ова е реалноста во која што живееме, кај што има постојани миграциски движења низ Балканот, а и низ Македонија. Така што, под број еден е сериозно да се пристапи кон разгледување на потребата од постоење на кризна состојба. Под број два, да се уреди статусот на прифатно – транзитните центри Винојуг и Табановце по примерот на како тоа го имаат регулирано земјите од Европската Унија. Дали со тие таканаречени хот-спот центри или некои други форми. Затоа што кај нас во Македонија

согласно законите има два типа на центри. Доколку се работи за бегалци баратели на азил, има прифатен центар за баратели на азил. Доколку се работи за странци со нерегулиран престој кои што влегле на незаконит начин во државата и се во постапка за нивно враќање, постои прифатен центар за странци кој што е надлежност на XXX. Значи ние хибриди од типот на центри кај што лицата ќе можат да престојуваат определен период...

К.Г.: Да се одморат.

XXX: Да се одморат, да добијат храна и сѐ, ние во закон немаме такви центри. Доколку сакаме да ги имаме, мораме да најдеме законско решение. Тоа што јас мислам дека е реално оправдано, имаме потреба да го направиме е да се формира еден прифатен центар на јужната граница, па еве нека биде и на северната граница каде што ќе имаме комбиниран... кој што ќе биде продолжение на прифатниот центар за странци кој што е во Гази Баба. Овој центар кој што би бил на јужната и на северната граница би требало во него да се постапува согласно законот за странци и сите лица кои што на незаконит начин влегле во државата, треба да имаат постапка за нивно враќање доколку не побараат азил. Постапка за нивно враќање, конкретно во сличајот на лицата од Грција, треба да биде согласно договорот за реадмисија со Европската Унија. И под најинтно XXX мора да го потпише билатералниот протокол со Грција за спроведување на договорот за реадмисија. Сите враќања кои што се прават во Грција од Винојуг назад во Грција, во моментот се незаконски. Затоа што XXX... и тоа е нотирано и во извештајот на XXX дека сите враќања, зборуваме за десетици илјади луѓе годишно, се на незаконски начин. Односно нашата XXX само ги префрла на грчка територија без официјално примо-предавање на XXX лица, без дописи, без документации и така натаму. Тоа мора да престане.

К.Г.: Многу можам да навлезам во оваа тема, ама ајде, затоа што се фокусирам на прашањата, според вас, ако треба еден да кажеме, кој беше национален координатор на операцијата?

XXX: Не знам.

К.Г.: Како течеше и како би ја окарактеризирале теренската комуникација помеѓу меѓународните хуманитарни организации?

XXX: Во... како да кажам, во... Имаше некој тип на координација која што ја организираше XXX.

К.Г.: Да, второто прашање, може и да ги сврземе, како беше општо комуникацијата со државните институции и органи на терен? Значи и со меѓународните комуникацијата ама и со државните институции и органи?

XXX: Со еден збор – хаотично. Затоа што имаше некоја координација која што ја спроведуваше XXX, меѓутоа не беше редовно, не беше постојана и не се... како да кажам... не ги засегаше сите, не беа сите вклучени во таа координација. Значи тие беа... тие XXX на XXX каде што по Закон за управување со кризи мора да се одржуваат тие XXX на XXX, каде што по покана присуствуваа и XXX и таму се дискутираа, се носеа заклучоци за управување со кризата. Меѓутоа XXX често и сами меѓу себе се координираа, посебно во делот на одговорот према настанатата состојба, дали е тоа од аспект на донации, дали од аспект на човечки ресурси, дали од аспект на донирање на опрема некој вид и така натаму. И често се случуваше да XXX сами директно комуницираат, без координација, директно со XXX, со XXX. Па така може да се случи, на пример одредена XXX директно да договори со XXX некоја донација без тоа воопшто да биде искоординирано и дискутирано на XXX. Или пак директно со XXX или со XXX, значи воопшто не можам да кажам дека имаше некоја координација како што треба да има во однос на работата на терен. Конкретно во делот на работата исто така не беше усогласена. Еве ќе ви кажам дека ние работевме на терен и сѐ уште работиме таму без никаков формален договор со XXX. Значи ние работевме на XXX на XXX XXX, XXX преку петсто илјади нови лица, имавме четириест луѓе кои што работеа на XXX, а притоа немавме никаков договор ниту со XXX, ниту со XXX за овој дел. И најголем дел од XXX кои што работеа, кои што беа присутни на терен работеа само со единствена пропусница издадена од XXX без да достават извештај за својата работа до XXX, без да достават програма за работа, без да достават нешто што значи опис и попис на нивните работни позиции.

К.Г.: Со која меѓународна хуманитарна организација вие имавте најлесна соработка?

XXX: Со XXX и со XXX.

К.Г.: А според вас каков фактор претставуваа од теренска гледна точка меѓународните хуманитарни организации за справување со кризата?

XXX: Придонесоа многу, особено затоа што имаа големи средства на располагање. Огромна хуманитарна помош им беше дистрибуирана на самите мигранти и бегалци, со помош на меѓународните организации се изградија транзитните центри буквално од нула така што мислам дека без помошта посебно финансиска на меѓународните хуманитарни организации, одговорот немаше да биде на тоа ниво.

К.Г.: Дали водеше и кој водеше статистика и надзор на дистрибуирана хуманитарна помош?

XXX: Тоа не би знаел.

К.Г.: Постоеше ли контрола на распределба на хуманитарна помош и ако да, кој го правеше тоа?

XXX: Не можам да се сетам, мислам дека нешто имаше, меѓутоа и да имаше контрола немаше целосна координација во однос на кој што дистрибуира и така натаму.

К.Г.: Што според тебе беше клучен фактор за спроведување на теренските активности во целата криза?

XXX: Како мислиш клучен фактор?

К.Г.: Што овозможи да се имплементираат активности, шо беше онака... ако погледнеш од пет години, шо беше онака најважно?

XXX: Најважно беше дека милион луѓе поминаа без ниеден посериозен инцидент. А мислам дека тука голема улога имаа луѓето кои што работеа на терен од организациите, од сите организации затоа што на некој начин ја олеснуваа целата комуникација со луѓето. Не е пријатно кога ќе видите само војници и полицајци со оружје околу вас, а имате илјадници мали деца во еден ден. Мислам дека луѓето, преведувачите, тие културни медијатори или тие шо го знаат јазикот имаа огромна улога затоа што нели кога ќе дојде човек во туѓа земја и кога некој ќе му зборне на неговиот јазик одма е веќе подруго. И мислам дека и нивниот пристап беше многу подобар спрема целата ситуација. Така што мислам дека тие беа... И трето, извини, трето и голема улога колку и да звучи едноставно, не е едноставно затоа што во некои земји беше проблематично, е тоа што самата држава Македонија им овозможи

пристап на сите меѓународни и домашни организации да работат на терен. Во некои земји тоа беше доста ограничено така да ова е една голема позитива за Македонија.

К.Г.: Дали ова би значело дека би се пресликаво во тоа кои беа најсоодветните чекори кои што се превземаа за справување со кризата или можеби би додале нешто? За успешно справување.

XXX: Да, секако. Мислам доколку повторно се соочиме... затоа што видете, овој тип на криза, обезбедување на заштита при транзит е многу специфичен, затоа што... и не само за нас. Специфичен е и во светски рамки затоа што досегашните хуманитарни кризи секогаш биле да се овозможи поддршка и помош на луѓето кои што бегаат од најразлични причини на едно место, значи дали е тоа кампови, дали е тоа центри, дали е тоа некои определени држави. Ваков тип на поддршка кај што милион луѓе поминуваат низ шес земји во многу краток период и притоа да им се обезбеди поддршка е многу специфичен. Така што мислам дека од тој аспект мора да се... дополнително да се проучува овој тип на помош. И секако ако самиот начин на комуникација помеѓу земјите... Вие имате... сега ние имавме многу случаи непридружувани малолетници, деца, можеби жртви на трговија со луѓе и така натаму кои што... немавме ние механизам на XXX и соработка. Денес се луѓето во Македонија, ние можеби сме идентификувале некои рани знаци на определени индикатори, утре лицата се наоѓаат во Србија и ние нема на кој да кажеме во Србија. И сето тоа беше на доброволна основа, па ние ќе побараме некој во Србија, во Прешево, па некој да дознае и така натаму. Таков вид на комуникација посебно меѓу XXX мораше да постои. Затоа што дури... дури еве конкретно за непридружуваните малолетници доколку ние имаме во Македонија, се назначи старател, доколку лицето оди понатаму во Србија мора да се извести тамошниот старател и постојано да се следи тоа дете каде е, што е. Значи има многу елементи од оваа криза кои што треба да се анализираат и да се стават во некоја рамка.

К.Г.: Го немам како прашање, ама сега ме поттикна, како ќе го окарактеризираш или не знам... дали ќе му дадеш хајлајт воопшто на оној дел од дозволата за седумдесет и два часа ако не се лажам престој, односно слободно транзитирање.

XXX: Да, да, да. Значи тоа е намера за...

К.Г.: Придонесе, добро ли беше?

XXX: Да, сега... значи тоа е намера за признавање на право за азил... намера за барање на азил и тој како механизам постоеше во законодавствата и во Србија и во Хрватска уште многу претходно, пред нас, меѓутоа тоа што е разликата меѓу кај нас и кај нив е тоа што Србија во законот вели дека вие мора прво да имате намера, па да поднесете барање за азил.

К.Г.: А кај нас е директно.

XXX: Нашиот закон ти вели – бирај, или сакаш намера или сакаш барање за азил. Кога се диску... кога се донесе тој член во законот, ние имавме забелешки, зборувам како XXX затоа што сметавме дека е несе... не е избрана најсоодветната формулација. И тоа се покажа во пракса, затоа што на крај за период од една година ние имавме некаде седумсто, осумсто илјади намери за барање на азил во Македонија, а помалце од сто апликации за азил. Значи самото тоа кажува дека нашата... дека не соодветствувала со реалноста тој XXX... таа правна формулација. Тој што ние што се залагавме во тој момент, затоа што сметавме дека е посоодветен е некој тип на хуманитарен влез, визи за хуманитарен влез, некој тип на транзитен документ, некој тип на нешто што повеќе ќе соодветствуваше со реалноста. Затоа што факт е дека тие седумсто илјади луѓе немаа намера да бараат азил, а ние вештачки ги прикажавме дека тие сакаат да бараат азил во Македонија затоа што тоа е законот.

К.Г.: Многу работи кажавме ама што сметате дека беше несоодветно изменаџирано од страна на организациите и државните институции.

XXX: Од страна на XXX сметам дека XXX на XXX беше доста проблематична. Висината на цената за тие билети посебно во еден таков хуманитарен про... ситуација која што ја имавме, XXX, колку беа, пет, десет евра од лице билет за воз беше доста проблематично и мислам дека XXX, треба да се види. Друга работа во однос на XXX организации, мислам дека премногу беа фокусирани на тоа да ги спроведат нивните проектни активности, нивните насоки кои што ги добиваа од нивните XXX кај и да се и тој притисок сам си ствараше ситуации на терен кај што се правеа работи кои што во тој момент можеби беа непотребни или можеби на друг начин би било посоодветно. Меѓутоа тука и комуникацијата со XXX затоа што и тие не ја изменаџираа добро состојбата. Јас спомнав дека имаше ситуации кај што денес XXX вели – ни треба тоа, тоа, тоа и тоа, на пример еве конкретно – ни треба тоалети за Винојуг, следна недела веќе пет XXX имаат обезбедено фондови за изградба на тоалети и не можат да се договорат кој да ги реализира.

К.Г.: Што најмногу ти пречеше во...

XXX: Па еве токму ова, да.

К.Г.: Што од превземените активности според тебе даде најголеми и најсилни резултати за мигрантите?

XXX: Па мислам дека тоа што го спомнав, добивањето на информација, приемот, да нема таква милитантна средина кога тие ќе дојдат, кога ќе транзитираат, да биде помалку стресно, да добијат колку – толку некаква помош, информација, затоа што во тој момент најмногу им требаше информација, ништо друго.

К.Г.: Сметате ли дека се даде соодветен одговор и асистенција на терен?

XXX: Да.

К.Г.: Дали успешно се почитуваа, зачуваа и се овозможи да се практикуваат човековите права?

XXX: Не во целост затоа што за разлика од другите земји XXX правеше профилирање на граница, значи тоа што е недозволиво и во еден момент дозволуваше само лица од Сирија, Ирак и Авганистан да поднесат намери за азил во Македонија и да влезат во државата што го нема ниту во уставот наш, ниту во било кој закон, а тоа е резултат на еден регионален договор на XXX од Македонија, Србија, Хрватска, Австрија и Словенија кај што Македонија е обврзана да го праи тоа XXX на јужната граница. И тоа беше голем, сериозен предизвик затоа што ние за сметка за тие... на тој, ќе го наречам политички договор, ние си ги суспендиравме и законот и уставот и се доби во пракса. Многу други состојби XXX односно луѓето кои што работеа на терен, од XXX добиваа политички насоки како да постапуваат наместо да постапуваат по закон и сметам дека ова е особено опасно затоа што XXX е таа која што мора највеќе да се држи до законот. Секое постапување надвор од законот отвара пандорина кутија за во иднина и така натаму.

К.Г.: Дали имаше доволно хуманитарна помош во кризата?

XXX: Да, имаше.

К.Г.: Дали имаше доволно простор, можност за хуманитарна асистенција да се даде и дали се даде доволно?

XXX: Да.

К.Г.: Се спасија ли човечки животи?

XXX: Да, многу.

К.Г.: Имате некоја ситуација што би раскажале евентуално нешто...

XXX: Не можам да се сетам на конкретни ситуации меѓутоа имаше многу разделени семејства, изгубени деца кои што со помош на „XXX“ и со другите XXX се споија, се најдоа. Имаше доста стресни ситуации меѓутоа пак ќе речам, за една ваква од овие размери ситуација да се... да помине сѐ безбедно за милион луѓе е огромен успех за сите кои што беа вклучени во овој процес.

К.Г.: Ако погледнеме station наназад, на скала од еден до десет, се даде соодветен, навремен и успешен одговор на кризата?

XXX: Да.

К.Г.: Од еден до десет.

XXX: Од еден до десет – седум.

К.Г.: Дали државните институции беа доволни и доволно подготвени да се одговори на кризата, сами?

XXX: Па мислам дека би се снашле и би одговориле затоа што вклученоста на XXX, на XXX, на тој дел, мислам дека беше на соодветно ниво меѓутоа мислам дека ќе имаше многу поголем број на инциденти, многу понемили сцени како дел од тие што ги гледавме по странските медиуми доколку не постоеја меѓународните организации и невладините организации. Све тоа ќе беше некако на погруб начин организирано и направено.

К.Г.: Ќе ги спојам следните три прашања во едно, односно одговорот нека биде во едно. Што би промениле вие, кои грешки не смее да се повторат и кои се научените лекции?

XXX: Добро, прво како една XXX која што се стреми еве да има XXX и владеење на правото, во ниту еден случај не би дозволил никој во XXX да постапува надвор од закон, ниту пак да XXX со XXX и со други XXX решенија затоа што мислам дека тука капацитетот на XXX се гледа, затоа што како вие ќе се претставите еве конкретно во XXX, затоа што со нив комуницираме, така и тие ќе ве гледаат. Ако ние речевме како XXX – за нас е законот и уставот посилен од ова што го барате вие како XXX – мислам дека самиот однос спрема XXX ќе беше поинаков. Второ, се даде еден приказ дека кога ќе дојде до вакви ситуации вие ги гледате сите инвестиции, да речам конкретно во XXX, во нивни обуки, тренинзи, па и опрема кои што ќе можат да дојдат до израз во одредена ситуација. Нас ни почна најголема мигрантска криза, пола XXXсе жалеа дека немаат соодветна опрема, алишта, чизми и така натаму. Значи тоа беше многу поразително XX XXX. Па баравме донации во таква опрема, што е недозволиво. Второ, сметам дека системот за XXX мора да се реформира за да даде одговор на вакви и на слични ситуации затоа што оваа криза само уште еднаш покажа дека имаме сериозен проблем на релација XXX, XXX, XXX и така натаму. Така да мислам дека тие неколку работи се клучни. И секако да не дозволиме да ни постојат шес години центри без законска основа.

К.Г.: Ако утре има нов бран на мигранти, дали е државата подготвена да одговори брзо и ефикасно?

XXX: Зависи што се подразбира под брзо и ефикасно. Ние можеме многу брзо и ефикасно да поставиме XXX...

К.Г.: И да не може никој да влезе.

XXX: ...Околу луѓето, меѓутоа за да одговориме на вистински начин согласно сите стандарди, не сме подготвени.

К.Г.: А доколку се случи друг тип на хуманитарна итност, дали ова беше некаква лекција за тоа, дали тогаш државата и институциите, па и организациите заеднички се...

XXX: Па беше, да. Видете, ние... еве конкретно ние како XXX доста научивме од оваа криза, меѓутоа и понатаму бевме вклучени уште во две други кризи, кога се случија поплавите во Стајковци и тогаш се активиравме со XXX и исто сега кога беше ковид, исто бевме дел од XXX на XXX и проблемите се повторуваат. Така да цело време зборуваме за недостатоци

низ тој XXX и дај боже да немаме посериозна ситуација затоа што ние ако на вакви помали ситуации не научиме да го подобриме системот, на поголеми тешко.